**Република Македонија**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бр.19-5608/1**
**9.11.2009 година**
**С к о п ј е**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 12-11-2009 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 4745 | 1 | |

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132, 179 и 181 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-буџет на Република Македонија за 2010 година, што го утврди на седницата, одржана на 5.11.2009 година.

За претставници на Владата во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата и министер за финансии и Недим Рамизи, заменик на министерот за финансии, а за повереници Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерството за финансии и Вера Проковиќ, раководител на Сектор во Министерството за финансии.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Никола Груевски**

Подготвил: Сузана Пољоска
Контролирал: Митра Спасовска
Одобрил: Стојан Тодоров

цб/

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата и министер за финансии
и
Недим Рамизи, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ: Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерството за финансии
и
Вера Проковиќ, раководител на Сектор во Министерството за финансии

ПРЕДЛОГ – БУЏЕТ
на Република Македонија за 2010 година

Скопје, ноември 2009 година

**БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЗА 2010 ГОДИНА**

## I ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Буџетот на Република Македонија за 2010 година се состои од:

**во илјади денари**

| | | **Буџет 2010** |
|---|---|---|
| **I.** | **Вкупни приходи** | **143.257.000** |
| | - изворни приходи | 136.592.000 |
| | - капитални приходи | 3.833.000 |
| | - донации | 2.832.000 |
| **II.** | **Вкупни расходи** | **153.720.000** |
| | - утврдени намени | 153.320.000 |
| | - резерви | 400.000 |
| **III.** | **Дефицит** | **10.463.000** |
| | од тоа | |
| | **Прилив** | **18.506.000** |
| | - домашни приливи | 4.390.000 |
| | - странски заеми | 14.116.000 |
| | - депозит | 0 |
| | **Одлив** | **8.043.000** |
| | - отплата на главнина | 8.043.000 |

## ВОВЕД

Фискалната политика рефлектирана преку Буџетот на РМ за 2010 година ги отсликува континуираните напори на Владата на РМ во справувањето со последиците од глобалната економска криза, одржување на макроекономската стабилност и максимален придонес кон заживување на македонската економија и остварување на позитивни стапки на економскиот развој. При тоа одржувањето на макроекономската стабилност и поставувањето на економскиот развој на здрави основи, како и натамошното спроведување на координираната фискална и монетарна политика се императив на политиката на оваа влада за наредната година и наредниот среднорочен период.

Поддршката на фискалната политика во наредната година ќе биде насочена и кон реализација на националниот приоритет за стекнување на полноправно членство во ЕУ како кулминација на дводецениската социјална и политичка трансформација, кој треба да донесе многу погодности за граѓаните вклучувајќи и економски просперитет за земјата.

## Тековен макроекономски амбиент

Интензивирањето и продлабочувањето на економската криза, како и влошувањето на економската активност во земјите од регионот придонесоа во текот на 2009 година потенцијалот за раст на македонската економија да биде значително намален. Негативните ризици, кои првично се сметаше дека македонската економија ќе ја погодат со умерен интензитет, започнаа да се реализираат со засилена динамика, придонесувајќи за опаѓање на вкупната економска активност. Сепак, компаративната анализа укажува дека Република Македонија релативно подобро ја поднесе кризата во однос на останатите земји во регионот. Така, падот на БДП од -1.2% во првата половина од 2009 година е речиси најнизок во регионот и во земјите на Европската унија.

| | К-1 2009 | К-2 2009 |
|---|---|---|
| ЕУ 27 | -5,2 | -5,6 |
| Бугарија | -3,5 | -4,9 |
| Чешка | -4,4 | -5,8 |
| Германија | -6,4 | -7,1 |
| Естонија | -15,0 | -16,1 |
| Ирска | -9,3 | -7,4 |
| Грција | 0,3 | -0,4 |
| Шпанија | -3,7 | -4,5 |
| Франција | -3,2 | -3,3 |
| Италија | -6,4 | -6,2 |
| Кипар | 0,9 | -1,1 |
| Латвија | -18,0 | -18,7 |
| Литванија | -13,3 | -19,5 |
| Унгарија | -6,7 | -7,5 |
| Малта | -1,9 | -3,3 |
| Холандија | -4,5 | -5,4 |
| Австрија | -4,7 | -4,6 |
| Полска | 0,9 | 1,2 |
| Португалија | -4,4 | -4,1 |
| Романија | -6,2 | -8,7 |
| Словенија | -8,3 | -9,3 |
| Словачка | -5,6 | -5,3 |

| | | |
|---|---|---|
| Финска | -7,5 | -9,5 |
| Шведска | -6,9 | -7,0 |
| Велика Британија | -4,8 | -6,0 |
| Хрватска | -6,7 | -6,3 |
| Турција | -14,3 | -7,0 |
| Македонија | -0,9 | -1,4 |

Извор: Еуростат

Ваквиот резултат се должи на реформите кои Владата на Република Македонија интензивно ги преземаше во изминатиот период. Спроведените реформи во даночната свера, воведувањето на рамниот данок, реформата на социјалните придонеси и воведувањето на концептот бруто плата, електронското плаќање на даноци, воведениот естонски модел на данок на добивка, олеснувањето на надворешната трговија, воспоставувањето на катастарот на најголем дел од територијата на Република Македонија, беа дел од бројните реформи кои ги спроведе Владата на Република Македонија, а кои значително придонесоа за високиот економски раст во 2007 и 2008 година, како и за нискиот пад на економската активност во 2009 година. Ваквите реформски активности се трансформирaа во успешни политики за спречување на длабока рецесија, придонесувајќи за понизок пад на економската активност во 2009 година споредено со другите земји. Се разбира позитивни реперкусии врз македонската економија имаа и трите пакети на анти-кризни мерки кои беа претставени, а чија основна цел беше поддршка на македонските претпријатија во справувањето со економската криза. Воп услови на најостра криза во светот, Република Македонија продолжи да чекори по зацртаниот пат на подобрување на функционалноста на пазарната економија и креирање услови за севкупен раст и развој, што беше потврдено и со прогрес репортот на Европската комисија во кој беше потврдено дека Владата на Република Македонија успеа во зачувувањето на макроекономската стабилност и покрај негативните ефекти од глобалната финансиска криза. Бројни реномирани меѓународни институции оддадоа признание за постигнатите резултати во економското реструктуирање. Така, извештајот Doing Business на Светска банка го потврди остварениот напредок рангирајќи ја нашата земја 37 места погоре во однос на 2008 година (од 69 на 32 место) пред сите балкански и голем дел од европските земји. Прогресот беше верификуван и од страна на Светскиот економски форум кој во неговиот Извештај за глобалната конкурентност ја рангираше Македонија на 84 место (скок за 5 места во однос на 2008 година).

Анализирајќи ги податоците, падот на реалниот БДП во вториот квартал од 2009 година изнесуваше 1,4%, што претставува натамошно економско влошување после остварениот негативен раст во првиот квартал од 2009 година од -0,9%. По гранки, најзначаен пад беше остварен во индустријата (-13,6% погодена од намалената извозна побарувачка), дејноста на хотели и ресторани (-9,1%) и сообраќај и врски (-5,6% заради намалениот транспорт на извозни добра). Од друга страна, трговијата, градежништвото, земјоделството и финансиското посредување се сектори кои со остварениот позитивен раст во второто тримесечје, го ублажија падот на БДП.

Во однос на септември 2008 година, индексот на индустриско производство забележа пад од 9,8%, што претставува речиси исто остварување во однос на август оваа година и что е потврда за можна стабилизација на состојбите во индустријата. Падот на индустриското производство е концентриран во преработувачката индустрија (-11,4%), која има и најголемо учество во индустрискиот аутпут. Ова секако се должи на фактот што врз преработувачката индустрија влијаеја негативните аспекти на кризата: пад на домашната и

надворешната побарувачка. Намалувањето на годишниот пад на производството на основни метали за 3,8 процентни поени е охрабрувачки, особено во услови на висок пад на вкупната преработувачка индустрија. Пад забележа и секторот вадење на руди и камен од 2,4%, додека секторот снабдување со електрична енергија, гас и вода забележа годишен раст од 4,6%. Најголем негативен придонес во падот на индустриското производство има намаленото производство на основни метали (4 процентни поени од вкупниот пад од 9,8%).

Сепак, на месечно ниво индексот на индустриското производство во септември 2009 година забележа двоцифрен раст од 13,6%, кој се надоврза на месечниот раст реализиран во август 2009 година од 7,5%. Кумулативно, во периодот јануари-септември 2009 година, индексот на индустриско производство во однос на истиот период од претходната година забележа ублажен пад од 12,4%.

Индексот на трошоци на живот, како просек, во првите девет месеци од годината изнесува -0,4%, што претставува состојба на дефлација во економијата. Значителното намалување на цените на енергенсите и храната на светските берзи во однос на истиот период од 2008 година, поддржано со повисоката споредбена основа, е главната причина за ова остварување. Впрочем, падот на цените на храната и горивата имаше доминантен придонес во вкупниот пад на цените во овој период.

Како и другите мали и отворени економии, Република Македонија трпи негативни последици од светската рецесија и намалената побарувачка од страна на странските партнери, пред се фирми од еврозоната. Оттука, во надворешниот сектор, во периодот јануари-јули 2009 година анализирано во евра, беше забележан пад на извозот од 33,6%, додека падот на увозот беше помал и изнесуваше 24,5%, при што трговскиот дефицит се намали за 9,8% споредено со истиот период од 2008 година. Побавниот пад на увозот од извозот претставува доказ и за високата увозна зависност на Македонија и бавното приспособување на увозот на потрошувачки добра.

Во услови на понизок трговски дефицит, како и речиси исто ниво на приватни трансфери како минатата година, во анализираниот период дефицитот на тековната сметка изнесуваше 6,4% од планираниот БДП, што претставува намалување од 2 процентни поени во однос на истиот период од минатата година.

Наспроти економските предизвици со кои е соочена македонската економија, во социјалната сфера се регистрирани позитивни остварувања. Имено, последните статистички податоци за пазарот на работна сила во вториот квартал од 2009 година (Анкета на работна сила[1]) покажуваат пораст на бројот на вработени лица за околу 31,000 во однос на истиот квартал од минатата година, или за 4,9% од вкупната вработеност. Со тоа, стапката на вработеност, на квартално ниво, се зголеми за 2 п.п. и достигна 43,8%. Бројот на невработени лица регистрирани во Агенцијата за вработување, кој и во услови на криза се одржува на ниво под 350 илјади, на крајот од септември 2009 година изнесува 341,893.

Стапката на невработеност во вториот квартал од 2009 година изнесува 31.9%, што во однос на истиот квартал од претходната година претставува намалување за 2,1 п.п. Рамниот данок, реформата на социјалните придонеси, концептот бруто плата како и активните мерки за зголемување на вработеноста придонесоа, невработеноста во услови на криза не само да не се зголеми туку и да се намали.

[1] Население на возраст од 15 -64 години (методологија на Еуростат).

Во периодот јануари-јули остварен е номинален раст на просечната нето плата од 27,4% и реален раст од 27,5%, пред се поради воведувањето на концептот на исплата на бруто-плата и остварената ниска стапка на инфлација во овој период. Во јули 2009 година, 3,4% од работниците не примиле плата, што е за 5,4% помалку во споредба со истиот период од 2008 година. Анализирано по дејности, најголем пораст на месечната нето плата е остварен во секторот Услуги од 29,1%, следен од секторите Земјоделство (26%) и Индустрија (24,2%). Според проценките на Министерството за финансии, доколку се исклучи ефектот од воведувањето на концептот на бруто плата (конкретно инкорпорирање на надоместоците за храна и превоз во нето платата, и намалените стапки на социјални придонеси), порастот на нето платите во 2009 година и понатаму би бил доста висок, околу 12%.

**Очекувани макроекономски движења за 2010 година**

Имајќи ги во предвид негативните импликации од светската криза, според направените анализи и проекции, Бруто домашниот производ ќе забележи пад од околу 1.5% во третиот квартал од 2009 година, додека економското закрепнување кое започна во периодот јули-август се очекува да забележи позасилен интензитет во четвртиот квартал од 2009 година. Во 2010 година економското заздравување на македонската економија се очекува да продолжи, при што македонската економија во 2010 година ќе оствари стапка на раст од 2% во услови на стапка на инфлација исто така од 2%. Ваквите проекции се темелат на очекувањата за надминување на светската економска криза во земјите кои се најголеми трговски партнери на Република Македонија, како и очекуваниот пораст на цените на светските берзи на најзначајните извозни производи во Република Македонија. Се разбира, светското закрепнување ќе значи и реализација на бројните најавени инвестициски проекти во Република Македонија што ќе придонесе за интензивирање на екномската активност.

Од аспект на производствената страна, квантитативните економски анализи, укажуваат за постепено заздравување на индустриското производство уште во првата половина од 2010 година, кога растот ќе изнесува 2 до 3%, за да во втората половина од годината се очекува интензивирање на рстот од 3-3,5%. Во секторот градежништво, како резултат на амбициозната владина програма за инфраструктурен развој на земјата, изградбата на аеродромите, регионалните и локалните патишта се предвидува раст од околу 3%. Секторот транспорт се очекува да се развива во согласност со случувањата во индустријата (со оглед на тоа што индустријата е најголемиот корисник на транспортните услуги). Другите услуги (трговија, туризам и финансискиот сектор) се очекува да реализираат умерен раст помеѓу 2% и 3%. Највисок раст се предвидува дека ќе оствари телекомуникацискиот сектор, имајќи во предвид дека Република Македонија сериозно напредува во користењето на информатичката технологија и во процесот на дигитализација.




Извор: Министерство за финансии

Од расходна страна, се очекува заздравување кај инвестициите во основни средства како резултат на зголемената инвестициска активност на јавниот и на приватниот сектор, како и на пониската споредбена основа од 2009 година. Покрај базниот ефект, очекувањата за надминување на кризата во светски рамки, ќе придонесе за враќање на инвестицискиот оптимизам и обновување на потрагата по дестинации со ниски трошоци во рамките на кои Македонија котира прилично високо. Реализацијата на најавените инвестиции во Технолошко индустриските зони, аеродромите, инфраструктурата и енергетиката се претпоставки врз чија основа се очекува реален раст на инвестициите од 8% во 2010 година и нивен позитивен придонес во растот на БДП од 2,1 п.п. Намалувањето на трошоците на работна сила како резултат на дополнителното намалување на социјалните придонеси, воспоставениот катастар на целата територија на Република Македонија, естонскиот модел на данок на профит (оданочување на добивката само при нејзина дистрибуција), добиената препорака од страна на Европската комисија за почеток на преговорите, оценката за соодветноста на макроекономските политики од страна на Меѓународниот монетарен фонд, високите оценки за слободата на медиумите и намалувањето на корупцијата (потврдено од индексот за корупција на Transparency International) претставуваат огромен поттик за странските инвеститори.

Очекуваното поинтензивно заздравување на германската економија како втор најголем трговски партнер на Република Македонија, општото заживување на европските економии како и структурните реформи за олеснување на надворешната трговија, а потврдени во извештајот на Европската комисија и во Извештајот на Светска Банка – Doing business 2010, се очекува позитивно да влијаат врз извозот кој се предвидува дека ќе оствари позитивен реален раст од 8% во 2010 година. Ваквата проекција се темели и на очекуваниот пораст на цените на металите на светските берзи. Со оглед на тоа што македонската економија е високо увозно зависна, очекувањата се дека увозот ќе расте со стапка од 8,5% во реални вредности што ќе влијае нето извозот да има негативен придонес во растот од 2,7 процентни поени.

Согласно среднорочните проекции, фискалната политика ќе има прудентен карактер со буџетски дефицит не поголем од 2.5%. Ваквата владина политика ќе придонесе јавната потрошувачка да оствари позитивен придонес во растот од 0,4 п. п. Приватната потрошувачка исто така ќе има позитивен придонес во растот, имајќи ги во предвид очекувањата за номинален раст на платите и вработеноста од 3% и раст на кредитите кон приватниот сектор од 10%.




Извор: Министерство за финансии

Стапката на инфлација во 2010 година се очекува да биде ниска и стабилна и истата да изнесува околу 2%, при што ваквата проценка се заснова на постепениот пораст на светските цени, како и врз основа на стабилната состојба кај регулираните цени во Република Македонија. Притоа, во 2010 година се очекува понатамошен повисок раст на цените на услугите во услови на стабилни цени на прехранбените производи. При тоа се очекува да продолжи трендот на намалување на учеството на храната во потрошувачката кошничка и приближување на нејзиното учество до нивото на понапредните земји во транзиција.

Во социјалниот сектор, се очекува да продолжи силниот раст на вработеноста присутен во 2009 година. Имено, според проекциите во 2010 година растот на вработеноста се очекува да биде поголем од 3%, а невработеноста да се намали за 1,5% до 2%, со што до крајот на 2010 година невработеноста во Република Македонија ќе се намали на ниво под 30%. Како резултат на реформата на системот на социјално осигурување, бруто платата ќе се намали за 1% во 2010 година, додека нето платата ќе реализира номинален раст од 2-3%.

## БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

Се до продлабочувањето на економската криза во Република Македонија се водеше адекватана комбинација на фискалната и монетарната политика, со единствена цел одржување на макроекономската стабилност и планираните стапки на развој.
Со Буџетот на Р.М. за 2009 година фискалната политика беше дизајнирана во насока на фискално стимулирање на очекуваното забавување на економската активност како последица на намалувањето на светската економија, преку интензивирање на инвестициони вложувања во продуктивни проекти. Имено многу земји во светот особено оние со низок степен на задолженост се определија за контрациклична фискална политика, како единствен начин преку експанзивна политика да се поддржи економскиот развој.
Меѓутоа набргу продлабочувањето на економската криза и екстерните шокови од глобалните движења на светската економија соодветно се рефлектираа и во македонската економија, особено во вториот квартал од годината, кое ја наметна потребата за соодветно фискално консолидирање на јавните финансии, односно донесување на Ребаланс на Буџетот за 2009 година. Во услови на натамошни негативни рецесиони движења, фискалната политика се најде пред нови

предизвици, помеѓу потребата за фискално стимулирање на македонското стопанство и одржување на макроекономска стабилност. За таа цел беше подготвен и вториот Ребаланс на Буџетот за 2009 година, во насока на натомошно фискално прилагодување на јавната потрошувачка со негативните макроекономски движења и оптимална комбинација помеѓу продуктивните инвестициони вложувања кои значат ангажирање на градежниот сектор потребата за обезбедување на макроекономска стабилност и социјална сигурност на граѓаните.

Имено во пракса се повеќе се потврдува дека контрациклична фискална политика тешко може да се реализира во услови на ограничени можности на делување на централните банки, ограничен пристап на пазарот на кредити за финансирање на дефицитот и потребата за одржување на стабилен девизен курс. Намалувањето на девизните резерви во многу земји во светот го потврдија ограничениот простор за реализирање на експанзивна политика.

Оттука како императив за наредната 2010 година се наметнува потребата од креирање и имплементирање на фискална политика која на конзистентен начин ќе обезбеди првенствено оддржување на макроекономската стабилност, контрола на фискалното трошење во согласност со приходите и оддржување на стабилен фиксен курс на денарот. При тоа економската криза е прилика и за подобрување на квалитетот на јавните расходи во насока на намалување на учеството на тековните расходи во БДП, креирајќи простор за инвестиции во јавната инфраструктура и инвестиции во други продуктивни проекти со единствена цел поттикнување на заздравувањето на македонското стопанство.

Поставена на вакви основи фискалната политика во 2010 година ќе се остварува во рамките на планираните приходи во износ од 143.257 милиони денари, кои ќе бидат наменети за финансирање на планираните расходи во износ од 153.720 милиони денари. Вака планираните приходи и расходи ќе резултираат со низок и контролиран дефицит од 2,5% од планираниот БДП, во рамките на кој е вклучен дефицитот на основниот буџет од 1,9%, дефицитот на Агенцијата за државни патишта од 0,2%, дефицит на Фондот за ПИОМ од 0,1% и дефицитот на проектите финансирани од странски кредити од 0,3%.

При тоа проектираните приходи и расходи во Буџетот за 2010 година се прикажани по нова приходна и расходна класификација, која обезбедува поголема транспарентност во прибирањето и трошењето на јавните финансии.

## Буџет на Република Македонија за 2010 година

| | Буџет 2009 | Буџет 2010 |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | ***138.459*** | ***143.257*** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **112.940** | **118.303** |
| Даночни приходи | **74.010** | **77.405** |
| Придонеси | **38.930** | **40.898** |
| **Неданочни приходи** | **20.978** | **18.289** |
| **Капитални приходи** | **1.675** | **3.833** |
| **Донации** | **2.866** | **2.832** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | ***149.594*** | ***153.720*** |
| **Тековни расходи** | ***130.326*** | ***131.188*** |
| Плати и надоместоци | *23.516* | *22.842* |
| Стоки и услуги | *19.075* | *17.204* |
| Трансфери до ЕЛС | *12.796* | *12.894* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Субвенции и трансфери | *10.123* | *11.229* |
| | Социјани трансфери | *62.316* | *63.436* |
| | Каматни плаќања | *2.500* | *3.583* |
| **Капитални расходи** | | **19.268** | **22.532** |
| **ДЕФИЦИТ** | | **-11.135** | **-10.463** |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | | **11.135** | **10.463** |
| **Прилив** | | ***19.167*** | ***18.506*** |
| | Домашни извори | 4.493 | 4.390 |
| | Странски извори | 14.674 | 14.116 |
| | Депозити | 0 | 0 |
| **Одлив** | | ***8.032*** | ***8.043*** |
| | Отплати на странско задолжување | 2.240 | 2.497 |
| | Отплати на домашно задолжување | 5.792 | 5.546 |

Во наредната 2010 година ќе продолжи да се спроведува даночна политика и политиката на намалени придонеси како континуитет на превземените реформи уште пред започнувањето на кризата, со единствена цел растоварување на стопанството, зголемување на просторот за инвестирање и креирање на нови работни места, кое во крајна линија ќе резултира со зголемување на профитабилноста и конкурентноста на македонските компании. На ваков начин се испрати сигнал до бизнис заедницата и се обезбеди зголемување на довербата во конзистентноста на оваа политика. Фактот што во последните две години функционирањето на државата се одвиваше во услови на најниски стапки на персонален данок на доход и данок на добивка, обезбедија поголема издржливост и виталност на македонската економија. Ако кон ова се додадат и намалените стапки на придонеси, која како мерка многу земји од регионот ја превземаа како заштита од кризата, реално се потврдува фактот дека македонската економија успешно се справи со последиците од кризата и дека фискалната политика даде свој придонес. Очекувањето заживување на економската активност во глобални рамки и влијанието врз заздравувањето на македонското стопанство дава основа за планирање на умерен пораст на вкупните приходи од околу 3,3% во однос на 2009 година, при што зголемувањето во најголем дел ќе го понесат даночните приходи кои се планирани на повисоко ниво од 4,9%.

Во 2010 ќе продолжи да се имплементира системот на интегрираната наплата на социјалните придонеси и персоналниот данок на доход како и концептот на бруто плата, кое ќе влијае на натамошно зајакнување на фискалната дисциплина, обезбедување на редовна исплата на плати на вработените и подобрување на наплатата на персоналниот данок на доход. Врз овие основи овој приход е планиран на повисоко ниво од 7,2% во однос на оваа година.

Најголеми приходи се очекува да се остварат по основ на данокот на додадена вредност како одраз на очекуваното интензивирање на економската активност во македонската економија , прометот и извозот и истиот е планиран на повисоко ниво од 4,9% во однос на оваа година. При проекцијата на овој приход земени се ефектите од последното воведување на повластена стапка, односно намалување на даночната стапка од 18% на 5% за промет со вода за наводнување на земјоделско земјиште, како и за првиот промет со станбени згради и станови во период од пет години по изградбата.

Во наредната 2010 година ќе продолжи со имплементација системот на данок на добивка воспоставен на почетокот од 2009 година, со кој даночните обврзници се ослободени од обврската за плаќање на данок по основ на нераспределена

добивка, се до моментот на нејзина распределба во вид на девиденди. На ваков начин се зголемува просторот на компаниите за реинвестирање на остварениот профит во унапредување на своето работење и отварање на работни места што е од особено значење во овие кризни услови. Приходите по овој основ за наредната година се планирани на пониско ниво за околу 12%, пред се заради големиот транзициониот трошок во почетокот на воведувањето на оваа мерка, при што нето позитивните ефекти ќе бидат видливи веќе на среден рок.

Од наредната 2010 година надлежноста околу управувањето со акцизите се пренесува од Управата за јавни приходи во царинската управа за целата територија на државата, со што се очекува вклучување на македонскиот царинскиот орган во единствениот информативен систем за следење на акцизните добра кој функционира помеѓу земјите членки на ЕУ. Во услови на поефикасно оперативно управување со акцизите и зајакнување на фискалната дисциплина во нивната наплатата, приходите по основ на акцизи се планирани на повисоко ниво од околу 4,7%.

Во 2010 година ќе продолжи со имплементација политиката на намалени социјални придонеси со поблага динамика на намалување, при што во вкупен износ стапките на социјалните придонеси се намалуваат од 28,4% на 27%, односно за 1,4 п.п. што ќе влјае врз натамошно поефтинување на трошоците на работната сила и обезбедување на простор за инвестирање. При тоа во согласност со планираниот пораст на бројот на вработените и порастот на платите, приходите по овој основ се планирани на повисоко ниво од 5%. Успешноста на политиката на намалени социјални придонеси претставува тест на влијанието на фискалната политика врз политиката на повисоки стапки на економски развој,

Останатие приходи се планирани на приближно исто ниво при што во рамките на неданочните приходи вкалкулиран е и приходот по основ на диведенда од АД Телеком во ист износ како и оваа година, а во рамките на капиталните приходи вфклучени се ефектите од продажбата на земјиштето за едно евро на приватните и правните лица, кое ќе резултира со поголема наплата по овој основ.

Во рамки на вака проектираните приходи Владата на Република Македонија се одлучи за натамошно спроведување на рестриктивна буџетска потрошувачка со нагласен акцент на рестриктовност и ригорозна контрола на непродуктивните трошоци, за сметка на продуктивните инвестиции во инфраструктурни проекти и други капитални проекти што значат зголемено ангажирање на градежниот сектор и домашните компании. На ваков начин во услови на намалена побарувачка како последица на глобалната рецесија, јавната потрошувачка ќе даде скромен придонес во заживувањето на економската активност и заздравувањето на економијата.

Политиката на намалени даноци и придонеси како и утврдениот таргет за низок и контролиран дефицит од 2,5% од БДП, обезбедија лимитиран простор на јавни расходи и нивно планирање со минимален пораст од 2,8%. Во рамките на вкупните расходи значително е подобрена структурата и квалитетот на расходите со значително поголемо учество на капиталните расходи за 1,8 п.п (од 12,9% во 2009 на 14,7% во 2010година), за сметка на тековните расходи чие учество е на приближно исто ниво како во оваа година (од 87,1% во 2009 година на 85,3% во 2010 година). Во овие рамки :

-Расходите за исплата на плати се планирани на пониско ниво од 2,9% во споредба со оваа година и истите се во согласност со продолжување на политиката за замрзнување на новите вработувања, освен вработувањата согласно Охридскиот рамковен договор и ЕУ интегративните процеси (вкупно 1.000 вработувања со ефект од 238 милиони денари), ефектот од нови 274 професионални војници во АРМ пресметани од септември, ефектот од зголемувањето на платите согласно колективните договори во образованието,

ефектот од пензионирање на 200 лица во МВР, како и вклучен ефект од намалени придонеси .

- Расходите за стоки и услуги се планирани на пониско ниво од околу 10,% во однос на оваа година и истите ќе обезбедат редовно подмирување на обврските за нормално извршување на функциите на државата. Во проекцијата на овие расходи вградено е планираното намалување на сите непродуктивни трошоци, со исклучок на започнатите активности за реализација на одделни проекти на Владата на Р.М, сврзани пред се со набавката на бесплатните учебници во образованието во износ од 450 милиони денари (како обврска од оваа година) со цел целосна имплементација на овој проект, обврските за превод и печатење на книгите од оваа година и имплементација на втората фаза од овој проект, набавка на редовни вакцини, ХПВ вакцини и вакцини за грипот AH1N1 во вкупен ефект од 655 милиони денари.

- Во рамките на планираните социјални трансфери за редовна и навремена исплата на пензиските надоместоци, надоместоците за материјално обезбедување на невработените лица, обезбедување на здравствените услуги како и исплата на социјални надоместоци обезбедени се средства во зголемен износ од 1,8%, во услови на намалени приходи на социјалните фондови по основ на пониски стапки на придонеси. Во овие рамки обезбедени се средства за редовна и навремена исплата на пензии во износ од 34.932 милиони денари за вкупно 280.100 корисници на пензии, во кои е вграден ефектот од законското усогласување на пензиите во вкупен износ од 0,5% согласно законските прописи, како и трансфер за приватните пензиски фондови во износ од 2.920 милиони денари за 256.565 корисници. За исплата на надоместоци за невработените лица планирани се средства во износ од 1.948 милиони денари за 27.080 корисници на ова право, како и 280 милиони денари за активни мерки за вработување. За покривање на здравствените услуги планирани се средства во износ од 18.872 милиони денари со цел континуирано и квалитетно обезбедување на осигурените лица со здравствени услуги и лекови.

Во овие рамки средствата за покривање на законските права на корисниците на социјална и детска заштита планирани се на исто ниво додека дополнителни средства се планирани за отварање на дневни центри и народни кујни за назагрозените категории на граѓани.

-Расходите за покривање на обврските по основ на камати се планирани согласно амортизационите планови за сервисирање на обврските на државата, вклучувајќи ги обврските по основ на издадената еврообврзница и по основ на камати по кредитните линии од ЕИБ за мали и средни претпријатија и истите се планирани на повисоко ниво за 43% во однос на оваа година.

-Расходите за субвенции и трансфери се планирани на повисоко ниво од 10,9% во однос на оваа година, пред се заради зголемените субвенции во земјоделието во износ од 100 милиони евра, поддршка на програмите во земјоделието, редовна исплата на ученичките и студентските стипендии, поддршка на мали и средни претпријатија, како и обезбедување на државна помош за инвеститорите во индустриските развојни зони.

-Капиталните расходи зголемувајќи го своето учество во вкупните јавни расходи особено преку вложувањата во патната и железничката инфраструктура како и со реализација на други проекти ќе дадат скромен придонес во заживувањето на економската активност и поттикнувањето на развојот. При тоа во рамките на Агенцијата за државни патишта ќе се реализираат инвестиции во вкупен износ од 5.300 милиони денари (вклучително и трошоци за експропријација и подготовка на проекти) или за 4% повеќе во однос на оваа година, кои ќе се финансираат од кредитните линии од Светска банка и ЕБРД наменети за патните правци од Коридор X (довршување на Табановце-Куманово и изработка на проектна документација за Демир Капија-Смоквица), за реконструкција на регионални патни правци и изградба и рехабилитација на

локални патишта во сите општини, како и од сопствени средства за изградба на патните правци: Штип-Струмица, Коњско-Кожув, обиколница Охрид, Тетово-Јажинце, Кичево-Дебар, Коломот-Близанско, Градско-Прилеп, Катланово-Велес и др. Инвестициите во железничката инфраструктура планирани во вкупен износ од 320 милиони денари ќе бидат наменети за одржување на постојаната железничка инфраструктура од Коридор X, субвенција на нерентабилниот патнички сообраќај, како и изработка на физибилити студија за изградба на железничката пруга Коридор VIII, додека за отпочнување на градба на железничката пруга од Коридор VIII во текот на годината ќе се разгледа можноста за обезбедување на средства од странски извори.
Инвестициите во областа на транспортот (изградба на водоснабдителни и канализациони системи во повеќе населени места во износ од 100 милиони денари, изградба на каскадни прегради на р. Вардар во вкупен износ од 80 милиони денари), во областа на животната средина (изградба на пречистителни станици во Волково, Сарај и Гевгелија во вкупен износ од 46 милиони денари, копање на бунари за потребите на Дојранското езеро во износ од 36 милиони денари), во областа на образованието (изградба и реконструкција на основни и средни училишта во износ од 365 милиони денари, изградба на училишни и спортски сали во износ од 102 милиони денари, реконструкција и изградба на ученички и студентски домови во износ од 26 милиони денари, и опремување и реконструкција на универзитетите во вкупен износ од околу 240 милиони денари) инвестициите во областа на социјалната и детската заштита (реконструкција и изградба на детски градинки и социјални институции во износ од 141 милиони денари), инвестициски активности за доуредување на Тирз Скопје-1 и започнување на изградба на ТИРЗ Скопје-2, ТИРЗ Штип и ТИРЗ Тетово (во износ од 445 милиони денари), како и завршување и продолжување на повеќе проекти во областа на културата (изградба на стар театар, музеи и концертна сала) во основа претставуваат значателно ангажирање на градежниот сектор и вработените во овој сектор и поттик за интензивирње на економската активност.
Планираните расходи во Буџетот на Република Македонија за 2010 година обезбедуваат доволен простор за национално кофинансирање, ДДВ и средства од ИПА фондовите, сврзани со централизираната и децентрализираната имплементација на проектите финансирани со ИПА фондови.
Проектираниот дефицит од 2,5% од планираниот БДП воглавно ќе се финансира со кредит од Светска банка и ЕБРД, домашно задолжување преку издавање на државни хартии од вредност во нето износ од околу 3.989 милиони денари, кредитни линии наменети за финансирање на одделни проекти, како и од друго странско задолжување.

**Очекувани среднорочни движења**

Владата на Република Македонија останува доследна на своите заложби да обезбеди континуитет на економската политика насочена кон забрзување на економскиот раст, зголемување на конкурентноста и профитабилноста на македонската економија и подобрување на животниот стандард на граѓаните. На среден рок, се очекува ефектите од економската криза во светот да бидат надминати, а Република Македонија да се врати на патеката на остварување релативно повисоки стапки на економски раст и интензивирање на процесот на приближување кон европските економии.

Согласно ова, во периодот 2010-2012 година, предвидувањата се дека просечната стапка на раст на БДП ќе биде околу 3,5%, при што нивото на стапката на економски раст од периодот пред кризата, се очекува да биде постигната во 2012 година (проекција од 5%) кога процесот на заздравување на економијата во суштина ќе биде заокружен.

Од аспект на производствената страна на БДП, главен двигател на растот се очекува да бидат услугите во целина. После силната контракција во 2009 година, во следните три години  се очекува заживување на индустријата и нејзина повторна главна улога во нагорното придвижување на БДП.

Од аспект на расходната страна, главен двигател на економскиот раст се очекува да биде личната потрошувачка, која во анализираниот  период ќе оствари просечна стапка на раст од 5,2%. Ефектите од реформите во даночната и социјалната сфера, подобрувањето на бизнис климата, очекуваното интегрирање на Република Македонија во Евро-атлантските структури, како и зголемувањето на јавните инвестиции, ќе придонесе до зголемување на инвестициската активност во земјата, при што бруто инвестициите се очекува реално да растат од околу 13%, како резултат на ефектуирањето на одложените инвестиции поради кризата. Во наредниот сренорочен период се се очекува извозот и увозот на стоки и услуги да остварат пораст  од 12% и 10%, соодветно. По остварените дефлаторните движења во 2009 година, на среден рок се очекува умерен раст на стапката на инфлација, која се предвидува да биде ниска и да се движи помеѓу 2 и 3%.

Во вакви услови во наредниот среднорочен период ќе продолжи да се спроведува фискална политика со контролиран и низок дефицит од 2-2,5% од БДП, генерално насочена кон одржување на макроекономската стабилност и креирање на потребен буџетски простор за клучни инвестирања во инфраструктурни проекти.

## ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Македонија кои се превземаат за реализација на стратешките приоритети и истите се во функција на забрзување на економскиот раст, интензивирање на интеграционите процеси на Република Македонија во НАТО и ЕУ, борба против корупцијата, спроведување на еднакви права на етничките заедници и инвестиции во образованието. Овие приоритети се дефинирани и содржани во повеќе документи на Владата на РМ и тоа: Одлука за утврдување на стратешки приоритети, мерки и активности за реализација на главните приоритети за пристапување во ЕУ, Макроекономска политика, претходните аранжмани со ММФ и повеќето документи за заеми од Светската банка, Рамковниот договор итн.

Средствата за финансирање на владините програми се обезбедуваат од буџетски средства, од донации и од заеми од Светската банка и други меѓународни финансиски институции. Во многу случаи, утврдените владини програми се усогласуваат со редовните активности на одделните министерства со давање на приоритет за нивното финансирање. Најдобар пример за тоа е Министерството за одбрана, каде што голем дел од оперативните политики и процедури се променети во насока на исполнување на стандардите за влез во НАТО.

Фискалната политика за наредната година рефлектирана во Буџетот за 2010 година, има за цел да обезбеди имплементација на овие програми, информации за користењето на средствата, континуитет во реализацијата, како и следење на успешноста во исполнувањето на стратешките приоритети.

*Во илјада денари*

| Про-грама | Назив | Општ буџет од централни приходи | Буџет на донации | Буџет на самофинансирачки активности | Буџет на заеми | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А | Децентрализација | 12,894,707 | 0 | 0 | 0 | 12,894,707 |
| Б | Мерки за намалување на сиромаштија | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 200,000 |
| В | Унапредување на одбраната и безбедноста | 261,680 | 0 | 0 | 0 | 261,680 |
| Г | Јакнење на владеењето на правото | 35,887 | 0 | 0 | 110,358 | 146,245 |
| Д | Економски развој | 1,484,338 | 505 | 17,000 | 0 | 1,501,843 |
| И | Реформа на здраството | 5,045 | 0 | 0 | 119,000 | 124,045 |
| К | Реформа на јавната администрација | 417,338 | 0 | 300 | 0 | 417,638 |
| М | Интеграција во ЕУ | 204,974 | 549,736 | 0 | 0 | 754,710 |
| Н | Информациски и комуникациски технологии | 797,918 | 1,367 | 0 | 0 | 799,285 |
| О | Регионален развој | 248,800 | 0 | 0 | 0 | 248,800 |
| Т | Инвестиции во образованието | 519,700 | 79,150 | 0 | 241,157 | 840,007 |
| | **Вкупно** | **17,070,387** | **630,758** | **17,300** | **470,515** | **18,188,960** |

**ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ**
**(вкупен износ, во илјада денари 18.188.960)**




Во посебниот дел на Буџетот за 2010 година, програмските компоненти кои се извршуваат од страна на буџетските институции се прикажани како програми кај одделни буџетски институции. Во продолжение се резимирани владините програми.

## А. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Децентрализација на надлежностите до локалните власти и подобрувањето на нивниот капацитет заради стимулирање на економскиот раст и обезбедувањето на локалните услуги, како и подобрувањето на образовниот и културниот развој на општините се јавува како приоритет согласно Рамковниот договор и Мерките и активностите за реализација на главните приоритети за пристапување во ЕУ. Повеќе меѓународни институции и влади на други држави обезбедија техничка и финансиска помош во процесот на спроведувањето на децентрализацијата.

Општините превзедоа надлежности во повеќе области кои се особено значајни за населението, со што се зголемија и обврските за јакнење на капацитетите за управувањето со поголем обем на финансиски средства, кои со законите им се доделени за реализација на нивните изворни и пренесени надлежности.

Оваа програма се реализира преку две *потпрограми А0-Децентрализација* и *А2-Пренесување на надлежности на ЕЛС*. Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа предвиден е фазен пристап на фискалната децентрализација и оценување на исполнетоста на условите за премин кон втората фаза.

Првата фаза отпочна да се спроведува во втората половина на 2005 година со пренесување на надлежностите на општините и потребните ресурси за нивно извршување. Во утврдениот законски рок, две години потоа, стартуваше втората фаза. Врз основа на објективни критериуми за оценка на исполнетост на условите, пристап до блок дотации имаат 80% од општините и истите се во втората фаза од фискалната децентрализација.

До крајот на 2010 година се очекува со блок дотации да се финансираат сите општини во областите на образованието, културата, детската заштита и згрижувањето на стари лица со пренесувањето на надлежностите и извршената евалуација на исполнетоста на условите за втората фаза на фискалната децентрализација.

Финансирањето на пренесените надлежности на општините во рамките на дејноста на основното и средното образование се врши преку Министерството за образование и наука, со наменска и блок дотација врз основа на критериуми утврдени со уредби донесени од страна на Владата на Република Македонија.

Надлежностите пренесени во дејностите од културата целосно се финансираат преку Министерството за култура за расходите поврзани со програмите за локалните културни установи, согласно со критериумите утврдени во уредбите донесени од страна на Владата на Република Македонија, односно со наменски и блок дотации.

Надлежностите во општествената заштита на децата и социјалната заштита се финансираат за пренесените надлежности во овие дејности, преку Министерството за труд и социјална политика, со наменските и блок дотации врз основа на критериуми утврдени во уредбите донесени од страна на Владата на Република Македонија.

Финансирањето на платите, додатоците од плати и надоместоците за вработените во територијалните противпожарни единици кои се пренесени на општините се врши преку Министерството за внатрешни работи во согласност со утврдени критериуми во уредба донесена од страна на Владата на Република Македонија.

Финансирањето на пренесените надлежности во општините во областа на образованието - основни и средни училишта, културата, социјалната заштита и заштита на децата - домови за стари лица и детски градинки и во противпожарните територијални единици во текот на 2010 година се врши самостојно од страна на општината, преку наменски и блок дотации. Износите на средства за финансирање на расходите со наменски и блок дотации обезбедуваат непречено извршување на овие надлежности (Прилог 1: Преглед на наменски и блок дотации за пренесените надлежности по општини).

## Б. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Оваа програма ги опфаќа активностите кои се однесуваат на зголемување на вработувањето, како и посебни проекти за подобрување на

условите за живеење во неразвиените подрачја во функција на намалување на сиромаштијата. Активностите во рамките на оваа програма се подетално објаснети во развојниот дел на буџетот преку следните *потпрограми: БА-Поттикнување на вработувањето; ББ-Ревитализација на села; БВ-Електрификација на села,* кои како развојни се повеќегодишни потпрограми во функција на економскиот развој.

## В. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА

Целта на оваа програма е унапредување на одбранбените и безбедносните активности на Република Македонија и поттикнување на Министерството за одбрана како носител на овие активности да продолжи со интензивирање на процесот за влез во НАТО. Активностите од оваа програма се подетално објаснети во развојниот дел на буџетот преку *потпрограмата ВА-Интеграција во НАТО,* како развојна повеќегодишна потпрограма, која индиректно придонесува за зголемување на економскиот развој на Републиката.

## Г. ЈАКНЕЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Целта на оваа програма е реализирање на антикорупциските иницијативи на Владата; продлабочување на соработката со меѓународниот кривичен суд; борба против организираниот криминал и продолжување со реформата на судството. Активностите од оваа програма се реализираат преку потпрограмите: *ГА-Реформа на судството* која е објаснета во развојниот дел од буџетот, *Г1-Борба против корупција и организиран криминал* и *Г2-Борба против трговија со луѓе и илегална миграција.*

*Потпрограмата Г1-Борба против корупција и организиран криминал* ги опфаќа планираните активности за 2010 година предвидени со Акцискиот план за борба против корупцијата како еден од врвните приоритети на Владата на Република Македонија.

Акцискиот план за борба против корупцијата ги опфаќа мерките и активностите во надлежност на министерствата, органите на државната управа и другите државни органи во надлежност на Владата на Република Македонија, кои имаат за цел спречување на корупцијата и организираниот криминал во следните области: политички систем, Собрание и политички партии, правосудство, јавна администрација и локална самоуправа, органи за спроведување на законот-надзорни тела, економски и финансиски систем, приватен сектор, граѓанско општество, медиуми и синдикати. Реализацијата на мерките и активностите од Акцискиот план за борба против корупцијата ќе придонесат: да се ревидира законодавството за употреба на специјалните истражни мерки во делот на кривичните дела поврзани со корупцијата, да се донесе програма за конфликт на интереси, да се постигнат резултати од примена на новите измени на Законот за спречување на корупцијата во врска со имотната и материјалната состојба итн.

Во рамките на *потпрограмата Г2-Борба против трговија со луѓе и илегална миграција* ќе се реализираат мерки и активности на спречување и откривање на дела и сторители од обласата на организираниот криминал, недозволена трговија со луѓе и префрлување на мигранти-илегална миграција, преку превенција, поддршка и заштита на жртви на трговија и мигранти, истрага и кривично гонење на трговија со луѓе и илегална миграција. Притоа, се планира спроведување на проактивни истраги за трговија со луѓе и илегална

миграција и контиунирана меѓународна полициска соработка во спроведување на заеднички меѓународни истраги.

## Д. ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Со цел интензивирање на економскиот развој како еден од главните стратешки приоритети и креирање на нови работни места, Владата на Република Македонија создава услови за подобрување на деловната клима и развивање на приватниот сектор. Активностите од оваа програма се реализираат преку следните потпрограми: *ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ДВ-Технолошки индустриски развојни зони, ДГ-Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, ДЕ-Поддршка на инвестициони вложувања*, кои се прикажани во развојниот дел од буџетот како повеќегодишни развојни потпрограми, кои придонесуваат за развојот. Во рамките на оваа програма се реализираат и активностите во потпрограмите: *Д4-Економска промоција и Д7-Унапредување на деловните активности.*

Во *потпрограмата Д4-Економска промоција* во рамките на Владата на Република Македонија реализирани се активности за промоција на Македонија во странски земји како туристичка дестинација, обезбедување на бесплатна обука за компјутери за сите заинтересирани граѓани на Република Македонија, подигнување на свеста на граѓаните за читање на книги, за етика и етичко однесување, јавна чистота и отпад, почитување на добрите вредности. Превземени се ангажмани и активности во насока на проучување на постојната клима за инвестирање преку идентификување на најразлични форми на пречки во економијата, правниот и политичкиот систем.

Во рамките на оваа потпрограма Агенцијата за странски инвестиции во текот на 2010 година продолжува со реализација на активностите за зајакнување на процесот на економска промоција, а во насока на подигнување на свеста на странците за инвестиционите погодности кои ги нуди Република Македонија. Редовно се проширува маркетинг базата на податоци за економските индикатори и компаниите-потенцијални инвеститори од земјите кои ги покриваат економските промотори и се ажурираат анализите за индустриските сектори.

*Во потпрограмата Д7-Унапредување на деловните активности* се реализираат активности во насока на реализација на Програмата на Владата на Република Македонија во делот на подобрување на вештините на менаџерите во Република Македонија и зголемување на конкурентноста на македонските компании. Продолжуваат активностите за подобрување на регистрацијата на деловната активност, зајакнување на конкурентноста на секторот претпријатија, унапредување на домашното производство и укинување на бариерите за влез на странски инвестиции во земјата.

## И. РЕФОРМА НА ЗДРАВСТВОТО

Активностите во рамки на програмата Реформа на здравството - проект кофинансиран со заем од Светска банка и техничка помош од Холандската Влада, во суштина претставуваат континуитет на активностите во изминатиот период, главно насочени кон надградување на капацитетот на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување за формулирање и ефективна имплементација на политиките за здравствена заштита, здравствено осигурување, финансиски менаџмент и склучување на договори со вршители на услуги, како и развивање и имплементирање на ефикасна шема

на реструктуирање на болничките услуги, со акцент на развивање на услуги за дневна нега и зајакнување на примарната здравствена заштита.

Активностите од оваа програма се подетално објаснети во развојниот дел на буџетот преку *потпрограмата ИА - Реформа на здравството,* со оглед на тоа што активностите се реализираат повеќе години и со одделни компоненти на заемот сврзани со реконструкција на клиниките се придонесува кон забрзување на економскиот развој.

## К. РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во рамките на оваа програма се реализираат активности сврзани со потребата за зајакнување на капацитетот на јавната администрација и формирање на ефикасна државна администрација оспособена за успешна имплементација на интеграционите процеси во ЕУ и НАТО. За таа цел се спроведуваат обуки и усовршување на јавната администрација за ефикасно управување со буџетските средства, имплементација на ефикасни контролни механизми во управувањето, унапредување на финансиското управување на фондовите, како и натамошно усовршување на вработените со ЕУ регулативите.

Оваа програма се реализира преку две потпрограми: *К2 - Стручно оспособување и усовршување* и *К5 - Соодветна и правична застапеност на заедниците.*

*Потпрограмата К2 - Стручно оспособување и усовршување* ги опфаќа реформите во јавната администрација во насока на зголемување на квалитетот, капацитетот и професионалноста на јавната администрација која има носечка улога во евроатланските процеси и оспособување за генерички обуки на државните службеници, како составен дел на Годишната програма за 2010 година.

Во рамки на *потпрограмата К5 - Соодветна и правична застапеност* на заедниците се обезбедува адекватна застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

## М.ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ

Дел од активностите од оваа програма ќе се реализираат преку *потпрограмата М4 - Поддршка на институции за приоритетни ЕУ проекти* во Секретаријатот за европски прашања во која се планирани средства за набавка на софтвер за Интегрирано гранично управување.

Во рамките на оваа програма се прикажани и активностите поврзани со користењето на средствата од ИПА фондови во функција на реализација на стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија за започнување на преговорите за членство на Република Македонија со Европската Унија.

Финансирањето преку ИПА фондовите се програмира и имплементира преку следните компоненти:

*МА - Помош при транзиција и институционална надградба;* Како корисници на средства од првата компонента на ИПА се јавуваат повеќе ресорни министерства, агенции и државни органи на кои се однесуваат проектите во рамките на оваа компонента и тоа во следниве области:

*1. Добро владеење и владеење на правото:* кои проекти имаат за цел исполнување на политичките критериуми, градење на институциите и јакнење на капацитетите за децентрализирано управување со фондовите од ЕУ.

*2. Економски развој и социјална кохезија:* кои проекти се наменети за подобрување на инвестиционата клима, подобрување на административните

капацитети на централно и локално ниво во областа на фискалната политика (наплата на даноци, контрола на трошоците и сл) и институционална надградба во областа на регионалната политика како придонес за подобра имплементација на националните и регионалните развојни планови.
*3. Acquis:* проекти поврзани со законодавството на ЕУ во областа на јавните финансии, статистика, царинско работење, институционално зајакнување на капацитетите на регулаторните тела, дирекции, инспекторати и управување со земјиштето.
*4. Техничка помош:* проекти наменети за поддршка при подготовка на проекти (изработка на тендерско досие и друга проектна документација како поддршка за реализација на компонентите 3, 4 и 5).

*МБ - Прекугранична соработка;* Втората компонента од ИПА има за цел да ја зајакне соработката помеѓу пограничните региони на Република Македонија со сите соседни земји, со цел обезбедување и развој на добрососедските односи, зајакнување на стабилноста, безбедноста и просперитетот во заедничките односи на сите земји и поттикнување на нивниот рамномерен развој.

Координацијата на активностите околу реализацијата на средствата од втората компонента на ИПА е обврска пренесена на Министерството за локална самоуправа.

*МВ - Регионален развој;* Третата компонента има за цел да ја подготви земјата за користење на средствата од Структурните и Кохезионите фондови на ЕУ. Со Оперативната програма за регионален развој 2007-2009 година ќе се финансираат проекти во областа на транспортот (70-80% од вкупните алокации) и проекти во областа на животната средина (20-30% од вкупните алокации).

Имплементатори на реализацијата на проектите финансирани во рамките на Третата компонента на ИПА се Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање.

*МГ - Развој на човековите ресурси;* Четвртата компонента на ИПА ги поддржува проектите во областа на вработувањето, образованието и социјалното вклучување. Проектите во областа на вработувањето имаат за цел привлекување и задржување на вработените преку подобрување на информатичката инфраструктура на Агенцијата за вработување, поддршка при спроведување на Стратегијата за вработување, подобрување на состојбата на младите луѓе, жените и невработените лица на пазарот на труд. Проектите во областа на образованието се насочени кон инвестиции во човечки капитал преку подобрување на образовниот процес во насока на негово прилагодување на потребите на пазарот на труд како и подеднаков пристап за сите етнички заедници до образовните институции. Проектите во областа на социјалното вклучување се насочени кон зајакнување на интегрирањето на луѓе со посебни потреби, развој на инфраструктура за алтернативни форми на социјални услуги, унапредување на социјалната вклученост, интегрирање на малцинствата, како и активно учество на граѓанскиот сектор.

Во реализацијата на проектите финансирани во рамките на четвртата компонента од ИПА учествува Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука.

*МД - Рурален развој;* Петтата компонента ги поддржува проектите кои ќе овозможат достигнување на стандардите на ЕУ воспоставени во областа на земјоделското производство, преработката на храна и руралниот развој. Помошта преку оваа компонента е насочена кон поддршка на проекти поврзани со инвестиции во земјоделски и преработувачки капацитети и маркетинг на земјоделски производи и риба, како и подобрување и развој на руралната инфраструктура и обука на земјоделците.

Проектите кои се предвидува да бидат финансирани со средствата од ИПА фондовите се наведени во развојниот дел на буџетот.

## Н. ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

Во рамките на оваа потпрограма е предвидено спроведување на низа проекти во функција на развојот на ИКТ во Република Македонија, со што би се обезбедило забрзување на циркулацијата на информациите меѓу органите на управата, креирање и водење на централна база на податоци за водење на секторите за информатика на државната управа, со што ќе се обезбеди цврста ИТ основа за сите хоризонтални програми со директна или индиректна поддршка на реализацијата на приоритетите на Владата на Република Македонија, притоа овозможувајќи масовно продирање на ИКТ до сите граѓани.

## О. РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Целта на оваа програма е промовирање на рамномерен регионален развој на државата и намалување на диспаритетите во степенот на развиеност меѓу планските региони. Активностите од оваа програма се подетално објаснети во развојниот дел на буџетот преку *потпрограмата ОА - Рамномерен регионален развој*, како развојна повеќегодишна потпрограма која се реализира преку Буџетот на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.

## Т. ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Во текот на 2010 година во рамките на оваа програма се врши финансирање на значајни активности во насока на спроведување на бројните реформи во оваа дејност. Во рамките на оваа владина програма се реализираат повеќе потпрограми: *ТА - Изградбата на основните училишта, ТБ – Реконструкција на основните училишта, ТВ – Изградба на училишни спортски сали во основни училишта, ТГ – Изградба на средни училишта, ТД – Реконструкција на средни училишта, ТЕ – Изградба на училишни спортски сали во средните училишта, ТИ – Реконструкција на ученички домови, ТЈ – Изградба на студенстки домови и ТК – Реконструкција на студенстки домови* кои како повеќегодишни потпрограми се прикажани и подетално објаснети во развојниот дел од буџетот.

Во рамките на оваа програма се реализира и *потпрограмата Т1-Програма за модернизација на основното образование* како и *потпрограмата Т2-Програма за модернизација на средното образование* кои се однесуваат на Проектот за модернизација на образованието. Овој проект за модернизација на образованието се имплементира преку Министерството за образование и наука и се финансира со грант од Владата на Република Холандија, заем од Светска Банка и буџетски средства од Владата на Република Македонија. Во рамките на овој проект се имплементираат три компоненти: 1) подобрување на квалитетот на образованието преку подобрување на планирањето и управувањето во училиштата, обуката во училиштата и преку програма на грантови до училишта; 2) градење на капацитет за децентрализирано образование преку унапредени процедури за стратешко планирање, управување, следење и одговорност и 3) евалуација и управување на проектот. Целта на оваа програма е постигнување на ефективност на училиштата што е од клучно значење за подобрување на квалитетот на образованието.

# БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ ЗА 2010 ГОДИНА

## 01001 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 72.740 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ
Претседателот на Република Македонија ја претставува Република Македонија на домашен и на меѓународен план, ги извршува своите права и надлежности врз основа и во рамките на Уставот и законите во Република Македонија.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА
Реализирајќи ги своите активности во текот на 2009 година се постигнати следниве резултати: остварени се активности на планот на натамошен развој на односите и соработката со соседните земји, јакнење на позициите на Република Македонија на меѓународен план и нејзино интегрирање во институциите на меѓународната заедница.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА
Приоритетите и целите на Претседателот на Република Македонија за 2010 година се следниве: јакнење на одбранбената способност на земјата, зачувување и јакнење на внатрешната стабилност, натамошна афирмација и подобрување на позициите на Република Македонија во меѓународната заедница, реформи во Армијата на Република Македонија и прилагодување кон стандардите на НАТО, активности за целосни реформи во општеството за приближување кон стандардите на Европската унија, интензивирање на активностите на меѓународен план за афирмација на резултатите од досегашните успешни реформи како услов за целосна интеграција на земјата во Европската Унија, афирмација на Република Македонија пред светската културна и научна јавност како земја со исклучително богато културно и историско наследство преку постојните и организирање други облици и содржини од меѓународен карактер.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 30
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.391

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на меѓународни посети на претседателот и возвратни посети на државници од други земји: 32

## 01002 АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 158.110 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ
Агенцијата за разузнавање е посебен орган на државната управа кој е надлежен да собира податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната на Република Македонија и за стопанските, политичките и другите интереси на државата. Агенцијата врши анализи и истражувања на податоците и информациите и задолжително ги известува Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и другите државни органи за прашања од значење за нивниот делокруг на работа.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во извршувањето на утврдените законски функции и надлежности, Агенцијата за разузнавање ги реализира планираните активности во 2009 година и има утврдени приоритети и цели за 2010 година кои се во насока на успешно извршување на зацртаните активности.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 242
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 639

## 02001 СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 520.311 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Собранието на Република Македонија е носител на законодавната власт во државата. Организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија се утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година, Собранието на Република Македонија донесе 84 закон, 27 одлуки и други акти. Реализирани се активности од меѓународната соработка со активно учество на Зимската сесија на ПС на ОБСЕ, Конференција на НАТО за градење на интегритетот и одбранбените институции, колоквиум за "Односите меѓу ЕУ и НАТО", семинар "Визен и граничен менаџмент" за парламентите на земјите од Западен балкан, колоквиум на тема "Цивилно-воената соработка во менаџментот на кризи", седница на Комисијата за парламентарни прашања на ПФС, учество на 57 Национален молитвен појадок, Конференција на претседателите на секциите на ПС на франкофонија-Регион Европа, студентска посета на ПС на СЕ во Стразбур, учество на Првиот дел на Редовната годишна сесија на ПС на СЕ за 2009 година, остварена е официјална посета на Делегација на Секинескиот Народен Конгрес на Република Македонија, посета на претседателот на Собранието со делегација–пратеници и вработени од Службата на Народното Собрание на Република Србија и Големото Национално Собрание на Република Бугарија и други активности на домашен и меѓународен план.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Основни приоритети и цели за 2010 година се остварување на функциите на Собранието утврдени со Уставот на Република Македонија, Деловникот на Собранието на Република Македонија и Законот за Собранието, реализација на Програмата на Собранието за соработка со меѓународни организации и институции, донесување на закони, подзаконски акти, одлуки, декларации, резолуции и слично.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 344
Оперативни расходи по вработен (во илјада денари): 1.066

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на денови на одржани седници: 165
Број на часови на пренесени седници: 1.190

## 02002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 142.425 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за ревизија е единствен, самостоен и независен орган основан со Законот за државна ревизија во 1997 година од страна на Собранието на Република Македонија, со задача да обезбеди контрола на законското и наменското трошење на јавните средства, јакнење на финансиската дисциплина, отчетноста, ефикасноста, економичноста и ефективноста на субјектите кои управуваат со јавните средства. Согласно Регулативата на Европската Комисија, а за воведување на ИПА инструментот за пред-пристапна помош, во рамки на Државниот завод за ревизија формирано е функционално независно Ревизорско тело за пред-пристапни фондови на Европската Унија.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Државниот завод за ревизија континуирано презема активности за спроведување и реализација на Стратегијата на Државниот завод за ревизија 2008 - 2012. Интензивирана е соработката на ДЗР со надлежните органи и субјектите предмет на ревизија, во насока на преземање мерки по препораките од ревизорските извештаи. Донесени се повеќе интерни акти со цел подобрување на квалитетот во вршењето на ревизијата и преземени се активности за спроведување на испитот за стекнување звање овластен државен ревизор. Во рамките на соработката со Кралството Холандија започна реализацијата на новиот двегодишен проект (2009-2010) преку проектот МАТРА.

Ревизорското тело континуирано презема активности за спроведување и реализација на Стратегијата на Ревизорското тело 2009-2011. Во текот на 2009 година во рамките на Државниот завод за ревизија се реализираше проектот „Градење на капацитетите на Ревизорксото тело во согласност со регулативите за имплементирање на ИПА“, а во рамките на истиот беа изготвени повеќе прирачници и процедури.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Како приоритетна цел на Државниот завод за ревизија е натамошен развој на ревизијата на јавните приходи и на информационите системи, натамошно доизградување и развој на системот за следење и контрола на имплементацијата на ревизорските препораки од страна на субјектите, проширување на примената на информатичката технологија и нејзино рационално и ефикасно искористување во ревизијата и натамошен развој на информациониот систем на Државниот завод за ревизија, како и подобрување на системот на комуникација и интензивирање на комуникацијата со Собранието и Владата на Република Македонија, надлежните органи и со други домашни и меѓународни правни субјекти.

Приоритетна цел за 2010 година, на Ревизорското тело е успешна реализација на сите надлежности утврдени со Законот за државна ревизија како и реализација на планираните ревизии и задачи, утврдени со Годишниот план за работа за 2010 година.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 115

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.065

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на извршени ревизии: 90

## 02003 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 17.450 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државната комисија за спречување на корупцијата е самостоен државен орган со својство на правно лице, формирана врз основа на Законот за спречување на корупцијатата (“Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 07/2007 и 10/2008). Државната комисија е надлежна за примена и на Законот за спречување на судир на интереси (“Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2007).

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година како основен приоритет на Комисијата беше имплементацијата на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и операционализацијата на Акциониот план и во таа насока беше одржана Годишната конференција за оценка на имплементираноста на Државната програма. Континуирано продолжија активностите за јакнење на соработката со институциите потписнички на Протоколот за соработка, како и реализацијата на мрежно поврзување на базите на податоци помеѓу УЈП и ДКСК. Одржана е втората конференција за оценка на остварувањето на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, спроведени се обуки за судир на интереси на претставници на правосудните органи, државните органи и општинската администрација. Во Братислава е потпишан Меморандум за разбирање и соработка со УНДП; продлабочена е соработката со државните надлежни органи и меѓународните антикорупциски тела на другите држави; интензивирана е имплементацијата на меѓународните правни акти за борба против корупцијата; јакнење на меѓународната соработка на билатерално и мултилатерално ниво и реализација на антикорупциски проекти, програми и документи во рамки на Советот на Европа, ЕУ, ОЕЦД, ООН, УНДП, учество на повеќе домашни и меѓународни конференции и реализирање на работни средби со претставници на меѓународни институции.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Основни стратешки приоритети и цели на Државната комисија за спречување на корупцијата се имплементацијата на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и Акциониот план, имплементација на Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси, зајакнување на јавната свест, јакнење на меѓународната и меѓуинституционалната соработка, спроведување на истражувачки активности и подигнување на јавната свест со спроведување на медиумски кампањи за позицијата и работењето на ДКСК и за негативните дејства од корупцијата.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 14
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.232

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Процент на реализирани активности во однос на вкупниот број активности утврдени во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата: 60%

## 02004 ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 62.547 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државната изборна комисија се грижи за законитоста во подготовката и спроведувањето на изборите за Претседател на Република Македонија, пратеници, градоначалници и советници, спроведување на референдуми, пропишува упатства и стандарди за спроведување на изборите и врши едукација и надзор над изборните органи.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Државната изборна комисија успешно ги спроведе претседателските и локалните избори. Делегација на Државната изборна комисија учествуваше во две набљудувачки мисии во Полска и Чешка, како и во годишна конференција на АЦЕЕЕО во Ерменија.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Државната изборна комисија за 2010 година се унапредување на изборниот процес со воспоставување на стандарди, спроведување на обуки за гласање на дијаспората во Институт за обука во Мексико, превземање на надлежностите околу евиденција на избирачкото право, согласно Изборниот законик.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 30
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.968

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на одржани обуки: 25

## 02005 КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 25.942 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно со Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" број 4/2005, 70/2006 и 22/2007) е самостоен државен орган со својство на правно лице. Основна цел на Комисијата е обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите. Ја утврдува методологијата за истражување на пазарот, утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата, мерки за отстранување на спречувањето, ограничувањето или нарушувањето на конкуренцијата и друго предвидено со закон. Комисијата ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефекасна конкуренција, води постапки и донесува одлуки согласно одредбите од законите. Комисијата согласно Законот за државна помош („Службен весник на Република Македонија" број 24/03, 70/06 и 55/07) врши контрола на државната помош која се доделува во Република Македонија, со исклучок на државната помош која се доделува во областа на земјоделството и рибарството.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година извршено е техничко опремување преку проектот БЕРИС финансиран од Светска банка и креирана е WEB-страна на Комисијата. Извршени се обуки за вработените и други таргетни групи, а

продолжија и активностите во рамки на БЕРИС проектот, кој ќе трае до 2010 година, а чија главна цел е подигнување на свеста за политиката на конкуренцијата и нејзиното значење за пазарната економија во земјата. Континуирано се одвиваа активностите за вршење на анализа на пазарот каде што може да се идентификуваат нарушувања на конкуренцијата и се одвиваа активности за понатамошна хармонизација на националното законодавство од областа на заштитата на конкуренцијата со acquis. Во изминатиот период донесени се ex-ante одлуки за компатибилна државна помош. Комисијата активно учествуваше во процесот на преговори за пристапување на Република Македонија во ЕУ, посебно за поглавјето 8 за политика на конкуренција.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Комисијата за заштита на конкуренцијата се превземање на активности за поефикасна примена на заштитата на конкуренцијата, а со цел економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите, подигнување на јавната свест и промоција на политиката на конкуренција во земјата, спроведување на сеопфатна контрола на државната помош која се доделува во Република Македонија и подигање на свеста кај давателите на државна помош со што ќе се постигне навремено известување за планираната државна помош, следење на пазарот на телекомуниациски услуги, анализирање и истражување на поединечни пазари каде има обележја на ограничувања од административна или техничка природа, односно содржат одредени препреки кои го оневозможуваат или спречуваат развојот на конкуренцијата или воопшто конкуренцијата на тој пазар.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 23
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 822

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на изречени казни кои ги изрекува Комисијата во текот на годината: 33
Број на донесени ex-анте одлуки за компатибилна државна помош: 10

## 02006 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 14.523 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дирекцијата за заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05 и 103/08) е самостоен и независен државен орган со својство на правно лице. Основна надлежност на Дирекцијата за заштита на личните податоци е вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработување на лични податоци и нивна заштита на територијата на Република Македонија.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Дирекцијата продолжи со континуирано вршење на контрола и инспекциски надзор над законитоста на обработката на личните податоци врз контролорите. Од страна на Дирекцијата спроведени се активности за подигање на јавната свест на граѓаните за правото на заштита на личните податоци, интензивирана е меѓународната соработка и активно е земено учество во работата на органите и телата на Советот на Европа, Европска унија и други меѓународни органи и тела, подготвена е Годишна програма за вршење надзор, организирани се обуки за контролори и

обработувачи. Отпочната е со работа Комисијата за одлучување по прекршок, при што Дирекцијата стана прекршочен орган.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во наредниот период продолжуваат започнатите активности за подигање на јавната свест на граѓаните за правото на заштита на личните податоци, како и воспоставувањето на Централниот регистар за збирките на личните податоци во Дирекцијата, преку кои ќе се оствари правото на информирање на граѓаните за тоа кои збирки на лични податоци се водат кај контролорите. Дирекцијата ќе се залага за целосна имплементација на прописите од страна на контролорите и обработувачите, за донесување прирачник за видео надзор, за континуирано вршење на инспекциски надзор, за давање стручна помош и обука на контролорите и обучувачите, за интензивирање на соработката со државните органи и приватниот сектор, за кадровско и техничко зајакнување, интензивирање на меѓународните активности преку учество во работата на органите и телата на Европската унија, Советот на Европа и др.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 22
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 643

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на извршени редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори кај контролори и обработувачи на збирки на лични податоци во јавниот и приватниот сектор: 130

# 02007 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 11.947 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Реформите во домашниот систем на јавните набавки кои ќе се имплементираат со новиот Закон ќе бидат насочени кон правната заштита во постапките за доделување на договорите за јавни набавки и формирање на Државна комисија за жалби по јавни набавки. Истата ќе треба да ја замени досегашната Комисија за жалби по јавни набавки при Владата на Република Македонија.

## ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во изминатиот период Државната комисија за жалби по јавни набавки беше надлежна за решавање жалби во постапката за доделување на договори за јавни набавки. Извештајот за работата на Комисијата за периодот од 26.11.2008 до 31.03.2009 година беше доставен и усвоен од Владата и Собранието на Република Македонија. Реформите во системот на јавни набавки се имплементираа со донесувањето на Законот и формирањето на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Работејќи на спроведување на законските надлежности, Државната комисија успеа да оствари значителни резултати на полето на зацртаните програмски активности за 2009 година, успеа да овозможи континуитет со претходната второстепена комисија, односно тековно да ги решава сите пристигнати предмети.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Со стратешкиот план дефинирани се следните приоритетни цели: решавање на жалбите во постапките за доделување на договори за јавни

набавки во законски утврдените рокови, на квалитетен и транспарентен начин и воспоставување развој и одржување на сопствен информационен систем за планирање и управување со ресурсите на Државната комисија. За 2010 година Комисијата ги постави следните приоритети: зајакнување, развој и одржување на човечките ресурси; воспоставување и одржување на ВЕБ-страна; медиумско/јавно претставување на системот на јавни набавки; организирање на обука и стручно усовршување на сите инволвирани страни во постапките (приватен, јавен сектор и локална самоуправа); подобрување на правната рамка што ја регулира оваа материја; интегритет и антикорупциски мерки.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 10
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.095

## 02008 КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.505 илјада денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за верификација на фактите е самостоен и независен орган кој ја води постапката за определување на дополнителниот услов за лице кандидат за носител или носител на јавна функција, изборна или во државна и јавна служба или друго јавно овластување, како и за други работи од јавен интерес. Предмет на Комисијата е уредување на постапката за верификација на факти и утврдување на несоработка со органите на државната безбедност.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година е формирана Комисијата за верификација на факти и истата веднаш ја започна постапката за утврдување на вистинитоста на изјавата на членовите на Комисијата, усвоен е актот за содржината и формата на писмената изјава која треба да ја достават кандидатите за носители и носителите на јавна функција до Комисијата за верификација на факти. Усвоени се: образецот на изјавата за кандидатите за носители на јавна функција и образецот на изјавата за носителите на јавна функција.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Комисијата за верификација на факти за 2010 година претставува утврдување и верификација на фактите за сите кандидати и носители на јавни функции, објавување на огласи за останатите 25 групи за лустрирање и собирање на изјавите.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 11
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.573

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на предмети што ќе се разгледуваат годишно: 13.333

## 03001 УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 31.500 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Уставниот суд на Република Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста, одлучува за усогласеноста на законите со

Уставот, ги штити човековите права и слободи, решава за судир на надлежности меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт; одлучува за одговорноста на Претседателот на Републиката и за други прашања утврдени со Уставот.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Реализирајќи ги своите законски активности во текот на 2009 година, Уставниот суд спроведе постапки за одлучување на уставноста и законитоста на други прописи, како и за заштита на слободите и правата на граѓаните кои се во надлежност на Уставниот суд предвидени во член 110 став 3 од Уставот на Република Македонија.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во текот на 2010 година се очекува зголемување на обемот на примени предмети кои ќе бидат предмет на оценување на Уставноста и законитоста. Вршејќи ги овие редовни активности основната цел е зголемување на ефикасноста во одлучувањето по добиените предмети во функција на правилна заштита на Уставноста и законитоста и заштита на слободите и правата на граѓаните кои се во надлежност на Уставниот Суд.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 29
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.068

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на примени предмети во текот на годината: 470

## 04001 ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 805.247 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Владата на Република Македонија ја утврдува економската и развојната политика на државата, утврдува мерки за нејзино остварување и му предлага мерки на Собранието за остварувањето на политиките што се од негова надлежност, ја утврдува политиката на извршување на законите и другите прописи на Собранието, го следи нивното извршување и врши други работи утврдени со закон.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Генералниот секретаријат на Владата во 2009 година, како стручна служба работеше на унапредување на процесот на стратешко планирање; развивање и унапредување на капацитетите за анализа на политиките и координација: подобрување на стручна и логистичка поддршка при подготвувањето на седниците на Владата на Република Македонија; системското подобрување на квалитетот на регулативата која има влијание врз деловната клима; континуирана надградба на информатичката инфраструктура; развојот и управувањето на човечките ресурси; унапредување на внатрешниот систем на информирање на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и другите министерства во функција на транспарентното работење на Владата. Се работеше на зајакнување на административните капацитети за стратешко планирање и анализа и координација на политиките во одделните министерства. Во текот на 2009 година Генералниот на Владата на Република Македонија го подготви Стратешкиот план на Генералниот секретаријат за 2010-2012 година и истиот

го усогласи со Буџетот и НПАА, ја подготви Годишната програма за работа на Владата за 2010 година и ја достави до Владата, да продолжи со соработката со невладините организации и други правни лица, да продолжи со координирање на економските реформи во функција на подобрување на бизнис климата и привлекувањето на странски инвестиции, да продолжи со зајакнување на административните капацитети како и со учеството на граѓанскиот сектор во процесот на креирањето на политиките.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Активностите на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија во 2010 година ќе бидат насочени кон развивање, унапредување и координирање на процесот на стратешкото планирање, развивање и унапредување на капацитетите за анализа на политиките и координација, унапредување на процесот на подготвување на седниците на Владата во смисла на целосна примена на Е-Влада, системско подобрување на квалитетот на регулативата која има влијание врз деловната клима, континуирана надградба на информатичката инфраструктура, унапредување на внатрешниот систем на информирање на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и другите министерства во функција на транспарентното работење на Владата.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 268
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.923

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на патувања во земјата и странство (денови): 700
Број на лица кои се вклучени на одржани седници од далечина: 900

## 04002 СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.504.442 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Организацијата и делокругот на работа на Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија се утврдени со Одлука за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија. Службата за општи и заеднички работи ги врши општите и заедничките услуги за потребите на Собранието на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија и другите органи на државната управа.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година е извршено доопремување и ставање во функција на Кабинетот и работните простории на Претседателот на Република Македонија во Вила Водно 1 Скопје, поставување на видео надзор во вилите во Охрид и Скопје. Извршено е поставување на лифтови за хендикепирани лица за објект во Владата на Република Македонија, како и поставување на челични јарболи со државни знамиња. Отпочната е градбата на објектот за Уставен суд, Државен архив на Република Македонија и Археолошкиот музеј во Скопје. Извршени се авионски летови за потребите на Претседателот на Владата на Република Македонија и други органи на државната управа.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Приоритетни активности на Службата за општи и заеднички работи во оваа година се: изградба на зграда за Уставен суд, Државен архив на Република Македонија и Археолошкиот музеј, како и изградба на објект за МНР. Се планира отпочнување на објект за просторно сместување на Јавното обвинителство, Управата за финансиска полиција и Управа за спречување на перење на пари. Воедно, се планира набавка на агрегат за Вили Водно Скопје, како и набавка на опрема по ХАСАП стандарди.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 316

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.911

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Одржување на хигиена во м2: 1.417.692 м2

Број на дневници во земјата и странство: 200

Број на налетани часови: 350

## 04003 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 16.189 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Секретаријатот за законодавство ги врши работите што се однесуваат на обезбедувањето на конзистентноста на правниот систем и давање стручни мислења за усогласеноста на предлозите на законите и на другите прописи со Уставот на Република Македонија, со законодавството на Европската унија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија. Исто така, Секретаријатот е надлежен, по барање на Министерството за локална самоуправа, да подготвува стручни мислења по прописите на општините, врз основа на барањето на Министерството за локална самоуправа.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година успешно се спроведени обуки за имплементација на прирачникот за номотехнички правила, изработени се стручни мислења од страна на Секретаријатот за законодавство по законите и подзаконските прописи доставени од Владата на Република Македонија, министерствата  и другите органи на државната управа.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Секретаријатот за законодавство со оглед на карактерот на работите и задачите кои ги извршува врз основа на доставените предлози на законите  и другите прописи и акти и неговата организација на работата е во функција на озбезбедување на ефикасна реализација на годишната програма за работа на Владата на Република Македонија, како и изработка на над 6.000 стручни мислења по доставените предлози на закони и други прописи и акти.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 24

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 633

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на обучени лица: 250

## 04006 ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 63.019 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државното правобранителство на Република Македонија е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија. Државното правобранителство на Република Македонија ги остварува своите надлежности врз основа на Устав, закон и ратификувани меѓународни договори.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година, активностите на Државното правобранителство на Република Македонија се во насока на обезбедување на ефикасна правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и застапување на Републиката и нејзините органи пред судовите, другите органи и правни лица. За таа цел, Државното правобранителство организира советувања со едукативен карактер за разрешување на определени правни прашања кои произлегуваат од тековното работење на Државното правобранителство.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Основните приоритети и цели на оваа буџетска институција за 2010 година се обезбедување на ефикасна правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија и застапување на Републиката и нејзините органи пред судовите, други органи и правни лица.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 97

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 646

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на предмети по кои се постапува во текот на годината: 200.000

## 04007 АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 11.744 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за развој и инвестиции е основана како самостоен орган на државната управа во својство на правно лице. Агенцијата за развој и инвестиции врши активности поврзани со реализацијата на програмата за развој и инвестиции, активности поврзани со договорите за трансфер на капитал, размена на информации за можности за инвестирање, создавање на услови за реализација на нови инвестициони проекти, промоции и грижа за спроведување на обезбедените инвестиции во Република Македонија, утврдување на поволности за приватни инвестиции на домашни и странски лица и други работи утврдени со закон.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Агенцијата ги реализира активностите предвидени со програмата за 2009 година и тоа: пратење и ангажирање во наплатата на кредитокорисници од правни и физички лица, сметководствено средување на кредитокорисниците по комитенти, преземање на правни дејствија за присилна наплата на побарувањата од спорни кредитокорисници,

давање на информации од јавен карактер за привлекување на инвеститори, како и остварување контакти со бизнисмени од соседните земји за интензивирање на развојот на мали и средни претпријатија.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Како главни активности на Агенцијата предвидени за 2010 година се санација на Тајвантската кредитна линија со отпочната постапка за присилна наплата на кредити со реализација на хипотеки и други видови правни дејствија, остварување на планови и проекти насочени кон донесување и задржување на инвестиции во Република Македонија, како и остварување на зголемен број на контакти со домашни бизнисмени за подобрување на состојбата на малите и средните претпријатија и нивна поголема конкурентност на странските пазари.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 16

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 734

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на кредитокорисници од Тајванската кредитна линија: 30

## 04008 АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 40.182 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за државни службеници е самостоен државен орган надлежен за вршење на стручни, управни и други работи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници. Агенцијата формулира, промовира и развива политика на управување со човечките ресурси во државната администрација, во координација и соработка со органите на централната власт и единиците на локалната самоуправа. Агенцијата за државни службеници е организирана во четири сектори и десет одделенија.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 Агенцијата за државни службеници ги реализира активностите насочени кон подобрување на законската рамка на државни службеници, изменувања и дополнувања на Законот за државните службеници, и на релевантни подзаконски акти на Агенцијата, спроведување на Стратегијата за обука на државните службеници во Република Македонија 2009 – 2011, обуки на државните службеници на теми релевантни за нивниот развој, како и спроведување и унапредување на воспоставениот ефикасен, одговорен и автоматизиран систем за селекција и вработување на државни службеници заснован на принципите на стручност и компетентност (merit) и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во 2010 година Агенцијата ќе продолжи да презема активности во насока на проширување на опфатот на државната служба и разбирање, прифаќање и почитување на Законот за државните службеници и неговите принципи од сите релевантни заинтересирани страни, понатамошно унапредување на воспоставениот ефикасен, одговорен и автоматизиран систем за селекција и вработување на државни службеници заснован на принципите на стручност и компетентност (merit) и соодветна и правична

застапеност на припадниците на заедниците, зајакнување на Агенцијата како проминентен и доверлив спроведувач на хоризонталната координација на развојот и управувањето со човечките ресурси во државната служба, обезбедување на одржлив, стабилен и сеопфатен систем за обука и развој на државните службеници, зајакнување на критериумите и процедурите за селекција, вклучувајќи и ревидирање на испитот за државен службеник, засилување на улогата на Агенцијата во делот на надгледувањето на целокупниот процес на оценувањето на работењето на државните службеници и спроведувањето на дисциплински постапки, како и надградување на електронскиот систем за вработување на државните службеници.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 56
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 700

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на пријавени кандидати: 50.000

## 04009 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 141.333 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Секретаријатот за европски прашања е институција за вршење на работите поврзани со европските прашања и обезбедување на координација на органите на државната управа и другите органи и институции, како и за вршење на други стручни работи од оваа област. Секретаријатот за европски прашања ги врши работите што се однесуваат на: следење и проучување на политиките и законодавството на ЕУ, координација и стручна поддршка на процесот на приближување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, следење и преземање мерки за имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ, изградба и зајакнување на институционалната инфраструктура неопходна за интеграција на Република Македонија во ЕУ, долгорочно планирање на ресурсите за поддршка на процесот за интеграција во ЕУ, оспособување на јавната администрација за интеграција во ЕУ, координација на мрежата на одделенија за европска интеграција во министерствата и другите органи на државната управа, програмирање и планирање на приоритетите на Република Македонија за користење на странската техничка помош, регулирање на односите со донаторите и спроведувањето на програмите за техничка помош, поддршка на телата на Владата, чиј делокруг е во областа на интеграцијата на Република Македонија во ЕУ, управување на процесот на преведување на законодавството на ЕУ и на други материјали во врска со процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ, спроведување на стратегија за комуникација со јавноста за процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ, воспоставување, управување и одржување на централни бази на податоци за поддршка на процесот на европска интегација и други работи кои произлегуваат од координацијата, поддршката и насочувањето на процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Секретаријатот за европски прашања ги реализираше следниве активности: тековно реализирање на третата година од спроведениот тендер за преведувачки услуги, склучен во период од три години

(2006-2008); преведени се вкупно 7552 страници од Службениот весник на Европската унија, 226 страници од Службениот весник на Република Македонија и 1832 авторски страници од документи од важност за процесот на интеграција; образувани се 20 техничките комитети согласно Целекс структурата за стручна и правна ревизија на правните акти на ЕУ и на Технички комитет за верификација на терминологијата и на националната верзија на правните акти на ЕУ; поддршка при спроведување на акредитациски тест за конференциско толкување во организација на Европскиот парламент, Европската комисија и Европскиот суд на правдата;спроведени се 15 обуки за државни службеници, особено оние кои членуваат во работните групи на НПАА; изработен е Оперативен план за ЕУ обука за 2008/2009 година; доделени се 12 стипендии за постдипломски студии од областа на ЕУ/ЕИ на универзитети во странство; подготвена е Спогодба за упатување на државни службеници за работа во Мисијата на РМ во Брисел.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Активностите на Секретаријатот за европски прашања во текот на оваа година ќе бидат насочени кон реализација на следните приоритети: воспоставување на стручна поддршка и координација на водењето преговори за членство во Европска унија; следење и ажурирање на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА); следење и координација на спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА); координација и мониторинг на Претпристапниот инструмент (ИПА) и другата странска помош; јакнење на институциите и обука на државните службеници во органите на државната управа за потребите на процесот на европска интеграција; подготовка на македонска верзија на правото на Европска унија и превод на македонското законодавство; комуникација и информирање на јавноста и јакнење на комуникацијата и соработката со ЕК, како и со држави-членки.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 48
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 3.392

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на одржани состаноци на Комитетот за стабилизација и асоцијација и Поткомитетите кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација: 7
Број на испратени државни службеници во Мисија Брисел: 3

## 04010 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАМКОВЕН ДОГОВОР

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 436.283 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Со измените и дополнувањата на Законот за Влада ("Службен весник на РМ" бр.115/2007) Секторот за спроведување на Рамковниот договор кој функционираше при Генералниот Секретаријат на Владата на РМ се трансформира во Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор кој започна да функционира од јануари 2008 година. Секретаријатот својата функција ја извршува преку: следење и унапредување на соодветната и правичната застапеност, развивање и унапредување на капацитетите на анализа на политиките и координација, редовно и навремено информирање на јавноста за процесот на спроведување на Рамковниот договор.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во 2009 година Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор по усвојувањето на Стратегијата за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија беше активно вклучен во насока на побрзо и поефикасно исполнување и целосна имплементација на Стратегијата во која се предвидени низа мерки и активности, согласно Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во ЕУ и НАТО и Акциониот план за промовирање на вредностите на Охридскиот договор. Воедно, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор се фокусираше и кон реализација на воспоставување на структура за стручна и техничка поддршка за реализација на Акциониот план за имплементација на Стратегијата за соодветна и правична застапеност, со цел да се овозможи побрзо и поефикасно работење и целосно консолидирање на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ВО 2010 ГОДИНА

За 2010 година активностите на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор главно ќе бидат насочени кон следење и унапредување на состојбата за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, редовно информирање на јавноста за процесот на спроведување на Рамковниот договор, следење на имплементација на законот за јазиците, унапредување на прооцесот на мониторинг и следење на процесот на децентрализација.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 620
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 704

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Зголемен број на лица од заедниците во Република Македонија во јавната администрација: 500

## 04012 АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 6.907 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Улогата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците е остварување на правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението на Република Македонија.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 организирана е меѓународна конференција за состојбите во областа на правата на заедниците, извршена е обука на вработените со позитивна законска регулатива за остварување на правата на заедниците кои се помалку од 20% и човековите права, како и соработка со невладини организации од редовите на малцинските заедници.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Планирани цели и приоритети за 2010 година на Агенцијата за остварување на правата на заедниците се: поддршка на Владата во реализација на стратешки приоритети и цели поврзани со остварувањето и унапредувањето на правата на припадниците на заедниците, подобрени знаења на вработените во Агенцијата, органите на Државната управа и јавните установи за правата на припадниците на заедниците.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 2
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.954

## 04013 АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 7.727 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за управување со одземен имот управува со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети, ја спроведува постапката за извршување на конфискацијата на имот и имотна корист, го чува и складира одземениот имот, врши процена, води евиденција на целокупниот одземен имот, го продава одземениот имот, изготвува статистички, финансиски и други извештаи за одземениот имот. Со согласност на судот и надлежниот орган управува со привремено конфискуваниот имот и имотна корист и привремено одземените предмети со цел да се заштити вредноста на имотот.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година, извршено е целокупно евидентирање на предмети за 2009 година; доделени се пет возила по одредени државни органи; превземени се и складирани во магацинот во Идризово одземени предмети по основ на правосилни пресуди; земено е учество на два семинара за управување со конфискуван имот; остварена е меѓународна комуникација со сродни институции од соседни земји.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Основните приоритети и цели на оваа буџетска институција за 2010 година се евидентирање на постојаната запленета стока, собирање на запленетата стока од сите државни институции, управување со запленетата стока, распределба на одземената стока според утврдени критериуми, зголемување на приходите во буџетот по основ на продажба на запленетата стока.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 4
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.769

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на предмети по кои се постапува во текот на годината: 360

## 05001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 6.318.000 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за одбрана со својата организациско-формациска поставеност, организира и развива одбранбен систем со кој ќе одговори на потребите за соочување со сегашните и идните закани по мирот и безбедноста на Република Македонија. Основна задача е зачувување на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Цел на Министерството за одбрана е приближување кон стандардите на НАТО и зачленување во евроатлантските структури, пред се преку соодветно и оптимално поставување и искористување на ресурсите во министерството и АРМ.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година, Министерството за одбрана ги реализираше следните позначајни активности: отворени се нови Воени дипломатски претставништа во Франција и Англија; донесен е Закон за посебните права на учесниците во мировните операции и операции за колективна одбрана надвор од територијата на Р.Македонија и на членовите на нивните семејства; донесен е долгорочен план за развој на одбраната; остварен е континуитет во зајакнување на одбранбената соработка на билатерална, регионална и мултилатерална основа; усвоена е новата структура на АРМ; имплментиран е Пакетот Партнерски Цели 2008 според планот; учество на 192 мировници во Авганистан-ISAF, Босна и Херцеговина - ALTEA, Либан -UNIFIL и Флорида-USCENCOM; одржување и реконструкција на објекти во МО и АРМ; продолжување со активностите за интеграција на Република Македонија во ЕУ.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во текот на 2010 година активностите на Министерството за одбрана ќе бидат насочени кон реализација на следните позначајни приоритети и цели: продолжување со учеството во мировните мисии предводени од ОН, ЕУ и НАТО, како и зголемување на придонесот во мисијата во Авганистан; унапредување и одржување на постигнатото ниво на борбената готовност на сите единици на АРМ; зголемување на опременоста на борбените единици и набавка на борбени системи компатибилни на НАТО Алијансата; продолжување со реформите во контекст на новите барања на безбедносното окружување; реализација на проектот за трансформација на Службата за воено здравство - Воена Болница; дивестирање на недвижниот имот на МО за Реализација на Проектот ,,Старите касарни за нов развој- Владата за граѓаните“; реализација на Партнерските цели 2008 прифатени со Годишната Национална Програма за влез во НАТО; зајакнување на билатерална и мултилатерална соработка со земјите членки на НАТО и Партнерство за мир; опремување на единиците на АРМ со соодветна опрема, со приоритет на опремувањето на декларираните единици за мировни и хуманитарни мисии; обука на вооружените сили и декларираните сили за операции предводени од НАТО; воспоставување на Центар за научени лекции и доктрини како и Центар за симулации и учење на далечина; реализација на планираните билатерални и мултилатерални вежби; финализирање на проектот ,, Центар за материјален менаџмент; школување на питомци како и дошколување на лица во Воената Академија за потребите на АРМ; одржување и реконструкција на објекти во МО и АРМ според планираните проекти (касарни, административни простории, одделенија за одбрана) за нормално фунционирање и подобрување на стандардите за работа.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 8.680
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 619

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на лица на служба во странство како претставници на МО: 32
Број на набавени видови на материјално технички средства: 17
Број на лица од АРМ кои учествуваат во мировни мисии: 250
Број на запишани питомци: 35
Број на реализирани проекти: 17

## 05002 ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 26.500 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна функција на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации е размена на класифицирани информации со странство, иницирање на склучување на меѓународни договори за размена на класифицирани информации и издавање на безбедносни сертификати на сите лица корисници на класифицирани информации, издавање на дозволи на странски правни и физички лица за користење на класифицирани информации на Република Македонија.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година, во рамките на Дирекцијата се реализираа следните активности: воспоставување на инспекциски надзор; експертско учество во меѓуинституционални проекти; набавка на комуникациско-информатичка опрема; организација на меѓународна конференција со учество на високи претставници од Канцеларијата за безбедност на НАТО; потпишан е договор за размена на класифицирани информации со Украина; усогласени се текстовите на билатералните спогодби со Германија и Словенија и активностите за соработката за размена на класифицирани информации со САД, Франција, Унгарија, Романија и Турција; организирани се специјални обуки за дипломатските и административно-конзуларните работници кои се упатуваат во дипломатско-конзуларните претставништва; извршена е контрола на условите за работа со класифицирани информации во Комисијата за верификација на факти, Управата за финансиска полиција, Фондот за осигурување на депозити; извршени се редовни и вонредни инспекции; воспоставен е софтверот за водење на евиденција за издадени безбедносни сертификати и дозволи за пристап; извршена е реконструкција на еден од објектите на Дирекцијата и опремена е училница за потребите на обуките кои ДБКИ ги спроведува; континуирано се врши прием на странски класифицирани информации од НАТО и ЕУ, нивна обработка и дистрибуција.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во текот на 2010 година активностите ќе бидат насочени кон реализација на следните приоритети и цели: учество во меѓуинституционални проекти; набавка на информатичка опрема за размена на КИ до степен „СД“ со НАТО и ЕУ; проширување на мрежата на регистри и подрегистри согласно утврдените потреби и обука на корисниците; целосна професионализација на регистрите во мисиите; иницијатива за донесување на соодветен правен акт за криптозаштитата во Република Македонија; унапредување на инспекцискиот надзор; безбедносна акредитација и сертификација на информатичките системи за размена на класифицирани информации.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 34
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 768

### АУТПУТ ИНДИКАТОР

Број на издадени национални НАТО/ЕУ сертификати за работа со класифицирани информации: 9.000

## 05003 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 634.203 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна функција на Дирекцијата за заштита и спасување е заштита на граѓаните и природните богатства на Република Македонија, животинскиот и растителниот свет, добрата во општа употреба, како и на предметите и објектите од особено културно и историско значење, определени со закон како добра од општ интерес на Република Македонија, од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година реализирани се следните позначајни активности: донесен е Планот за заштита и спасување и Националната стратегија за заштита и спасување со која се утврдени приоритетите за развој на системот за заштита и спасување; извршена е набавка на 6 шумски пртотивпожарни возила и два нови противпожарни авиони АТ 802 А за извршување на копнено водени задачи (амфибиски); извршена е обука во заштитатата и спасувањето со единиците од локалната самоуправа и припадниците на АРМ; Дирекцијата активно учествуваше во згрижувањето на населението при настанатите елементарни непогоди на теритоијата на Република Македонија, како и во дочистување на реката Вардар, чистење на реката Брегалница долж целото течение и чистење на дел од реките Лепенец, Пчиња, Црна Река и Драгор; тимовите за спасување на вода беа активно вклучени во спасување на лицата од потонатиот брод „Илинден„ во Охрид; редовно се спроведуваат меѓународни активности на Дирекцијата за заштита и спасување во насока на имплементација на стандардите на НАТО и ЕУ; редовно се врши инспекциски надзор на правните субјекти согласно законските надлежности.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Актвностите на Дирекција за заштита и спасување во текот на 2010 година ќе бидат насочени кон спроведување на современа обука за заштита и спасување, изведување на меѓународна вежба во областа на заштитата и спасувањето; комплетирање, опремување и осовременување на силите за заштита и спасување од резервен и постојан состав; зголемување на ефикасноста на работата на Дирекцијата преку поврзување во ТЕТРА системот за мобилна комуникација; донесување на подзаконски акти согласно измениnте на законот за заштита и спасување.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 263
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 734

### АУТПУТ ИНДИКАТОР

Број на разнородни видови на материјално-технички средства за опремување на силите за заштита и спасување: 10

## 05004 ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 149.340 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Центарот за управување со кризи како самостоен орган на државна управа по положба и функција на дирекција ги извршува работите во врска со

управувањето со кризи што се однесуваат на: обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка; консултации и координација во управувањето со кризи; изработување и ажурирање на единствената процена на ризиците и опасностите по безбедноста на Републиката; предлагање мерки и активности за разрешување во кризна состојба и сл.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година беа реализирани следните позначајни активности: национална координација со НАТО вежбата "CMX 2009"; успешно спроведена вежбовната активност „NCCeX" чија цел беше проверка на функционалноста и оперативноста на субјектите во системот за управување со кризи; целосна имплементација на системот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување во Центарот како законска обврска; спроведување на активностите од проектот со УНДП за поддршка во зајакнувањето на капацитетите; имплементација на системот за менаџмент со документи (ДМС); заокружување на процесот на имплементација на гео-системот за чување на податоци за сите ресурси од интерес и следење на настани кои може да предизвикаат последици од поголеми размери; изработка и усвојување на физибилити студијата за Проектот Е-112 во Република Македонија.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во текот на 2010 година активностите ќе бидат насочени кон реализација на следните приоритети и цели: имплементација на усвоената Национална платформа на Република Македонија за намалување на ризици од несреќи и катастрофи; создавање на просторни, инфраструктурни, технички и кадровски услови за имплементирање на Системот Е-112 во Република Македонија; воспоставување на координиран инспекциски надзор за постигнување на затворен круг на одговорност кај сите субјекти во Системот за управување со кризи; воспоставување на единствен национален регистар на ресурси за превенција и рано предупредување и надминување на последици од цивилни несреќи и катастрофи; заокружување и ставање во редовна употреба на системите за поддршка на активностите на системот за превенција и рано предупредување и надминување на последици од цивилни несреќи и катастрофи; воспоставување и оддржување на функионален и одржлив систем за национална координација и меѓуресорска соработка помеѓу сите субјекти кои извршуваат обврски и задачи во системот за управување со кризи.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 281
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 500

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Одржани состаноци на Управувачкиот комитет и Групата за процена: 4
Процент на реализација на Проектот Е112: 40

## 06001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 9.430.218 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за внатрешни работи е орган на државната управа кој врши законски утврдени функции поврзани со: остварување на системот на државната и јавната безбедност; пријавување на живеалиште и престојувалиште; државјанство и патни исправи за премин на државната граница; движење и престој во граничниот појас; контрола на преминување на

државната граница; определени работи во врска со утврдувањето и решавањето на граничните инциденти и други повреди на границата; регулирање на престојот и движењето на странски државјани; производство, промет, складирање и заштита од запаливи течности, гасови, експлозиви и други опасни материјали и превозот на овие материјали; давање на помош при елементарни непогоди и епидемии; набавка, поседување, носење и контрола на обележувањето на оружјето и муницијата; надзор и други работи утврдени со закон.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во 2009 година, во рамки на активностите кои ги извршува Министерството за внатрешни работи, спроведени се многубројни големи и успешни акции за спречување и откривање на корупција и организиран криминал во областа на недозволената трговија со луѓе, дрога и оружје. Извршени се низа успешно изведени акции за откривање големи количини дрога и нејзино уништување. Во областа на јавниот ред и мир е регистрирано намалување на прекршоците како резултат на зголемено ангажирање во оваа област; остварена е поволна и стабилна состојба, без потешки инциденти и нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем. Остварена е поголема ефикасност во расветлувањето на кривични дела со елементи на насилство, превземени се активности во областа на државната безбедност со кои се постигна подобрување на ефикасноста во борбата против тероризмот и заштитата од шпионажа на патиштата. Со цел воспоставување за предуслови за започнување на визната либерализација во согласност со Шенгенскиот акциски план обработката на личните податоци од биометриски карактер се врши по електронски пат, а се однесува на следните документи: патна исправа, лична карта и возачка дозвола. Во рамките на проектот-Опрема за оптимизирање и одржување на ТЕТРА мрежа кој се реализира со кофинансирање со ИПА фондот, а подразбира набавка на софтвер за радио планирање и дигитална мапа на Македонија, завршена е реализацијата на приклучување на струја на последните две локации (Луково и Шпиље) од вкупно 40 и извршена е целосна обука на полициските службеници кои ги користат услугите на ТЕТРА системот.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во текот на 2010 година Министерството за внатрешни работи предвидува продолжување со активностите во насока на хармонизација со законодавството на ЕУ; продолжување на започнатиот реформски процес до негово целосно заокружување и децентрализација, имплементирање на информациски систем за интегрирано финансиско, материјално–техничко и магацинско работење со кој ќе се опфатат сите корисници на средствата вклучени во процесот на извршување и управување со Буџетот.

Во областа на граничните работи, миграции и движење и престој на странци да се имплементираат најдобрите стандарди од областа на интегрирано гранично управување и исполнување одредбите содржани во Шенгенскиот граничен кодекс, зголемување на бројот на гранични премини кон соседните земји, градење на партнерски однос граѓанин – полиција. Имплементација и развој на интегранина база на податоци за странци која вклучува податоци за азил, имиграција и визи и др. податоци, со што ќе се овозможува комуникациска мрежа меѓу министерствата со надлежности во миграцијата.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 12.321

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 138

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на донесени интерни акти:50
Број на прекршоци против јавниот ред и мир: 13. 000
Број на успешно завршени обуки на припадници на Министерството за внатрешни работи: 300

## 07001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 339.291 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за правда во рамките на своите програмски задачи и оперативни активности ги извршува функциите и надлежностите утврдени со Уставот и законите. Во рамките на своите програмски цели и задачи и оперативни активности, Министерството за правда учествува во: создавање на нормативни и организациски претпоставки, при што води грижа доследно да се изразат уставните определби, меѓународните и европските стандарди со цел за востановување и организирање независно, непристрасно и ефикасно судство; унапредување на статусот на јавнообвинителската организација, остварување на уставните определби за адвокатурата како самостојна и независна служба, унапредување на вршењето на нотарската дејност и дејноста на судските извршители; градење на ефикасен и модерен изборен систем и унапредување на граѓанската иницијатива.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 донесени се сите закони за исполнување на одредниците доставени од Европската комисија за започнување на преговори со Европска Унија.

Од страна на Државниот управен инспекторат во текот на 2009 година постигната е целосна реализација на програмата за работа на Државниот управен инспекторат за 2009 година, како и целосна реализација на програмата за обука на државните службаеници кои работат во првостепените органи и второстепените комисии за 2009 година. Преку програмата-Реформа на судството реализирана е обука на менаџментот на Државниот управен инспекторат во Хелсинки; реализирани се обуките за локални консултанти за континуирана обука за кандидатите за стечајни управници; завршени се градежни работи во судовите со проширена надлежност-Охрид, Струга, Тетово, Велес, Штип и Струмица; во тек е реконструкција и опремување на судовите со проширена надлежност-Гостивар, Кочани, Куманово и Битола.

Министерството за правда во рамките на Акцискиот план за борба против корупција во текот на 2009 година реализираше активности поврзани со донесувањето на амандманот XXXI на Уставот на Република Македонија, активности врзани за измените и дополнувањата на Законот за финансирање на политички партии, активности врзани за измени и дополнувања на Законот за спречување на судир на интереси, Активности врзани за имплементација на законот за постапување по претставки и предлози.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во текот на 2010 година се предвидува: натамошно развивање на политиките на изготвување и предлагање на закони и други подзаконски акти од обласа на правосудството, државната управа, како и вршење надзор над спроведувањето на прописите во областите во кои е надлежно Министерството за правда, а со цел обезбедување еднакви можности на граѓаните на Република Македонија во остварувањето и заштитата на своите права и слободи преку постоење на ефикасен систем во услови на владеење на

правото и правната сигурност. Заокружувањето на активностите за зголемување на ефикасноста на судството и процесот на реформи во судството и понатаму остануваат врвни приоритети.

Од страна на Државниот управен инспекторат во 2010 година се предвидува анализа на досегашното остварување на функцијата на управната постапка; дополнување на Законот за управна инспекција; анализа на примената на Законот за постапување по претставки и предлози како и негово дополнување; изготвување на Годишна програма за работа на Државниот управен инспекторат за 2010 година; воведување на управна статистика, организирање на обуки за вработените во Државниот управен инспекторат и друго. Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права во 2010 година предвидува ефикасно застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права и воспоставување на унапреден систем на човекови слободи и права.

Преку Реформа на судството во 2010 година се предвидува реализација на изработените описи на работни задачи за зајакнување на институционалните капацитети од првата компонента од буџетот на проектот; реконструкција и опремување на судовите со проширена надлежност кои влегуваат од втората фаза од судската инфраструктура (Гостивар, Кочани, Куманово и Битола); изработка на проект и отпочнување со изведување на градежни работи за новата судска зграда-Кривичен суд и адаптација на Основен суд 1; набавка на опрема за видео надзор во основните судови со проширена надлежност - Гостивар, Кочани и Куманово; набавка на хардвер и софтвер за подршката на АКМИС (систем за електронско водење на судските предмети). Активностите на Министерството за правда во рамките на потпрограмата Г1-Борба против корупција и организиран криминал во текот на 2010 година се во насока на преземање на конкретни мерки со цел за надминување на воочените проблеми кои водат до појава на корумптивни активности во шестте столбови на системот на националниот интегритет предвидени во акцискиот план.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 626
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 282

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на изработени закони: 10
Број на инспекциски надзори:планирани 1.000

## 07002 УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 674.200 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за извршување на санкции е орган во состав на Министерството за правда која ги врши работите што се однесуваат на извршувањето на санкциите, и тоа: изготвување на законски и подзаконски акти од областа на извршувањето на санкциите; координација во работењето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи; укажување на пропусти и давање на стручна помош во работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи; следење на квалитетот на работата на установите и вршење на стручно-инструкторски надзор; контрола и обезбедување на сместувачки услови на осудените, малолетните и притворените лица; давање мислење и согласност по општи акти на установите; одлучување по разни

барања на осудени лица; давање на услуги и помош директно на осудените лица или пак преку системот на казнено-поправните установи и сл.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Согласно стратешкиот план на Управата за извршување на санкциите, импементацијата на реформите во затворскиот систем опфаќа две компоненти: подобрување на сместувачките капацитети за осудените, притворените и малолетните лица и подобрување на условите за работа на персоналот во казнено поправните и воспитно поправните установи и подигање и јакнење на кадровските капацитети во казнено поправните и воспитно поправните установи. Во текот на 2009 година се зајакнаа активностите од двете компоненти во смисла на подобрување на сместувачките капацитети. Во КПД Идризово завршена е реконструкција на Одделението за стари лица и школото, како и санација на дел од Затвореното одделение во КПД Идризово. Во женското одделение во КПД Идризово реновирани се санитарни јазли и подобрено е греењето. Во Затвор Скопје е пуштено ново крило за притвор со капацитет за 170 лица, а во старото притворско крило реновирани се повеќе притворски простории и санитарните јазли. Исто така набавени се нови бојлери за топла вода и реновирана е бањата во затвореното одделение. Набавени се четири возила за спровод за потребите на КПД Идризово, КПД Штип, Затвор Скопје и Затвор Струмица. Опремени се две стоматолошки амбуланти во КПД Идризово и КПД Штип. Во рамките на втората компонента реализирани се обуки во секторот за ресоцијализација, здравствениот сектор и секторото за обезбедување во КПУ и ВПУ. Реализирана е една работилница преку TAIEX Програмата и две работилници со поддршка на Советот на Европа. Во текот на 2009 година започнат е Пилот Проект во КПД Идризово и во КПД Штип за едукација на вработените. Започнати се активности за реализација на Проект кој ќе се реализира со OBSE и со поддршка на Британската Амбасада, а ќе се однесува за изработка на стратегија за ресоцијализација.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во текот на 2010 година активностите ќе бидат насочени кон реализација на следните основни приоритети: спречување на борба против корупција во затворите, подобрување на сместувачките капацитети и едукација на вработените. Со цел подобрување на механизмот за контрола и преземање на мерки за ефикасно справување со појавите на корупстивно однесување кај вработените во казнено-поправните установи, планирана е набавка на повеќе технички средства, рентген тунел за КПД Идризово, камери и сл за зајакнување на видео надзорот во КПД Идризово и Затвор Скопје, како и рачни детектори за другите казнено- поправни и воспитно-поправни установи. За подобрување на сместувачките капацитети се планира санација на полуотвореното одделение во КПД Идризово, како и на дел од објектите на Затвор Битола и Затвор Струмица. Исполнувањето на наведените приоритети е со цел да се добијат затвори според европски стандарди преку создавање на оптимални услови за сместување на осудените и притворените лица, хумано постапување со нив и постигнување поголеми резултати во нивната ресоцијализација.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 742

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 629

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на стручно инструкторски надзори во казнено-поправните установи: 22

Број на проекти за подобрување на условите во казнено-поправните установи: 5

## 07003 УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 137.899 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за водење на матичните книги е орган надлежен за водење, заштита и чување на матичните книги и списи, издавање изводи, уверенија, преписи и копиии врз основа на матичните книги, водење на постапка за најдено дете, објавување на уништени, оштетени или исчезнати матични книги, како и за обрасците на матичните книги, регистарот на матичните книги, изводите и уверенијата. Матичните книги што се водени до започнувањето на формирањето на Управата за водење на матичните книги, ќе продолжат да се водат во Управата.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година беа преземени активности во насока на создавање на предуслови за преземање на надлежноста за водење на матичните книги од страна на посебен орган, имено спроведени се следниве поважни активности: основана е Управата за водење на матичните книги како посебно правно лице во состав на Министерството за правда; изготвени се актите за организација и адаптација на Управата за водење на матичните книги; изготвени се и усвоени измени на Законот за матична евиденција; адаптација на просторот; изготвена е анализа на постоечката сосотојба на матичната евиденција и идентификувани се потребите за создавање на современа и ефикасна матична евиденција; потпишан е Меморандум за соработка во врска со координирање на работите помеѓу Управата и Министерството за внатрешни работи и др.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Активностите на Управата за водење на матичните книги во 2010 година се во насока на: постигнување на успешно реализиран трансфер на надлежноста за водење на матичната евиденција, воспоставување на информатички систем на Управата за водење на матичните книги, рационализација и реорганизација на матичната служба, обезбедување на брз и навремен проток на податоци и информации за потребите на матичната евиденција, имплементација на усвоени измени и дополнувања на Законот за матична евиденција, продукција на нови обрасци на изводите и другите потврди и уверенија кои се издаваат врз основа на матичните книги кои ги исполнуваат мегународните стандарди, поголема функционалност и ефикасност на матичното работење.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 1
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 129.599

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на донесени решенија во управна постапка од областа на матичната евиденција: 2.200.000

## 08001 МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.443.270 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за надворешни работи ги извршува работите кои што се однесуваат на надворешните работи и надворешната политика на Република

Македонија, а во согласност со Законот за надворешни работи („Сл. Весник на Р. Македонија„ бр.46/2006) и Стратешкиот план за периодот 2009-2011 година.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА**

Во текот на 2009 година, Министерството за надворешни работи ги реализираше следните позначајни активности: успешно е заокружен 10-тиот циклус на Акциониот план за членство во НАТО; склучени се билатерални договори со држави-членки на ЕУ и НАТО, соседни и воневропски држави; реализирани се голем број политички консултации на билатерално ниво; реализирани се активности за учество во изработување на мултилатерални меѓународни договори, придружување кон заеднички политички позиции на ЕУ и НАТО; исполнети се сите услови за визна либерализација; отворени се три нови ДКП-а; зајакнати се капацитетите на економската дипломатија кои успешно работеа и продолжуваат да работат на промовирање на поволностите за влез на странски инвестции во земјата; реализирани се економски презентации и остварени се контакти со голем број странски компании–потенцијални инвеститори, како и соработка за влез на наши производи на пазарите во многу земји; континуирано се оддржуваат контакти со македонските јазични национални малцинства и дијаспората и се организираат културни и спортски настани; започна да функционира Визниот центар и новиот Национален визен информационен систем за издавање визи на странци; изработен е концептот за реализација на проектот за дипломатска едукација и јавна дипломатија; спроведени се дипломатски, конзуларни и советнички испити, како и семинари за млади дипломати за земјите од регионот; набавени се нови возила за ДКП-та; поставени се безбедносни системи за видеонадзор, аларм, ПП и контрола на пристап во ДКП-а во Прага, Брисел, Виена, Париз и Берлин; довршен е проектот за поставување на безбедна и бесплатна телефонска комуникација помеѓу ДКП-а и МНР со помош на ВОИП технологијата и за 40% се намалени трошоците за телефонски разговори во МНР.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА**

Во текот на 2010 година, активностите ќе бидат насочени кон реализација на следните позначајни приоритети и цели: економска презентација на РМ во странство со цел привлекување на потенцијални странски инвеститори и интеграција на РМ во НАТО и ЕУ; добивање на полноправно членство на Република Македонија во НАТО; започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на РМ во ЕУ; развивање на добрососедските односи и постигнување на поцврста регионална соработка; зајакнување на позицијата на РМ во меѓународната заедница преку динамичен развој на односите на билатерално ниво со земјите во светот кои се залагаат за слобода, демократија, владеење на правото и подобрување на заштитата на човековите права; кадровско доекипирање на одреден број ДКП-а со професионални амбасадори; поактивно учество и подобра соработка со меѓународни организации; обезбедување на повисок квалитет на конзуларни услуги на македонските државјани во странство; зајакнување на комуникацијата и збогатување на содржините на соработка со иселеништвото; натамошна афирмација на културните вредности на РМ; заштита на националниот идентитет на граѓаните на РМ, согласно стандардите на модерниот меѓународно-правен поредок и принципите на соработка на цивилизираните нации; одржување на постојани конктакти со македонските јазични национални малцинства и дијаспората; имплементација на новиот национален визен режим; подобрување на грижата за македонските национални и јазични малцинства и дијаспората; издавање и зголемување на тиражот, како и бројот на страниците на месечниот дипломатски билтен „Crossroads“.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 413
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 3.418

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на издадени дипломатски и службени пасоши: 800
Број на издадени визи: 4.000
Број на реализирани проекти со иселеништво: 6
Број на семинари, курсеви и друг вид на обуки: 15

## 09001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.227.750 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за финансии е надлежно за работите на системот за финансирање, изготвување и извршување на Буџетот на Република Македонија, трезорскиот систем, управување со јавниот долг, даночниот систем и даночната политика, царинскиот систем, системот на девизното работење, системот на банките и другите финансиски институции, системот на сметководството, ревизијата и платниот промет, внатрешната контрола, заемите и кредитите, макроекономската и развојната политика, подготвување и проекција на платниот биланс, управување со капиталот, странска помош и компензационите фондови, осигурување на имот и лица, игрите на среќа, системот на јавните набавки, сопственоста и другите имотно-правни односи.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Министерството за финансии ги реализираше следниве активности: издадена е втора еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал, донесена е Стратегија за управување со јавен долг за 2010-2012 година, донесен е Закон за јавна внатрешна финансиска контрола, усвоена е Фискална стратегија за 2010-2012 година, донесена е Завршна сметка на Буџетот на РМ за 2008 година, имплементација на концептот бруто плата, доделување на национална акредитација за децентрализирано управување со ЕУ средствата за 1-ва, 3-та и 4-та ИПА компонента со претходна контрола и за 5-та компонента без претходна контрола.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Приоритети и цели на Министерството за финансии за 2010 година се: реформи на полето на јавните финансии, одржување на макроекономска стабилност, позасилена наплата на изворните приходи, и други приливи, обезбедување на рационално и наменско користење на буџетските средства, управување со ликвидноста на средствата на краток и среден рок, управување со јавниот долг, усогласување на нормативната рамка со таа на ЕУ-реализација на приоритетите од партнерството за пристапување и НПАА, зајакнување на административните капацитети за користење на предпристапниот ИПА инструмент на ЕУ, подготовка на сите стратешки документи кои како обврска произлегуваат со стекнување на кандидатскиот статус на земјата, остварување на реформите за постапно приближување кон структурите и стандардите на ЕУ, поддршка на борбата против организираниот криминал, корупцијата и перењето пари, финализирање на процесот на денационализација, финализирање на процесот на приватизација на изградено градежно земјиште, операционализација и имплементација на нормативните акти во делот на финансирање на локалната самоуправа и имплементација на ИПА фондовите.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 638
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 752

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Планирани кредитни средства во земјоделството (во илјади денари): 549.000
Број на одржани обуки за јавни набавки: 15

## 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ – ФУНКЦИИ НА ДРЖАВА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.402.345 илјади денари**

### ПРОГРАМИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во рамките на буџетот на овој раздел за 2010 година опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; трансферирање на средства до хуманитарни здруженија и политички партии, согласно со Законот за игрите на среќа и Законот за финансирање на политички партии; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; исплата на испратнини при редовно пензионирање, пензиско, инвалидско и здравствено осигурување за инвалидизирани лица; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; трансферирање на средства до Агенцијата за државни патишта; плаќање на ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ), како и финансирање на одлуки донесени од Владата на Република Македонија во текот на годината. Исто така, во рамките на оваа програма, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се и средства за финанисрање на непредвидените расходи во текот на фискалната година. Основни цели се: ефикасно извршување на функциите на државата; навремено и целосно финансирање на активностите на Владата на Република Македонија, кои при планирањето на Буџетот не можеле да се утврдат; навремена исплата на солидарна помош во случај на смрт и финансирање на штети во услови на природни непогоди.

## 09003 ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.020.491 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Царинската управа е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, во својство на правно лице. Функциите утврдени со закон ги извршува преку Централната управа и царинарниците. Централната управа координира и раководи со царинските надлежности на целата територија на Република Македонија, додека царинарниците се формираат кога тоа го бара обемот и структурата на стоковниот и патничкиот промет со странство.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Царинската управа ги реализираше следниве активности: Изготвена е Годишна програма за управување, уредување и одржување на објектите на премини за 2009 година и дадена е на усвојување во Владата на Република Македонија, донесено е Упатство за услови, начин и постапка за издавање под закуп на деловен и рекламен простор на граничните

премини за патен сообраќај, воспоставување на нов Систем за обработка на царински декларации и интероперабилност со системите на ЕЦУ (Европската царинска унија)–CDPS, воспоставување на систем за размена на податоци со други држави (SEED), извршено е ревидирање на Стратегија за развој на ИКТ, формирано е советодавно тело со бизнис заедницата, воспоставен е нов систем за пломбирање со употреба на високосигурносни пломби, потпишан е Протокол за соработка помеѓу ЦУ на РМ и Биро за Јавна Безбедност–МВР, донесени се измени и дополнувања на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, поднесен е инструмент за пристапување кон Конвенцијата за поедноставување и усогласување на царинските постапки до Светската царинска организација, донесена Одлука за воспоставување на Регионален тренинг центар на Светската царинска организација во соработка со Економскиот факултет во Скопје, реализирани се вкупно 142 обуки, семинари, работилници и презентации, на кои присуствувале вкупно 1.898 царински службеници, потпишан и ратификуван Меморандумот за соработка за пристапување кон програмата CUSTOMS 2013, изработено проектно фише за Инструментот за претпристапна помош (ИПА 2009 и ИПА 2010).

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Приоритети и цели на Царинската управа за 2010 година се: усогласеност на националното законодавство, обезбедување на наплата на приходите согласно планираното, спроведени истраги за спречување на корупцијата, преземање на превентивни мерки за можни злоупотреби од аспект на професионалното работење од страна на царинските службеници, засилување на механизмите за континуиран надзор, борба против организиран криминал, олеснување на трговијата и зголемен број на спроведени контроли и дополнителна наплата, добивање на Одлука (акредитација) од ЕК за пренесување на надлежностите за децентрализирано управување со ИПА фондовите компонента 1 (ТАИБ), навремено ревидирање на НПАА, потврдување на напредокот на Царинската управа во Извештаите на ЕУ за напредокот на Република Македонија, поврзување на едношалтерски систем за увоз и извоз и контрола при единствено застапување ЕС/КЕЗ со новиот ИТ систем на Царинската управа за електронска обработка на царински декларации- Customs Declaration Processing System (CDPS), интегрирање со CDPS и воспсотавување на оперативна примена на нови модули и функционалности.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 1.103
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 730

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Надоместоци за направени услуги во царинска постапка (во илјади денари): 52.000

## 09004 АГЕНЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.034.264 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за стоковни резерви управува со користењето и располагањето со стоковните резерви на Република Македонија. Носител е на правата, обврските и одговорностите во управувањето, користењето и располагањето со стоковните резерви на Република Македонија, се грижи за пополнетоста и за користењето на стоковните резерви согласно законот.

Агенцијата за стоковни резерви е орган во состав на Министерството за финансии и е единствен орган во Република Македонија кој се грижи за стоковните резерви.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Агенцијата за стоковни резерви ги реализираше следниве активности: извршена е продажба на 1.200.000 литри моторен бензин МБ 96 (Премиум), со што целосно е завршено користењето на оловни бензини во Република Македонија, вкупните количини на дизел гориво Д Е-IV заменети се со Еуродизел БС, потпишани се договори за обновување на вкупните количини на моторен бензин БМБ-95 и МБМ-98 и мазут М-2; дадени се на АД „ЕЛЕМ"на користење 999.490 кг. мазут М-2 од стоковните резерви, со рок на враќање до 31.08.2009 година со мазут М-1 НС, на ЈП Македонија Пат отстапени се без надомест 117.481 литри дизел гориво Д Е-IV од стоковните резерви, за реализација на програмата за период од два месеци.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Приоритети и цели на Агенцијата за стоковни резерви за 2010 година се: донесување на потребните подзаконски и интерни акти согласно новиот Закон за стоковни резерви, редовна контрола и попис на стоковните резерви, набавка и продажба на стоки од стоковните резерви заради обновување, изработка на програма за работа на Агенцијата и навремено обновување на стоковните резерви.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 25
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 6.140

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Износ на трошоци за прехрамбени стоки (во илјади денари): 20.000
Износ на трошоци за индустриски стоки (во илјади денари): 78.000

## 09005 УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.169.241 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за јавни приходи ги врши работите што се однесуваат на утврдување и наплата на даноци и на други видови јавни приходи во согласност со закон заради финансирање на јавните расходи.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Управата за јавни приходи ги реализираше следниве активности: намалување на даночната евазија, како резултат на зголемување на ефикасноста при контролите, реализиран е новиот проект за наплата на социјалните придонеси, како и надминување на наплатата на планираните приходи по овој основ, развивање на системот за централна обработка на даночните пријави.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Приоритети и цели на Управата за јавни приходи за 2010 година се: зголемен обем на наплата на даноците и социјалните придонеси, модернизација и ефикасна организација на вработените и подобрување на услугите кон даночните обврзници.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 1.240
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 818

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Наплата на јавни приходи заради финансирање на јавните расходи (во илјади денари): 500.000

## 09006 УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 35.225 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за финансиска полиција е специјализиран државен орган во Република Македонија со овластувања согласно Законот за кривична постапка кој се грижи за доследна примена на прописите, особено од областа на финансиското, даночното и царинското работење. Управата за финансиска полиција е со својство на посебно правно лице и е надлежна за спроведување финансиска контрола, прибирање и анализирање податоци за готовински трансакции, преземање предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела од областа на финансиите и вршење контрола на применета на даночните, царинските и други прописи.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Управата за финансиска полиција ги реализираше следниве активности: изготвени се и објавени во Службен весник на Република Македонија 6 подзаконски акти врз основа на Законот за Финансиска полиција со што е заокружена правната рамка согласно законот, продолжени се активностите сврзани со институционалното, кадровското и техничкото зајакнување на Управата за финансиска полиција, спроведени се обуки на вработените, потпишан е договор за соработка со Европол, поднесени се 59 кривични пријави против 163 лица, за кривични дела: даночно затајување, перење пари, измами, фалсификување и уништување на документација и злоупотреба на службената положба.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Приоритети и цели на Управата за финансиска полиција за 2010 година се: превземање на активности за зголемување на ефикасноста во борба против организираниот финансиски криминал, корупцијата и перењето пари, подобрување на законската регулатива, зајакнување на оперативните капацитети на Управата за финансиска полиција, зајакнување на административните капацитети, зајакнување на превентивната и репресивната улога на Управата за финансиска полиција, спроведување на континурана ефикасна контрола на применувањето на прописите од областа на јавните давачки и заштита на Буџетот на Република Македонија, зајакнување на институционална и меѓуинституционалната соработка, воспоставување на меѓународна соработка со органи и организации членки на Европската унија и други земји.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 30
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.154

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на извршени контроли: 170

## 10001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.215.228 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за економија е надлежна за создавање на услови за развој на индустријата базирана на иновации и знаење, регулација на внатрешниот пазар, развој на енергетскиот сектор, унапредување на деловната клима и поттикнување на домашните и странските инвестиции, зголемување на конкурентноста на корпоративниот сектор, создавање на услови за поттикнувачка деловна и инвестициона клима за раст на деловните активности и инвестициите, развој на претприемништвото и малите и средни претпријатија, искористувањето на природните минерални ресурси, зголемување и промоција на извозот, развој на јавно-приватното партнерство и развој на туризмот.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година реализирани се активностите согласно: Програмата за развој на туризмот, Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија, Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги, Програмата за основни геолошки истражувања, Програмата за детални геолошки истражувања, Програмата за заштита на потрошувачите за период 2009-2010 година, Програмата за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија и Програмата за ревитализација на текстилната индустрија.

Изработена е WEB страна за туризмот, учествувано е на повеќе туристички саемски настапи, реализирана е соработка со англиски туроператори и потпишана е билатерална соработка со Црна Гора. Реализирани се меѓународните саеми за вино, земјоделско прехранбени производи, одржана е работилница „Стандарди за квалитет, нови технологии и трендови, можности и потенцијали за извоз за дрвната индустрија и индустријата за производство на мебел“.

Во делот на искористувањето на природните ресурси во текот на 2009 година склучени се договори за концесии за основни и детални геолошки истражувања на енергетски минерални суровини; ставени се во дигитална форма Основната инженерскогеолошка карта (ОИК) и Основната хидрогеолошка карта (ОХГК) за листовите Битола и Лерин; спроведени се дополнителни геолошки истражувања за јаглен во рамките на јагленовото наоѓалиште “Неготино“-Неготино; изработена е Студија и Проект за геолошки истражувања на нафта и гас на Република Македонија и започнати се истражувања и испитувања на геотермална енергија на река Пена-Тетово.

Донесени се Правилник за начинот за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија, произведена од обновливи извори на енергија, како и содржината, формата и начинот на водењето регистар на повластени производители на електрична енергија, произведена од обновливи извори на енергија и Уредба за критериумите и условите за прогласување на електроенергетска кризна состојба, начинот на снабдување со електрична енергија во овие услови, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност. Во текот на 2009 година на 500 домаќинства надоместен е дел од трошоците за набавка на соларен колекторски систем.

Во текот на 2009 година Бирото за метрологија изврши жигосување на предмети од скапоцени метали, злато, сребро, верификувани мерила (елекрични и механички), издадени се потврди за сообразност на единечно прегледано возило.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Министерството за економија за 2010 година се: развивање и инплементација на интегрирана индустриска политика која води кон раст, развој со конкретни мерки и инструменти инкорпорирани во повеке програми, зголемување на инвестициите, конкурентен и иновативен индустриски корпоративен сектор, развој на кластерингот и вклучување на македонските компании во мрежата на глобални добавувачки ланци, развивање на претприемачки сектор на микро мали и средни претпријатија, регулирање на внатрешен пазар и примена на европските технички прописи за воспоставување на систем за безбедност на производи и стандарди за квалитет, зголемување на извозот и инвестициите, либерализација на енергетскиот пазар, создавање на услови за стабилно и одржливо обезбедување со енергија и раст на инвестициите во енергетскиот сектор, развој на туризмот со зголемување на стандардите на туристичката понуда и зголемена валоризација и промоција на македонските туристички можности, продолжување со усвојување и примена на европската регулатива и стандарди во областа на индустријата, енергетиката, искористување на минералните ресурси, внатрешниот пазар врзан со ПЕКА (Европски протокол за оцена на сообразност). Поттикнување и подршка за поинтензивно користење на средствата од инструментите за претпристапна помош на ЕУ (ИПА) и програмите на Заедницата (ЦИП) во функција на остварување на динамичен и иновативен развој на индустријата, енергетиката, туризмот и малите и средни претпријатија.

**ИНДИКАТОРИ*:***

Број на вработени: 489

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 975

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на извршени инспекциски надзори: 50.000

Број на доставени геолошки извештаи за извршени геолошки истражувања-геолошки карти: 8

Број на издадени ваучери: 60

Број на усвоени стандарди: 5.000

## 10002 АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 419.008 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за странски инвестиции е самостоен орган чија основна цел е обезбедување зголемен прилив на странски директни инвестиции со кои се поттикнува економскиот развој на Република Македонија преку професионално презентирање на секторски специфичните и оперативните добивки кои Република Македонија ги нуди на инвеститорите, во електронски и печатени медиуми, промовирање на регионите на Република Македонија, поттикнување на странските инвеститори да користат производи и услуги од македонските претпријатија, обезбедување услуги на инвеститорите и други работи утврдени со закон.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година реализирани се активностите поврзани со Програмата за промоција и развој на инвестиции за 2009 година во насока на зајакнување на процесот на економска промоција преку ангажман на дваесет и три економски промотори во дваесет и една земји во светот со подигнување на

свеста на странците за инвестиционите погодности на Република Македонија. Емитуван е телевизиски спот за инвестиционите потенцијали на Република Македонија во светски реномирани и најгледани телевизиски канали, како и национални телевизии во земјите каде се алоцирани економските промотори. Ажурирани се анализите за индустриските сектори на автомобилската индустрија, агро бизнисот, информатичката технологија, софтвер и фармација и медицински помагала, како и изработка на нов дизајн и нови промотивни материјали.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Продолжуваат активностите за склучување на конкретни проекти со цел вложувања, имплементација на инвестициони проекти за кои се склучени договори, зголемување на бројот на остварени средби со заинтересирани инвеститори и подигање на тековните преговори со потенцијални инвеститори на повисоко ниво. Се продолжува со унапредување на активностите поврзани со after care третман на веќе присутните инвеститори во Република Македонија преку директно детектирање на потребите за реализација и имплементација на инвестициониот проект во секоја негова фаза.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 48
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 6.840

## 10003 АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 13.000 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот е самостојно правно лице чија основна цел е унапредување и промоција на туризмот на Република Македонија во земјата и странство, промовирање на вкупниот туристички потенцијал, развивање и промовирање на нови туристички понуди.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот учествуваше во реализацијата на активностите предвидени со Програмата на Министерството за економија за промоција на туризмот на Република Македонија за 2009 година.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Продолжуваат активностите за развој и унапредување на туристичката понуда на Република Македонија преку презентација на туристичките потенцијали на меѓународните туристички саеми, соработка со странски тур оператори, како и промоција на македонскиот туризам во странски печатени и електронски медиуми.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени:
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):

## 11002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 43.155 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за индустриска сопственост е самостоен орган на државната управа, надлежен за спроведување постапки за стекнување и заштита на правата од индустриска сопственост, промовирање на заштитата на индустриската сопственост и вршење на други работи утврдени со закон.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Од 01 јануари 2009 година Република Македонија официјално стана 35-та членка на Европската патентна организација со седиште во Минхен. Во текот на 2009 година зголемена е ефикасноста во спроведување на административна постапка во заштита на правата од индустриска сопственост, подготвени се правилници за спроведување на новиот закон, поднесена е инцијатива за измени на Законот за административните такси во доменот на заштитата на правата од патенти, утврден е ситем за контрола на уплата на таксите кои произлегуваат од пристапувањето во Европската патентна организација и изработена е работна верзија на Националната стратегија за интелектуална сопственост.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Државниот завод за индустриска сопственост за 2010 година се спроведување на активностите предвидени со Националната стратегија за интелектуална сопственост на Република Македонија, подобрување на ефикасноста на спроведувањето на управната постапка, јакњене на системот на заштита на индустриската сопственост, како и зголемување на бројот на спроведените постаки за заштита на правата од индустриска сопственост.

**ИНДИКАТОРИ*:***

Број на вработени: 35

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.202

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на издадени документи во постапката за признавање на правата за индустриска сопственост: 8.400

## 12101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 519.204 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за животна средина и просторно планирање е буџетска институција чии законски надлежности се во доменот на заштитата на животната средина и просторното планирање и се однесуваат на: следењето на состојбата на животната средина; заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување; заштитата од бучава, радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитените области; реставрацијата на загадените делови од животната средина; предлагањето мерки за третман на цврст отпад; просторното планирање; просторниот информативен систем; надзорот од негова надлежност и врши и други работи утврдени со закон.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Министерството за животна средина и просторно планирање во рамки на законските надлежности, а согласно поставените цели и приоритети за 2009 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за води, го изработи Нацрт–Законот за пакување и отпад од пакување; ја донесе Стратегија за инвестиции во животната средина да изготви Национален план за управување со отпад и друго. Изработени се и донесени повеќе правилници, одлуки, уредби од областа на животната средина, воздух, отпад, бучава, вода, природа, ГМО и слично. Со цел подобрување на јавната чистота во општините, спроведена и реализирана е јавна набавка на 5.000 контејнери. Континуирано се реализираа активностите за изградба на колекторски системи ЛОТ 1 во Берово, изградба на водоводна мрежа во населените места: Пирок, Порој, Калиманци, Врапчиште. Поставени се две мониторинг станици во околината на Окта, спроведена е постапка за изработка на пиезометарска мрежа за земање на примероци за хемиска анализа на почва и подземни води од локалитети околу рафинеријата за нафта “ОКТА“- Скопје, продолжени се активностите за одржување на воспоставените мониторинг станици, контрола на квалитет на водите, воздухот и цврстиот, радиоактивен отпад, поддршка на стопанскиот сектор и индустријата за постигнување на стандардите согласно директивите на ЕУ и новите закони. Изработен е извештај за спроведување на Просторниот план за 2008 година, изготвен е Просторниот план за Охридско – Преспанскиот регион, изработена е проектна Програма за изведба на геотехнички истражни работи за изработка на проектна документација за санација и рекултивација на старото хидројаловиште РОЦ Злетово Пробиштип и слично.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ВО 2010 ГОДИНА

Како приоритети на Министерството за животна средина и просторно планирање се определени следниве проекти: изградба на пречистителна станица во н.м. Волково-Ѓорче Петров, изградба на седум помали пречистителни станици во општина Сарај, како и каскадни прегради на реката Вардар со цел да се формираат услови за изградба на пречистителна станица во град Скопје, спроведување на јавна набавка за 20.000 канти кои треба да се дистрибуираат во општините на ниво на цела територија, изградба на 10 десет бунари во месноста Ѓавато во Дојран со цел зголемување на нивото на водата во Дојранското езеро, како и обезбедување на доволна количина на вода за наводнување. Се планира да се изградат фекални и канализациони мрежи во одредени населени места, а Министерството за животна средина и просторно планирање, во согласност со Национална програма за усогласување со правото на ЕУ треба да изработи повеќе закони од областа од животната средина, како и голем број на правилници и уредби кои треба да се донесат за целосна употреба на законите.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 169
Оперативни расходи по вработен ( во илјади денари): 1.149

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на денови на вработените поминати на обуки: 103
Број на финансиски проекти: 30
Број на просторни планови: 2
Број на прекршочни норми за максимални дозволени концентрации: 500

## 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.171.214 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министертвото за транспорт и врски извршува активности со кои се уредуваат односите во сферата на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и комуникациите, внатрешната пловидба, уредување на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Министерството за транспорт и врски во текот на 2009 година ја изврши планираната санација на активните свлечишта Ѓермо, Ракотинци, Рамина и Поројска река, при што ги реализира и пректите за водоснабдување на Тетово, Свети Николе, Прилеп и ги изгради планираните водоводи и канализации во останатите насалени места во Република Македонија согласно Програмата за распределба на средства за изградба на водоснабдителни и канализациони системи во Република Македонија за 2009 година. Исто така изграден е армирано бетонски мост во општина Ранковце, а Северната Трибина на Градскиот стадион во Скопје е изградена и пуштена во употреба. Министерството за транспорт и врски успешно ги распредели ЦЕМТ дозволите на транспортните фирми, ја реализира програмата за изработка на урбанистички планови во населените места во РМ и ги распредели средствата за реализација на проектот Каскадни прегради на река Вардар, продолжи со планираното одржување на железничките пруги во Република Македонија и продлабочување на пристаништето во Охрид (Св.Наум). Во текот на 2009 година завршени се тендерите за изработка на проект за гасоводен систем во РМ, за набавка на автобуси за јавен градски превоз во Скопје, за изработка на студија за сообраќаен систем на град Скопје, за изградба на Жичара од Средно Водно до врвот на Водно, за изградба на Источна и Западна Трибина на Градскиот стадион и за изградба на социјалните станови.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Министерството за транспорт и врски во текот на 2010 година планира изградба на каскадни прегради на река Вардар, изградба на мост во Радовиш, изработка на сообраќајна студија за Град Скопје, продлабочување и реконструкција на пристаништата во Охрид, набавка на нови двокатни автобуси за јавен градски превоз, отпочнување со изградбата на Жичара од Средно Водно до Милениумски крст, продолжување со санацијата на активните свлечишта, модернизација на железничката инфраструктура, изработка на проектот за гасификациона мрежа во Република Македонија, подобрување на водоснабдувањето на ЕЛС од регионалниот водовод Студенчица, изградба на пристапен пат до спомен обележјето Куќата на Мустафа Кемал Ататурк, како и изработка на урбанистички планови на населените места.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 225

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.134

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на објавени тендери за продажба на градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Македонија: 100

Број на распределени ЦЕМТ дозволи: 850

Број на проекти за изградба на водоводи и фекални канализации во РМ: 38

## 13002 АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 885.800 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата е самостоен правен субјект, надлежен за работи поврзани со воздушниот сообраќај и ги извршува задачите во врска со безбедноста на воздушната пловидба. Агенцијата го контролира воздушниот простор над Република Македонија, безбедноста на воздухопловите и издавањето на лиценците и валидација на дозволите на воздухопловниот персонал.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Агенцијата за цивилно воздухопловство во текот на 2009 година, поточно во јуни 2009 година го заврши процесот на поделба на регулатор и сервис провајдер, согласно Законот за воздухопловство.

Согласно таа поделба, Агенцијата продолжува со активности кои се поврзани со спроведување на Законот за воздухопловство и прописите кои произлегуваат од него, Националната стратегија за развој на воздухопловството, меѓународните договори од областа на цивилното воздухопловство ратификувани од Република Македонија, а со цел безбедно и редовно одвивање на цивилното воздухопловство.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во наредниот период активностите на Агенцијата ќе бидат насочени кон: имплементирање на законските регулативи од Европската комисија, како и усвојување и примена на политиката за заштита на околината и заземање значајна улога во процесот на регионалната соработка. Сервис провајдерот планира да оствари зголемен обем на сообраќај како резултат на зголеменото ниво на воздушни патишта во Републиката и во регионот, како и да го реализира планот на давање на услуги за слетување. Активностите на сервис провајдерот ќе бидат во насока на продолжување со сервисирањето на услугите на воздухопловите во прелет на воздушниот простор на Република Македонија и давање на услуги за слетување, со цел подобрување на безбедноста на воздушниот простор и авиосообраќајот, како и одржување на вкупните системи (земски радионавигациски системи, информатички системи, радарска техника, комуникациски и метеоролошки системи, енергетски системи, мототехнички системи и техничко одржување).

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 65
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.404

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Издадени дозволи за редовен и нередовен авионски сообраќај: 380
Извршени безбедносни (security) инспекции: 35

## 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.679.546 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е буџетска институција која врши надлежности во областа на: земјоделството, шумарството и водостопанството; користење на земјоделското земјиште, шумите и другите природни богатства; ловот и риболовот;

хидромелиоративните системи; следењето и проучувањето на состојбата со водите, одржување и подобрување на режимот на водите и врши други работи утврдени со закон. Во рамките на министерството функционираат управите за ветеринарство, водостопанство, семе и саден материјал и заштита на растенијата, како и Државниот инспекторат за земјоделство и Државниот инспекторат за шумство и ловство.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година беа реализирани низа активности во насока на поставување на Единствениот регистар на земјоделски стопанства во електронска форма како клучна компонента на интегрираниот Земјоделски Информативен Систем кој е носечки столб за изготвување, спроведување на политиката за развој на земјоделството и руралниот развој и следење на ефикасноста на спроведување на развојните политики. Воедно во насока на развој на компонентата на земјоделскиот информативен систем за идентификација на земјишни парцели (ЛПИС) извршено е авионско орто-фото снимање на територијата на РМ и дигитализација на податоците. Извршен е понатамошен развој на пилот Земјоделски пазарен информативен систем со опфаќање на поголем број селектирани пазари за следење на пазарната динамика. Во насока на мерките за рурален развој изготвена е Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2009 и подзаконски акт за нејзино спроведување преку доделување на капитални грантови за инвестиции за зголемување на конкурентност на земјоделските стопанства и аквакултура, инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи, рурална инфраструктура, поттикнување на развој на рурален туризам, промоција на обавување на заеднички активности на земјоделските производители, за подобрување на знаењето и унапредувањето на човечкиот потенцијал на земјоделските производители и инвестиции за производство и користење на обновливи енергии во рурални средини. Пошумени се голини и ерозивни земјишта на површина од 500 ха, извршена е превентивна заштита на шумите од штетникот боров четник на површина од 10.000 ха; спроведена е акцијата „Ден на дрвото-засади ја својата иднина“ со пошумување на вкупна површина од 1.800 ха. Континуирано е спроведувана имплементација на Програмите за контрола и ерадикација на заразните болести кај животните (намалена преваленца на болеста бруцелоза кај овци и кози со намален број на заболени животни и луѓе од бруцелоза; 205.400 вакцинирани свињи против класична чума кај свињите и непостоење жаришта на оваа болест во РМ) и усогласување на законодавството во областа на здравствената заштита на животните и ветеринарното јавно здравство. Исто така континуиран е процесот на доделување на земјоделско земјиште во државна сопственост во закуп на територијата на РМ; завршена е реконструкција и санација  на сифон Макарија во ХМС Тиквеш во должина од 750 метри, како и чистење на канали за одводнување во должина од 120 км.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во 2010 година Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги планира следниве активности: поставување на Земјоделски пазарен информативен систем (ЗПИС) во електронски формат и воспоставување на мрежа на на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (ФАДН). Во насока на целосна оперативност на електронскиот Единствен регистар на земјоделски стопанства се предвидува воведување на постапки за проверка на квалитетот на информациите и верификација на податоците како и негово поврзување со останатите системи во Министерството. Паралелно ќе се врши унапредување на систем за мониторинг и менаџмент на лозови насади на цела територија на Република Македонија,

надградба на системот за идентификација и регистрација на животните за воведување на поткомпонентата „идетнификација и регистрација на животните од видот свињи“ и продолжување со активностите за воведување на Системот за идентификација на земјишни парцели (ЛПИС). Интензивирање на активностите за прилагодување на националното законодавство со законодавството на ЕУ преку реализација на мерките и активностите од Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА)-ревизија 2010.

Од аспект на политиките за одржливо управување и искористување на природните ресурси ќе бидат превземени следните активност: финализација на базичните истражувања во комасационите пилот области и започнување со физибилити студија и план за комасација во Република Македонија, превземање на интензивни мерки за ефикасно чување на шумата во приватна и државна сопственост од бесправни сечи и шумски кражби, шумски пожари, растителни болести, шумски штетници и други непогоди особено преку едукација на месното население за примарна превенција и заштита на шумите како и едукација за нивното значење за животната средина на населените места покрај или во шумски појас; одржливо управување и користење на водните ресурси. Преку реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите и развој и унапредување на ловството во РМ ќе се продолжи со активностите за обновување на шумскиот фонд во Република Македонија и поддршка на акцијата „ Ден на дрвото-Засади ја својата иднина“.

Во фокусот на активности на министерството во 2010 година ќе бидат активностите за информирање на корисниците на поддршка за можностите кои ги нудат Програмите за финансиска поддршка во 2010 година заради ефикасно извршување на предвидените финансиски средства и навремена реализација на истите согласно производниот циклус на земјоделската дејност.

Во 2010 година ќе продолжат активностите за воведување и имплементирање на ефикасен и одржлив систем на: следење, контрола и сузбивање на заразните болести кај животните, како и контрола на зоонози, систем на контрола на ветеринарно медицински препарати и контрола на производството, прометот и употребата на добиточна храна и исхраната на животните. Од аспект на заштита и здравје на растенија ќе се превземе следното: следење и одредување мерки за спречување ширење на штетни организми кај растенијата, измена и дополна на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија со подзаконски акти; запишување на сорти во Национална сортна листа и нивно објавување во Службен весник на РМ; континуирана контрола на семенски и саден материјал кој се увезува и произведува во Република Македонија.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 809
Оперативни расходи по вработен (во илјада денари): 675

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на донесени законски и подзаконски акти согласно НПАА: 40
Број на потпишани договори со правни лица за реализација на активностите за пошумување и заштита на шуми: 6
Број на донесени програми за поддршка на земјоделството: 5
Процент на испитани говеда за бруцелоза и туберкулоза од вкупниот број на говеда кои се целна група за испитување: 90%
Број на извршени лабораториски фитопатолошки, квалитативни и хемиски анализи за следење на растителни штетни организми: 430
Должина на реконструирани, изградени и исчистени канали за наводнување и одводнување: 120 км

## 14002 АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО- БИТОЛА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 65.731 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството со своите активности допринесува во зголемување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство, поголема искористеност на капацитетите и зголемување на профитабилноста. Агенцијата е одговорна за давање на услуги преку практична имплементација на научни и технички сознанија насочени според потребите на пазарот, преку соработката и јакнење на земјоделските здруженија, активности за спроведување на владини програми и мерки наменети за приватниот земјоделски сектор, воспоставување и користење на информативни системи и различни бази на податоци во функција на подобрена следливост на земјоделската активност, размена на информации со заинтересираните страни наменети за индивидуалните земјоделски производители.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството ги реализира активностите според планираниот обем и динамика на Годишната програма за работа. Агенцијата изврши групирање на активностите според Програмските определби, активира 40 дисперзирани канцеларии во руралните средини со што се овозможи поефикасен пристап на советниците на терен кај индивидуалните земјоделски производители. Во изминатиот период Агенцијата изврши активности за развој на техничко економски советодавни услуги на индивидуалните земјоделски производи на индивидуалните земјоделски производи и нивна реализација на терен, поддржана е реализацијата на Програмата за финансиска поддршка на земјоделството, реализирана е акција за поддршка на руралните средини, континуитет на имплементација на Сисемот на мониторинг на фарма-ФАДН.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Како основни приоритети за 2010 година се следните активности: развој на квалитетна советодавна услуга и нејзина имплементација на терен; функционирање на системот за мерливост на квалитет и квантитет од спроведени советодавни услуги кај ИЗП; овозможување на флексибилна и пазарно ориентирана рурална економија преку развојот на земјоделското производство и во руралните области и одржување континуитет на системот за мониторинг на фарма - ФАДН.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 137
Оперативи расходи по вработен (во илјади денари): 480

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на склучени договори со даватели на услуги за редовно функционирање на Агенцијата: 20
Број земјоделци кои добиваат совети: 4.000
Број на фарми за кои се изготвени извештаи во рамки на ФАДН: 450

## 14003 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 126.681 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Во делокруг на надлежности на Управата за хидрометеоролошки работи е вршење на хидролошките и метеоролошките работи кои ги опфаќаат активностите поврзани со развојот и функционирањето на хидролошкото бдеење, истражувањата на атмосферата, почвата и водните ресурси и работите на примената на хидрологијата и метеорологијата. Исто така, Управата ги извршува и го координира извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија во областа на метеорологијата и хидрологијата, следење на квалитетот на водите и квалитетот на воздухот.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во 2009 година Управата за хидрометеоролошки работи изготви хидролошки подлоги за потребите на проектот за изградба на мали хидроцентрали во Република Македонија, учествуваше во изготвување на проекти од областа на хидрологијата, метеорологијата и заштитата на животната средина, постигна висок процент на остварени најави за опасни временски непогоди, противградна одбрана. Исто така се интензивира и подобри меѓународната соработка во областа на хидрометеоролошката дејност, се превземаа активности за осовременување на мрежата на метеоролошки и хидролошки станици и радарски центри, следење на примарните појави и процеси во атмосферата, почвата и водните ресурси и нивното влијание врз животната средина и природата.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Основни приоритети на Управата за хидрометеоролошки работи за 2010 година се: осовременување на мрежата на метеоролошки и хидролошки станици, следење на примарните појави и процеси во атмосферата, почвата и водните ресурси и нивното влијание врз животната средина и природата, изготвување на проекти и програми од областа на хидрометеоролошките истражувања и работи на примена на хидрологијата и метеорологијата за потребите на стопанството и интензивирање на меѓународната соработка и евроинтеграционите процеси во областа на хидрометеоролошката дејност.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 202
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 569

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на јавни набавки: 85
Број на серии на хидролошки мерења: 12
Број на извештаи од метеоролошки, климатолошки, дождомерни и фенолошки станици: 12
Број на временски прогнози: 365

## 14004 АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 6.068.110 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е надлежна за извршување на мерките за поддршка и развој на

земјоделството и руралните средини преку искористување на средства од Буџетот на Република Македонија и Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската унија (ИПАРД). Главни функции на Агенцијата согласно Законот за основање на Агенцијата се авторизација на плаќањата, извршување на плаќањата од областа на земјоделството и руралниот развој.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА**

Во 2009 година целосно со реализирани Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Во тој поглед, во Агенцијата беа примени над 2000 барања за користење на средства (реализација на проекти) од Програмата за рурален развој и над 100.000 барања за користење на средства од Програмите за директни плаќања (субвенции) во земјоделството. Средствата предвидени со овие Програми беа целосно реализирани и исплатени на крајните корисници. На полето на реализација на средствата од претпристапната помош на Европската унија за рурален развој, во март, 2009 година беше добиена национална акредитација, а потоа од страна на Европската комисија беше донесен формален акт со кој се изврши пренесување на правото за управување со средствата од ИПАРД на Агенцијата.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА**

Во 2010 година се планира да се започне со реализација на дел од средствата од претпристапната помош на ЕУ за рурален развој кои и се одобрени на Република Македонија. Во поглед на реализацијата на Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во 2010 година, Агенцијата планира да реализира 5.483.000.000,00 денари директни плаќања (субвенции) во земјоделството и 617.000.000,00 денари плаќања во насока на поддршка на руралниот развој во Република Македонија. Во насока на поефикасно реализирање на наведените програми, во 2010 година се планира надградба на ИКТ системот на Агенцијата со софтверски решенија со цел поддршка и автоматизирање на работните процеси во Агенцијата.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 87

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 731

## 15001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 22.615.209 илјади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Министерството за труд и социјална политика е буџетска институција надлежна за развивање, контрола и спроведување на политиките во областа на работните односи и вработувањето, пензиско и инвалидско осигурување, спроведување и унапредување на системот на социјална заштита и детска заштита и води грижа за благосостојбата на семејството, ранливите групи на популацијата, децата и возрасните засегнати од социјален ризик.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА**

Во текот на 2009 година во Министерството за труд и социјална политика продолжи операционализацијата на планираните активности, мерки и програми од Националната стратегија за вработување до 2010 година, имплементацијата на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување во 2009 година, како и реализацијата на КАРДС Проектот-Поддршка за политиката за вработување 3 фаза. Во изминатиот период се

имплементираа договорите за социјално осигурување со Белгија и Луксембург. Во делот на детска заштита изготвени се стандарди за рано учење и развој на децата, континуирано се сроведува стручен надзор врз исхраната на децата во детските градинки и извршена е реконструкција и реновирање на дел од мрежата на детски градинки во земјата. Извршено е сместување на лица-жртви на семејно насилство, бездомници, деца на улица и деца со интелектуална попреченост, инклузија на деца од ромската популација во предучилишно образование, како и подобрување на згрижувачките услови и организирање на нови форми на заштита на корисниците. Истовремено, редовно и навремено се исплатуваа социјални надоместоци и тоа: надоместоци по основ на социјална заштита, редовна исплата на детскиот додаток, финансирање на правата на цивилни инвалиди од војната, борците и воените инвалиди, финансирање на прифатниот центар за баратели на азил, сместување и исхрана на внатрешно раселените лица во колективните центри.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Доследно и успешно реализирање на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ за областите и прашањата во надлежност на Министерството за труд и социјална политика (слободно движење на работници, социјална политика и вработување), а во функција на исполнување на стандардите и критериумите за интеграција на Република Македонија во ЕУ и отпочнување на преговорите за членство, како и развој и имплементација на мерки за заштита од долгорочна невработеност и слободно движење на работна сила. Во областа на детската заштита приоритет е реформирање на системот за заштита на децата во функција на подобрување на таргетирањето на корисниците на надоместоците на детскиот додаток, имплементација и продолжување на процесот за децентрализација според утврдените мерки и политики, зголемување на бројот на опфатени деца во детските градинки, инклузија на деца од ромската популација во предучилишно образование, остварување на дејноста одмор и рекреација на деца до 18 годишна возраст. Обезбедување на одржлив систем за социјална заштита и подобрување на системот на таргетирање на социјалната помош, односно обезбедување на социјална помош за најранливите категории на населението.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 1.528
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 711

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на спроведени тендери: 40
Број на извршени инспекции на деловни субјекти: 57.000
Број на деца згрижени во детски градинки: 22.844
Број на лица сместени во дневни центри и социјални установи: 1.200
Број на корисници на разни права по основ на социјални надоместоци: 132.974

## 16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.575.964 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за образование и наука ги врши работите што се однесуваат на: воспитанието и образованието од сите видови и степени, образованието на возрасните, организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката, воспитанието и образованието на децата со посебни потреби и децата на нашите работници на

привремена работа и престој во странство, верификација на струките и профилите во образованието, ученичкиот и студентскиот стандард, технолошкиот развој, информатиката и техничката култура, информацискиот систем, меѓународната научно техничка соработка, надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на изминатата година реализирани се бројни активности кои доприносуваат за исполнување на основните критериуми за поквалитетно образование во Република Македонија и нивно имплементирање во целост со цел исполнување на европските критериуми за поефикасен образовен систем во државата. Активностите на Министерството за образование и наука беа насочени кон децентрализација на образованието, воведување на ефикасен систем за следење на користењето на наменската и блок дотација за образование во општините како и натамошно спроведување на модернизација на образовниот процес. Постигнување на целосен опфат на генерацијата од 6-14 години, обезбедување на бесплатни учебници на сите ученици во дејноста на основното и средното образование, спроведување на државната матура во средното образование, спроведување на задолжителното средно образование, реализација на започнатите реформи во гимназиското и стручното образование и отпочнување со работа на Центарот за образование на возрасни, имплементација на реформите во дејноста на високото образование со цел создавање на услови за поголема достапност на високото образование на сите граѓани во државата со новоформираниот универзитет и факултети во рамките на постојните универзитети во повеќе градови на територијата на Република Македонија, спроведување на кредит-трансфер системот во согласност со Болоњската декларација и соработка со странски универзитети и професори. Истовремено се вршеше подобрување на мрежата на основните и средните училишта, односно завршување на доградбата на започнатите училишни објекти од претходните години од основното и средното образование, отпочнување на изградбата на нови училишни објекти согласно потребите, реконструкција на постојните ученички и студентски домови, како и имплементација на проектот за изградба на училишни спортски сали во основните и средните училишта како и спроведување на мерки за унапредување на дејноста на науката.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во текот на 2010 година активностите на Министерството за образование и наука ќе бидат насочени кон: обезбедување на квалитетен и ефикасен воспитно образовен процес согласно европските стандарди; понатамошна имплементација на основното деветгодишно образование и воспитание согласно концепцијата за деветгодишно основно образобание, Законот за основно образование како и подготвените и усвоените подзаконски акти како и обезбедување на бесплатни учебници за секое дете. Истовремено една од основните цели е и целосен опфат на децата во основното и средното образование, зголемување на квалитетот на системот за основно и средно образование, намалување на осипувањето на учениците како и подобрување на наставните планови и програми; реализација на процесот на децентрализација во образованието, понатамошна имплементација на Болоњската декларација и ЕКТС системот, поголема достапност на високото образование на целата територија на Република Македонија преку развој на дисперзирани студии, реализалирање на високо образовната дејност која ги опфаќа додипломските, последипломските и докторските студии. Во текот на годината ќе се врши и подобрување за квалитетот на услугите за сместување во ученички студентски домови, континуитет и транспарентност при

доделување на стипендии за ученици и студенти, развој на научно-истражувачката дејност, техничката култута и технолошкиот развој. Континуираното вложување во капиталните инвестиции овозможува подобрување на опременоста и условите за изведување на наставата во училиштата и домовите со изградби и реконструкции на истите како и реализација на Проектот 145 Училишни спортски сали.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 8.565
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 811

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на вработени што посетуваат обука финансирана од донации: 100
Број на ученици во основното образование: 212.883
Број на ученици во средното образование: 94.015
Број на студенти во високото образование: 24.500
Број на ученици сместени во ученички домови: 2.000
Број на ученици сместени во студентски домови: 5.500
Број на финансирани научно истражувачки проекти: 300

## 16002 БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 206.870 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за развој на образованието врши стручна дејност која се состои во: изготвување на концепции за предучилишното, основното и средното образование и воспитание во Република Македонија, изработка на наставни планови и програми и други стручни документи за воспитно-образовната дејност на установите за предучилишното, основното и средното образование и воспитание, ученичките домови, стручно педагошко усовршување на раководниот и наставно-воспитниот кадар на овие установи, следење и вреднување на резултатите од воспитно-образовната работа на училиштата.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАИ ВО 2009 ГОДИНА

Активностите на Бирото за развој на образованието во 2009 година беа насочени кон подобрување на квалитетот на образовниот процес преку подобрување на наставните програми, стручно-педагошко усовршување на раководниот и наставно-воспитниот кадар и зајакнување на советодавната стручна работа за наставата во училиштата, како и печатењето на педагошката документација и евиденција за основното и средното образование. Успешно е спроведена Државната матура, изработени се нови наставни програми за II одделение за сите насоки на основните музички училишта и нови наставни програми за учениците со посебни образовни потреби што се образуваат во посебните основни училишта и посебните паралелки на основните училишта за II одделение; изработени се стандарди за занимања, Концепција за три годишно образование и Концепција за стручно оспособување во траење од две години; развиен е концептот за проширена програма за работа на основното деветгодишно образование; концепт и програма за вреднување на постигнувањата на учениците на крајот на IV одделение како и отпечатени се прирачници и дидактички материјали за наставата по сите предмети во IV одделение на деветгодишното основно училиште.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Согласно програмата на Владата на Република Македонија и Министерството за образование и наука, главната цел на Бирото за развој на образованието за 2010 година ќе биде насочена кон имплементирање на новите наставни програми во основното и средното образование. Исто така Бирото ќе биде ангажирано во процесот на изработка на прашања и тестови на знаење за проверување на постигањата на учениците во основното и средното образование. За успешно имплементирање на новите наставни програми и другите измени во наставните планови, како и во начинот на планирање и изведување на наставата, Бирото ќе биде ангажирано во пружање континуирана подршка на наставниците во основните училишта преку одржување на семинари, стручни средби со наставниците, советувања и посета на училишта. Во текот на годината ќе се вршат развојни истражувања, оспособување на стручните активи на наставниците за избор на учебници во училиштето, одржување семинари, работилници и други форми на обука; анализа на гимназиското образование, средното стручно образование и деветгодишното основно образование како и развивање на концепција за лектира. Матурата и понатаму останува да биде приоритет и во таа смисла ќе се реализираат многубројни активности, со цел да се направат сеопфатни подготовки за успешна реализација на државната матурата во учебната 2009/2010 година како: подготовка на материјали (испитни програми, тестови, прирачници за наставници, испитни каталози и сл.); стручна подготовка на наставниците за подобрување на квалитетот на училишното оценување; воведување на новини во спроведување на Државната матура (согласно Концепцијата за матура и завршен испит); изготвување на Концепција за Националното оценување усогласена со Концепцијата за деветгодишно основно образование; учество во екстерно оценување; спроведување на обука и испити за кандидати за директори на основни и средни училишта; учество во меѓународни проекти; изготвување на извештаи со заклучни согледувања од спроведените активности и обезбедување на дополнителна техника и опрема.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 172
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.069

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на објавени и спроведени јавни набавки: 10
Број на изготвени нови наставни програми: 150
Број на изготвени тестови: 35.600
Број на изготвени нови наставни програми за средно стручно образование и постсредно образование: 500

## 16003 НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 86.490 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Годишната програма за работа на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност за 2009 година се заснова на надлежностите и обврските кои произлегуваат од Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност ("Службен весник на Република Македонија" бр.113/07) и тоа децентрализирано менаџирање и имплементација на Програмата за доживотно учење (Одлука бр.1720/2006 Совет на Европа) и програмата Млади во акција (Одлука бр.1719/2006 Совет на Европа) како

специфична структура за координирано менаџирање на имплементацијата на Програмата за доживотно учење и Програмата млади во акција на национално ниво (Национална агенција).

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност согласно Годишната програма за работа во текот на 2009 година, односно во периодот од јануари – август 2009 година реализираше активности за јакнење на институционалните, инфраструктурните и човечките капацитети и промоција на европските образовни програми на Националната агенција во Република Македонија; спроведување на обуки за крајни корисници во рамките на акциите на Програмата за доживотно учење и Програмата млади во акција; обуки на наставен кадар од основните и средните училишта за користење на грантови и аплицирање во рамките на потпрограмата Комениус; обуки и работилници за наставниот кадар од основните и средните училишта за користење на ИКТ алатки во рамките на потпрограмата е-Твининг; обуки на младите за користење на грантовите на програмата Млади во акција како и обуки за вработените на Националната агенција и нејзините соработници; спроведување на пилот проекти во рамките на Програмата за доживотно учење и програмата Млади во акција како и спроведување на проекти во областа на културата, истражувањето и технолошкиот развој.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во текот на наредната година активностите на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ќе бидат насочени кон спроведување на обуки за 1800 крајни корисници во рамките на акциите на Програмата за доживотно учење и Програмата Млади во акција како и спроведување на проекти во областа на науката, истражувањето и технолошкиот развој. Истовремено ќе се врши техничка и професионална имплементација на размена на студенти (кои се корисници на грантови), како и универзитетски професори врз основа на национални билатерални регионални или други видови на програми за мобилност и грантови кои се доделени за образовни активности. Националната агенција ќе спроведува активности на национално ниво и техничка координација на програмите коишто се однесуваат на доделените грантови на државјани на Република Македонија во други земји; спроведување на активности за воспоставување и одржување на националната и меѓународната понуда за мобилност и проектна соработка.

Се очекува дека имплементираните проекти ќе ја зголемат свеста и информираноста за ЕУ и ќе овозможат граѓаните, компаниите и националната администрација на земјите кандидати да се приклучат во соработката и мрежите на размени во разни области опфатени со програмите на заедницата, а со тоа да можат да извлечат поуки од искуствата на други партнери. Доколку соседните земји учествуваат во истата програма, искуства можат да се разменуваат и може да се поддржуваат иницијативи за здружени проекти.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 16
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.275

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на лица кои ќе ги поминат обуките за користење на фондовите на ЕК од програмите Доживотно учење и Млади во акција: 1.800

## 16101 АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 606.656 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за млади и спорт врши следење на спортските и спортско-рекреативните активности, развој на масовниот и врвниот спорт, води грижа за статусот на младите, ги помага различните облици на организирање на младите, врши работи што се однесуваат на грижата за психофизичкиот развој на младите и нивна заштита од болести на зависности, проституција, криминал и други социопатолошки појави. Со Стратешкиот план, Националната стратегија за млади и Акциониот план утврдени се приоритетите на Агенцијата за млади и спорт во доменот на реализација на капитални инвестиции во спортска инфраструктура во периодот 2009-2012 година.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година е имплементирана Националната стратегија за млади преку донесениот Акционен План-2009. Во рамките на своите надлежности, Агенцијата партиципираше во финансирањето на меѓународните програми на националните спортски федерации, ги поддржуваше програмите на националните спортски федерации за нивно учество на меѓународниот систем на натпревари, како и настапите на наши спортисти, репрезентации и клубови на регионални првенства (балкански и натпревари на земјите од Југоисточна Европа), Европски и Светски првенства, купови, отворени првенства и друг вид на меѓународни натпревари. Исто така, партиципираше во финансирањето на меѓународните традиционални спортски програми и манифестации и учеството и организацијата на Европски и Светски првенства на националните спортски федерации и клубови кои оствариле право за учество на меѓународни натпревари.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Приоритетите на Агенцијата за млади и спорт за 2010 година се зголемување на бројот на деца, млади и граѓани опфатени со националниот систем на натпревари, надградба на децентрализацијата во спортот, остварување на врвни спортски резултати на поединци, екипи и репрезентации на националните спортски федерации. Продолжува поддршката на Проектот за финансирање на 500 талентирани спортисти кои се стекнале со категорија-спортска надеж, како на врвни спортисти кои се стекнале со Спортско Национално Признание, исполнување на превземените обврски од Акциониот план за имплементација на Националната стратегија за Млади, реализација на Програмата за капитални инвестиции во спортска инфраструктура согласно Програмата и динамиката на изградба утврдена од страна на Владата на Република Македонија.

### ИДИКАТОРИ:

Број на вработени: 34
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 931

### АУТПУТ ИНДИКАТОРИ:

Опфат на граѓани со активности во дејноста спорт: 7%
Број на спортски учесници во меѓународниот систем на натпревари: 1.000

## 17001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 840.720 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за информатичко општество функционира како посебен ентитет кој ги спроведува проектите од областа на градењето на информатичко општество, притоа креирајќи услови за искористување на придобивките кои произлегуваат од информациско - комуникациските технологии. Во функција на развојот на информатичкото општество, министерството континуирано работи на конкретни исполнувања на целите за зајакнување на информатичкото општество во државниот и граѓанскиот сектор.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година, се спроведени активности за континуирано и непречено имплементирање на проектите за развој на информатичкото општество во Република Македонија, евидентирање и остварување на техничка и технолошка меѓународна соработка, координирање на имплементацијата на прифатените проекти за развој на информатичкото општество во Република Македонија. Во склоп на документ менаџмент системот набавено е софтверско решение со кое ќе се обезбеди полесна достапност на сите документи процесирани во Владините институции, изготвен е Законот за електронско управување што преставува појдовна точка за развој на проектот за интероперабилност, односно меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци во државните органи и институции. Понатаму, беше реализирано непречено функционирање на постоечките интернет клубови, изготвен е портал за лица со инвалидност со цел креирање на централно место од каде овие лица ќе можат да ги добиваат сите информации и услуги на државните институции, како и дополнителна компјутеризација на основните и средните училишта во Република Македонија.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Министерството за информатичко општество се ефективното планирање и спроведување на развојот на електро-комуникациска мрежа за поврзување на сите јавни институции, следење, иницирање и воведување на меѓународни стандарди во органите на државната управа на полето на информатиката и телекомуникациите, безбедносни аспекти и развојот на инфраструктурата, креирање и водење на евиденција на расположивиот хардвер, софтвер, телекомуникациона опрема и друга информатичка опрема и лиценци во рамки на државната управа. Реализација на проектот за електронско зачувување и раководење со документи во државната управа, со кој ќе се обезбеди полесна достапност до сите документи процесирани во секоја Владина институција, преку креирање на компактна електронска база, изготвување на единствена безбедна меѓу - институционална размена на податоци од различни бази на податоци, притоа елиминирајќи го појавувањето на дупли бази во институциите. Јакнење на институционалните капацитети на Република Македонија, притоа градејќи услови за континуиран развој на информатичкото општество и приближување на ИКТ кон сите граѓани на Република Македонија преку реализација на проектите 15 нови интернет клубови и 680 безжични интернет киосци.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 11

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 5.959

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на процеси имплементирани со Документ Менаџмент системот: 250

## 18001 МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 985.566 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за култура ги извршува активностите за следење, анализирање и предлагање на акти и мерки за развој и унапредување на културата; организација, финансирање, развој на мрежа на националните установи и финансирање на програми и проекти од национален интерес во областа на литературата и издавачката дејност; филмската и драмската дејност; музичката, музичко-сценската дејност и дејности на домовите на културата; визуелната и ликовната уметност; архитектурата и галериската дејност; библиотечната дејност; музејската и кинотечната дејност; недвижното културно наследство; заштитата на авторското и сродните права; споменичкото одбележување на настани и истакнати личности од национален интерес; надзорот во културата и други работи утврдени со закон.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Министерството за култура во текот на 2009 година во делот на нормативната сфера ги изработи нацрт Законот за остварување на културата и Законот за прогласување на културното наследство од особено значење.

Исто така интензивирани беа активностите за реализација на капиталните проекти: изградба на Стар Театар, се продолжи со изградбата на Музеј на вода во Охрид, изградба на Универзитет на Св.Климент кај Плаошник, Реставрација на куќата на Албанската азбука. Истовремено се продолжи со археолошките истражувања на локалитетите Скупи, Стоби, Исар, Марвинци, Хераклеја, Тетовското Кале, Виничкото Кале и Скопската тврдина Кале, како и се реализираше проектот за илуминација на Камениот мост во Скопје.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Активностите на Министерството за култура во 2010 година ќе бидат главно насочени кон реализација на утврдените среднорочни приоритети како стратешки цели за 2010 година: балансирана поддршка на културното наследство и на современото творештво; подобрување на менаџментот во културата; меѓународна соработка/соработка со соседите; афирмирање на културата на заедниците; соработка со невладините организации, како и дополнување со нова законска регулатива и реализирање на капиталните проекти: изградба на Стар Театар, доизградба на Музеј над вода во Охрид, истражување, конзервација, ревитализација и презентација на археолошките локалитети: Скопска Тврдина Кале, Зрзе, Скупи, Стоби, Тетовско Кале, Виничко Кале, цареви Кули, Хераклеа, Марвинци, Стибера, Таор, Исар, Баргала, Вардарски Рид, Еврејски гробишта, Куќата на Албанската азбука согласно планираната динамика.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 171
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 703

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на тендери за капитални инвестиции: 9
Број на истражувања во областа на музејската дејност: 70

## 18010 ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.678.793 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Финансирањето на дејности од областа на културата ги поддржува програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организации од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтезивно реализирање на капиталните проекти на Министерството за култура во овој раздел.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Министерството за култура ја реализира Програмата за дејностите од областа на културата од областа на издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организации од областа на културата.

Исто така во текот на 2009 година реализирани се започнатите капитални проекти и тоа: поставувањето на 35 скулптури во централно градско подрачје и доградбата на НУ Универзитетска библиотека "Св.Климент Охридски" Скопје, продолжи изградбата на Театарот во Велес, реставрацијата на куќата на Мајка Тереза, продолжи изградбата на Музејот на ВМРО и Музејот на жртви на комунизмот. Во 2009 година интензивирана беше изградбата на Турски театар во Скопје, доградбата и реконструкцијата на Универзална сала во Скопје, а започна и изградбата на Концертна сала за Македонската филхармонија и изградбата на Спомен куќата на Тодор Проески во Крушево. Во овој период се избраа идејните решенија за изградба на новиот објект на Македонскиот народен театар и Драмскиот театар во Скопје.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во текот на 2010 година се планира реализација на Програмата за дејностите од областа на културата во сите области на културното делување, како и целосна реализација на капиталните инвестиции во културата согласно утврдената временска динамика.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 1.978
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 485

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на публикации: 350
Број на корисници на библиотечен материјал (членови и читатели): 100.000
Број на планирани филмови: (долгометражни, краткометражен, анимирани и документарни): 22
Број на музички проекти: 266
Број на театарски премиери: 78
Број на самостојни изложби и други самостојни проекти: 235
Број на културно уметнички манифестации: 25
Број на музејски поставки и изложби: 53
Број на меѓународни проекти: 10

## 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 3.063.593 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за здравство ги врши работите од областа на здравството и здравствената заштита на населението, како надлежна институција за регулирање на односите во секторот здравство, ги утврдуваа стратегиите на развој и предлага закони и подзаконски акти, со цел обезбедување на високо квалитетна здравствена заштита на населението на најисплатлив начин.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Министерството за здравство, како надлежна институција за спроведување на здравствената политика и здравствените реформи, во изминатиот период своите активности ги реализираше во рамките на планираните реформи и обезбедените средства за реализација на здравствени програми. Активностите воглавно се остваруваа во рамките на органите во состав: Дирекцијата за храна, Бирото за лекови, Санитарниот инспекторат и Дирекцијата за радијациона сигурност. Се склучија договорите за набавка на 70 книги од реномирани странски автори од областа на медицината, набавка на нова медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во Република Македонија, електронската здравствена картичка, Проектот- инвестирање во амбуланти во руралните средини и започна Проектот-изградба на Дијагностички центар при Клиничката болница во Тетово.

### ОСТВАРУВАЊА И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Основни приоритетни цели во 2010 година се: натамошно подобрување на здравствената состојба на населението преку подобрена достапност на здравствените услуги за населението, зголемување на покривањето со вакцини на населението, со посебен акцент на ХПВ вакцината како задолжителна, подобрување на примарните и јавните здравствени услуги со посебен акцент на подобрувањето на здравствените услуги во руралните и оддалечените места, како и довршување на изградбата на амбуланти во руралните средини, целосно здравствено осигурување на населението, довршување на изградбата на Дијагностичкиот центар при Клиничка болница во Тетово, отпочнување на изградбата на ПЕТ центарот, континуирана набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РМ, реализација на проектот за имплементација на здравствената картичка, како и обезбедување на ефикасни здравствени услуги на пациентите преку интегрираниот здравствен информатички систем.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 279
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.622

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на тендери: 40
Број на контроли: 8.200
Број на регистрирани лекови: 750
Број на записници и решенија: 16.000
Број на лица опфатени со прегледи во рамките на програмите за превентивна здравствена заштита: 415.000
Број на лица опфатени со прегледи во рамките на програмите за куративна здравствена заштита: 113.000
Број на радиоактивни громобрани: 170

## 19101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 500.193 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за локална самоуправа е буџетска институција која ги врши работите што се однесуваат на: реформа на локалната самоуправа; следење на развојот и предлагање мерки за унапредување на локалната самоуправа; следење на состојбата за територијалната поделба и развивање стандарди за големината, населението и потребите на единиците на локалната самоуправа; предлагање на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување порамномерен развој и за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја; надзор од негова надлежност, унапредување на институциите на локалната самоуправа и врши други работи утврдени со закон.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Министерството за локална самоуправа ги реализираше следниве активности: координирање и спроведување на процесот на децентрализација; подготвена е стратегијата за регионален развој на Република Македонија; воспоставени и функционални се осумте центри за развој на планските региони; потпишан е Меморандум за соработка меѓу Министерството за локална самоуправа на Република Македонија и партнерското Министерство за локална самоуправа и регионална политика на Република Словенија; донесен е Закон за меѓуопштинска соработка. Во рамките на програмата за прекугранична соработка Република Македонија–Република Албанија објавен е повик за прибирање на проектни предлози; интензивирани се активностите за започнување на Програмата за прекугранична соработка Република Македонија - Република Грција и извршено е континуирано спроведување на надзор на правните акти на единиците на локалната самоуправа.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Приоритети и цели на Министерството за локална самоуправа за 2010 година се: координирање и спроведување на процесот на децентрализација; имплементација на политиката за рамномерен регионален развој на Република Македонија; поддржување на активностите и институционалниот развој на центрите за развој на планските региони; како и спроведување на Програмата за прекугранична соработка.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 33
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.010

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на обуки на државни службеници: 25
Број на извршен увид на прописите на општините: 16.000
Број на спроведени развојни проекти во планските региони: 8
Број на одржани седници на работната група за децентрализација:10

## 19201 АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 21.475 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за иселеништво ги врши работите што се однесуваат на положбата и правата на иселениците од Македонија; помагање на културниот развој и унапредување на врските со нив и нивните здруженија; запознавање на иселениците со состојбите во Република Македонија; создавање услови за реинтеграција на иселениците и нивно вклучување во јавниот и економски живот во Република Македонија и контакти во земјата со припадници на македонската дијаспора преку системска мрежа со единиците на централната власт, како и локалните власти и посебно заедницата на единицата на локалната самоуправа; давање стручно-техничка помош на иселениците во процесот на инвестирање во стопанските капацитети на Република Македонија и посебно на планот на извоз на македонски производи во странство.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година со цел интензивирање на процесот на инвестиционите вложувања во Република Македонија, Агенцијата за иселеништво ги реализира следните активности: подготовка на Бизнис форумот на иселеници бизнисмени од Македонија, изработка на Адресар на македонското стопанство, реализација на проектот Летна школа за македонски јазик, изработка на интернет страница “ Култура “ наменета за информирање на иселениците за културните настани во Република Македонија, печатење на книги на наши иселеници од САД, Канада, Германија и Австралија.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во 2010 година работењето на Агенцијата за иселеништво ќе биде насочено кон реализирање на следните цели: одржување на втор по ред Бизнис форум, изработка на материјали за поттикнување на изучување на македонскиот јазик на децата на иселениците, одржување на трета по ред Летна школа на македонски јазик, промовирање на достигнувањата на иселеници од Македонија во областа на културата, одржување на иселенички средби и фолклорен фестивал во Македонија, со цел зближување на иселениците и запознавање со изворниот македонски фолклор.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 21
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.023

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на македонски иселеници кои ќе учествуваат во реализирањето на програмските активности: 800

## 19302 КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 12.245 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е формирана на 26 април 2006 година, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Комисијата ги спроведува решенијата вградени во законот, кои се во функција на зголемување на транспарентноста, ефикасноста и ефективноста во

работењето на администрацијата, како јавен сервис за граѓаните со легитимитет, како и зајакнување на довербата на јавноста во државната власт, но и кај сите институции што вршат јавни овластувања.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во изминатата година реализира активности кои се однесуваат на целосна имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, соработка со имателите на информации од јавен карактер, издавање на публикација наменета за промоција на слободниот пристап до информациите од јавен карактер, едукација на имателите и на барателите на информации од јавен карактер и јакнењето на потребата од постоење на непречена циркулација на информации од јавен карактер во сите сегменти на живеење.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во 2010 година како главни приоритети на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер ќе бидат обезбедување на јавност и отвореност во работењето на имателите на информации, обезбедување помош на физичките и правните лица да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, донесување на решенија по жалби на баратели на информации од јавен карактер, по одбивањето или недавањето на информации од јавен карактер од првостепените органи, реализирање на медиумска кампања за запознавање на целокупната јавност за новото човеково право што го нуди Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 17
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 720

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на пријавени жалби: 600

## 20001 КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 9.754 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи ги врши работите кои се однесуваат на правната положба на верските заедници и религиозни групи и работи, поврзани меѓу државата, верските заедници и религиозни групи.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година организирана е Втората светска конференција за меѓуцивилизациски и меѓурелигиски дијалог, Сакрална конференција, семинар за религија и медиуми, промовиран е верскиот туризам преку изработка на материјали за промоција на верската разноликост на РМ. Реализиран е проектот „Воз на религиите“ со кој претставниците на црквите и верските заедници одржуваа трибини во повеќе градови во РМ, организирани се концерти на духовна музика; фестивал на духовна музика „На молитва во Македонија“, како и албум за Ранохристијанска Македонија.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Учество на манифестации од интерес на државата: „Македонија во чест на Св.Кирил“ во Рим, Италија; „Македонија во чест на Св.Методиј“ во Елванген, Германија; „Сесловенските просветители“ во Москва, Руска Федерација; присуство на Црковно-народен собор на Македонската православна црква во САД и Канада; проекти за меѓурелигиска соработка во Македонија; анализа за остварување на слободата и вероисповедта; контакти со министерства за религија, дирекции, управи, комисии, бироа и други органи на странски земји надлежни за односите со верски заедници, активности поврзани со одржување и афирмирање на културните, верските и историските традиции; организирање работилници, семинари, тркалезни маси и изложби поврзани со верските традиции, потпишување Меморандум за соработка меѓу органите надлежни за црквите и верските заедници.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 10

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 785

**АУТПУТ ИНДИКАТОР*:***

Број на издадени одобренија за привремен престој на странски верски лица*:* 170

## 21001 АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 787.500 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за катастар на недвижности се основа за вршење на работите на востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижностите, управувањето со геодетско-катастарскиот информационен систем, како и воспоставувањето, одржувањето и јавниот пристап до Националната инфраструктура на просторните податоци. Агенцијата за катастар на недвижности има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утвдени со Законот за катастар на недвижности и за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година АКН востанови 100% КН на цела територија на РМ; воспоставен е-катастар во Центар за КН Скопје; востановен ГНСС систем на цела територија на РМ; дигитализирани се 35% од територијата на РМ; изработени се 170 ДТК (дигитални топографски карти) од вкупно 205 ДТК.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Дигитализација на архивски оригинали на катастарските планови за 72,5% од територијата на РМ; е-катастар со roll out на цела територија на РМ; воведување на електронско плаќање на услугите; воведување на електронска архива; одредување на параметри за трансформација на координатен систем (национален во ГПС) за 50% од територијата на РМ; изработка на 15 ДТК или вкупно 185 од 205 ДТК.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 865

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 618

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Востановен катастар на недвижности на територијата на Република Македонија:100%

## 22001 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 174.436 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за статистика ги врши работите што се однесуваат на: прибирање, обработка, анализа, објавување на статистички податоци за голем број појави од демографскиот, социјалниот и економскиот живот на земјата, презентира и дава статистички податоци и ја утврдува нивната точност, на овластените носители за спроведување на статистички истражувања дава мислења за методолошките основи, подготвува статистички прогнози, трендови и модели и други аналитички податоци и индикатори. Државниот завод за статистика е надлежен и за воспоставување и водење на бази на податоци и статистички регистри во земјата, пропишување на статистички методологии, воспоставување на меѓународна соработка во доменот на статистиката, континуитет во обезбедувањето на статистички информации со подобрен квалитет и врши други стручни работи утврдени со закон.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година институцијата ги постигна следниве резултати: тековно спроведување на статистичките истражувања утврдени со петгодишната програма за статистички истражувања за периодот 2008-2012 година; спроведен е пробниот Попис на население, домаќинства и станови во Република Македонија; завршена е обработката на податоците од спроведениот попис на трговски капацитети и пописот на капацитетите во угостителството спроведен во 2008 година; извршена е хармонизација на Националната номенклатура на индустриски производи (NNIP 2008) и Класификацијата на производи по дејност (KPD 2008) со Европската номенклатура.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Приоритети и цели на Државниот завод за статистика за 2010 година се: спроведување на статистичките истражувања во земјата во согласност со Програмата за статистички истражувања за периодот 2008-2012 година; подготовка на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија; продолжување на процесот на хармонизирање на македонската статистика со статистиките на Европската Унија; донесување на националните статистички стандарди хармонизирани со ЕУ стандардите од областа на статистиката.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 268
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 583

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на донесени правни прописи на статистичка легислатива: 5
Број на реализирани статистички истражувања: 50
Број на обезбедени податоци за население, домаќинства и станови: 1
Број на ажурирања на избирачкиот список: 12

## 24001 ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 107.184 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот архив на Република Македонија ги врши работите кои се однесуваат на примање архивска граѓа и водење евиденција за неа, средување и обработка на архивска граѓа, чување и заштита на архивска граѓа (конзервација и реставрација), истражување и комплетирање на архивските фондови и збирки и научно-истражувачка работа од областа на архивистиката, објавување архивска граѓа и ново организирани предавања, изложби и други погодни облици на културно просветна и научна дејност.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година во рамките на Државниот архив на Република Македонија се објавени следните изданија: „Политичките судски процеси во Скопје за време на бугарската окупација на Македонија (1941-1944)“ и „Македонското прашање во османлискиот парламент (1909)“, додека во подготовка за печатење се следните изданија: „Австриски документи за Македонија (1920-1938)“, „Методија Шаторов– Шарло, Документи и материјали“, „Димитар Мирчев, Спомени“ и IV том од Чехословачки дипломатски документи за Македонија. На полето на меѓународната соработка потпишан е Договор за соработка со Државниот архив на Црна Гора и во фаза на потпишување е нов Договор за соработка со Националниот архив на Романија. Промовирани се трите тома на Чехословачки дипломатски документи за Македонија во рамките на манифестацијата „Македонска култура во Чешка“ во Прага. Зголемен е инспекцискиот надзор кај имателите на архивска граѓа, посебно во органите на државна власт и управата, органите на локалната самоуправа, јавните претпријатија и служби, судовите, образованието и културата. Во континуитет се врши конзервација и реставрација на архивската граѓа, средување и обработка на приоритетни фондови.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Стручна помош во одбирањето на архивска граѓа, изработка на архивски знаци и листа на категории, како и евидентирање на архивската граѓа и нејзино превземање и уништување на документарниот материјал со изминат рок на чување, рационализација на просторот во депоата, конечна локација на фондовите по гранки на дејности, микрофилмување на архивската граѓа од прва категорија и конзервација и реставрација на оштетената архивска граѓа, средување и обработка на архивската граѓа од следните фондовски целини: архивска граѓа истражена во Република Македонија и странските архиви која се однесува на историјата на Македонија, фондови на македонски организации и друштва, црковно-верски фондови и организации во Македонија, техничка документација, фондовски истражувања во Турција, Србија и Црна Гора, Унгарија, Полска, Италија, Хрватска, евидентирање на фондовите во странските архиви, активности од билатерален и мултилатерален план, потпишување на договори за соработка со повеќе архивски институции, издавачка дејност.

### ИНДИКАТОРИ:

Број на вработени: 227
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 462

### АУТПУТ ИНДИКАТОР:

Број на објавени тендери во текот на годината: 2
Број на направени посети за инспекциски и стручен надзор кај имателите: 4.900

## 25001 БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 25.135 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за судски вештачења е орган во состав на Министерството за правда и е надлежно за извршување на активности поврзани со вештачење од областа на материјално-финансиското работење, сообраќајно-техничката и електро-машинската струка, градежништво и архитектура, агроекономија, технологија и вршење на супер вештачење и експертизи.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година постигнато е зголемување на ефикасноста во работењето со експедитивно завршување на тековните предмети, особено на предметите кои се префрлаат како залиха од претходната година; завршување на вештачењата во истражна постапка; унапредување на соработката со судовите на сите нивоа.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Основните приоритети и цели на институцијата за 2010 година се изготвување на вештачења во кривично правната област, особено во истражните дејствија каде што се бара стручност и временска ефикасност.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 25
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 981

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на примени предмети за вештачење: 1.400

## 26001 МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 161.820 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Македонската академија на науките и уметностите е научно истражувачка организација која во својата основна дејност работи на повеќе научно-истражувачки проекти, има обемна издавачка дејност, организира научни собири, уметнички изложби, учествува на меѓународни научни собири и соработува со повеќе Академии од странство.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Активностите на Македонската академија на науките и уметностите во 2009 година се насочени кон реализација на 76 научно-истражувачки и уметнички проекти, од кои 59 се тековни проекти кои ќе се реализираат во текот на наредните години додека останатите 17 претставуваат нови проекти. Завршени се 29 научно-истражувачки и уметнички проекти на кои се работело и истражувало во претходните години. Во рамките на издавачката дејност објавени се следните изданија: двотомното издание на Македонската енциклопедија; пет монографии; Споменица од прославата на 40 годишнината од основањето на Македонската академија на науките и уметностите; Летописот за 2008 година; објавени се 5 билтени за шеснаесеттото изборно собрание на МАНУ; 4 броеви од периодичното списание „Прилози“ и еден број од меѓународното списание Balkan Journal of Medical Genetics.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Работа на научно-истражувачки проекти, повеќе од 60 проекти, издавачка дејност, учество и организација на научни собири, организирање на изложби и други активности во функција на Академијата.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 58

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.016

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на научно-истражувачки проекти: 80

## 28001 БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 246.795 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за регионален развој е орган во состав на Министерството за локална самоуправа со својство на правно лице. Своите активности ги извршува согласно Законот за рамномерен регионален развој. Со своите активности ги спроведува мерките за развојот на стопански недоволно развиените подрачја.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година ги реализираше обврските определени со Законот за рамномерен регионален равој; исплаќани се обврски за придонеси за пензиско и здравствено осигурување за лица согласно член 71 од Законот како и обврски за одобрени регреси на дел од камати по користени кредити согласно член 72.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Активностите на Бирото за регионален развој се насочени кон имплементација на регионалниот развој, односно користење на средствата утврдени со Буџетот на Република Македонија за 2010 година како и практична реализација на проектите.

Во текот на 2010 година ќе продолжи и реализацијата на капиталниот проект за еколошка заштита по долината на реката Радика со изградба на канализациони мрежи, водоводи, депонии за отпад и сл.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 11

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.807

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на одобрени инфраструктурни објекти за изградба: 50

## 29010 СУДСКА ВЛАСТ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.775.594 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Со судскиот буџет се финансира судската власт во Република Македонија. Судовите се самостојни и независни државни органи. Судовите судат и своите одлуки ги засноваат врз основа на Уставот, законите и другите меѓународни договори, ратификувани во согласност со Уставот и ја

обезбедуваат примената на правото и заштитата на човековите права и слободи. Судскиот буџетски совет ги има следниве надлежности: ги утврдува критериумите и методологијата за изготвување на судски буџет, врши распределба на средствата од судскиот буџет на своите единки корисници-судовите, со исклучок на капиталните расходи кои се планираат на ниво на Судска власт со донесување на Годишна Програма за инвестирање во судовите и врши други работи предвидени со закон.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година постигнати се следните резултати: намалување на бројот на стари предмети, воведување на интернет страници за судовите, завршување со обука на 2-та генерација на кандидати за судии и јавни обвинители и нивни заменици, избор на 15 судии од редот на првата генерација на кандидати од Академијата, спроведено е за првпат оценување на судиите согласно со Правилникот за оценка на судиите, обезбеден е интернет пристап и антивирусна заштита во судовите, формирање на 4 комисии во рамките на Судскиот буџетски совет.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Во текот на 2010 година Судската власт планира активности во насока на реализација на следните приоритети: намалување на бројот на стари предмети, намалување на временскиот рок на решавање на предметите, целосна примена на АККМИС системот, зајакнување на капацитетите на судската администрација, имплементација на најавените законски измени од Министерството за правда согласно со стратегијата за реформи во судството, подобрување на постојните инфраструктурни капацитети во судството, подобрување на информатичката инфраструктура во судството, подобрување на јавното мислење и довербата за судската власт, зголемување на транспарентноста од работата на судската власт, започнување со обука на 3-тата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители и нивни заменици, зголемен број на часови за континуирана обука на кандидатите.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 2.907
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 588

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на судски предмети: 1.725.000

## 31010 ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 297.181 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични и други со закон утврдени казниви дела и врши други работи определени со закон. Јавното обвинителство е организирано врз основа на принципите на хиерархија и субординација и функциите ги врши законито, непристрасно и објективно, ги почитува човековите права и основни слободи и се грижи кривично правниот систем да функционира ефикасно и навремено.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година се спроведени постапки за избор на јавни обвинители во Основните, Вишите и Јавното Обвинителство на Република

Македонија; делумно решавање на проблемот со опремување на СЈО на Република Македонија и останатите обвинителства; делумно решавање на проблемот со кадровската екипираност.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Јавното обвинителство во 2010 година ги продолжува активностите во правец на реализација на обврските од стратегијата за реформи на правосудниот систем и имплементација на уставните амандмани, од што произлегува и потребата од надминувањето на постојната недоволна кадровска екипираност и подобрувањето на просторните и материјалните услови во кои Јавното обвинителство работи, па своите активности ќе ги насочи и кон унапредувањето на условите на работа и решавањето на постојниот проблем со адекватно просторно сместување на одредени Виши и Основни јавни обвинителства, како и изнаоѓање на трајно решение на просторно сместување на Советот на Јавните обвинители. Согласно Законот за Советот на јавни обвинители на Република Македонија (,,Службен весник на Р.М“ бр.150/07), во текот на 2010 година ќе се спроведе постапка за избор на јавни обвинители во Основните, Вишите и Јавното обвинителство на Република Македонија од страна на Советот на јавните обвинители. Во текот на 2010 година планирани се обуки на јавните обвинители преку Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

**ИНДИКАТОРИ:**

Број на вработени: 396

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 396

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**

Број на иницирани постапки врз основа на поднесени пријави: 46.802

## 31101 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 65.521 илјади денари**

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Народниот правобранител е орган на Република Македонија чии функции се: заштита на уставните и законските права на граѓаните во случај кога тие права се повредени со акти, дејствија и пропуштање на дејствија од органите на државната управа и од други органи и организации што имааат јавни овластувања; превземање мерки и дејствија за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година е извршена изменета на Законот за Народен правобранител во согласност со Законот за ратификација на Факултативниот Протокол кон Конвенцијата против тортура според кој Народен правобранител е назначен за национален превентивен механизам во земјата. Исто така, значително е зголемен бројот на претставки, а особено бројот на позитивно решените, што говори за зголемениот степен на доверба на граѓаните во институцијата на Народен Правобранител.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Имајки ја предвид уставно поставената улога на Народниот правобранител, како контролен механизам над органите на државната управа,

органите на единиците на локалната самоуправа и другите органи и организации кои вршат јавни овластувања, како приоритети во стратешкиот план на Институцијата се утврдени: интензивирање на активностите на Народниот правобранител во спроведувањето на уставната и законската надлежност за заштита на правата на граѓаните; превземање на контролирани активности по непосреден контакт со граѓаните како и основен предуслов за остварување на загарантираните слободи и права; унапредување на функционирањето на институцијата Народен правобранител особено во областите на заштита од тортура и обезбедување на начелото на недискриминација и правичната и соодветна застапеност на припадниците на заедниците, како и за заштита на децата и на лицата со посебни потреби.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 69
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 909

**АУТПУТ ИНДИКАТОР*:***
Број на преставки во текот на една година*:* 3.500

## 66001 АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 6.532.969 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за државни патишта е основана за вршење на работи кои се однесуваат на управувањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на државните патишта во Република Македонија.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Во изминатите месеци од 2009 година активностите на Агенцијата за државни патишта беа насочени кон финансирање на градежните работи на одделни делници од патната мрежа за кои беа обезбедени средства и се склучија договори со изведувачи. Беа финализирани изведувачките работи на Обиколница Скопје (прва фаза) и истата беше пуштена во употреба, додека градежни работи се изведуваат на Табановце-Куманово, М-6 Штип – Струмица (делница Сулдурци-Радичево), Р-106 Градско-Фариш-Ленски мост-Прилеп, Р-112 Коњско-Кожуф, М-5 Обиколница Охрид (улица Железничка), К1-Р-104 Коломот-мост с. Близанско и Куклиш-Банско.

Исто така се реализираат и реконструктивни зафати на 11 регионални патни правци во рамки на Проектот за подобрување на регионалната и локалната патна мрежа во Република Македонија, финансиран од Светска Банка и тоа на следните делници: Илинден-Калуѓерец, Ржаничино-с.Сушица-Св.Николе, Лакавица-Неготино, Давидово-Раброво, Страцин (спој М-2) – Пробиштип, Струга-Дебар, Макази-граница со Р.Грција, Прилеп-Македонски Брод, Прилеп-Кривогаштани, Превалец (спој М-5)- Смојмирово и Струмица-Дојран.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

Приоритети на Агенцијата во 2010 година ќе биде продолжување на започнатите градежни работи на одделни делници, како што се: Табановце-Куманово, М-6 Штип – Струмица (делница Сулдурци-Радичево), Градско-Прилеп, Р-112 Коњско-Кожуф, М-5 Обиколница Охрид (улица Железничка), К1-Р-104 Коломот-мост с. Близанско, како и започнување со градба на нови делници:Тетово-Јажинце, Кичево (Извор)-Дебар, Св.Николе-Пробиштип, Дебар-Бошков Мост-гр.со Албанија, Катланово-Велес (реконструкција). Ќе продолжи

реализација на проектот за рехабилитација на локални и регионални патишта поддржан од Светска банка и ЕБРД. Во рамките на своите надлежности Агенцијата ќе финансира подготвување на потребните проекти за отпочнување со градба на приоритетните делници, ќе врши експропријација на земјиште, ќе финансира одржување на патиштата и др.

**ИНДИКАТОРИ:**
Број на вработени: 52
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.068

**АУТПУТ ИНДИКАТОР:**
Број на склучени договори (за набавка, изградба, реконструкција, одржување, надзор, подготвување на проекти и др.): 100
Број на изградени километри: 45
Број на километри на кој ќе се изврши рехабилитација: 360

## 66002 ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 19.315.310 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Фондот ги спроведува прописите и политиката на развојот и унапредувањето на здравственото осигурување и здравствената заштита. Во негова надлежност е планирањето и прибирањето на средства од задолжителното здравствено осигурување и обезбедување на остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица; ги плаќа здравствените услуги и надоместоците на плати на осигурените лица, ги утврдува цените на здравствените услуги за кои министерот за здравство дава согласност; ги утврдува референтните цени на лековите и медицински помагала; договара обезбедување на здравствени услуги; развива сопствен информативен систем; спроведува меѓународни договори; врши увид и контрола на обезбедени здравствени услуги; одлучува за правата од задолжителното здравствено осигурување во прв степен и други работи во врска со правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2009 ГОДИНА

Фондот во 2009 година го продолжи реформскиот пат за имплементација на веќе започнатите реформи во системот на здравственото осигурување и здравствената заштита. Во тие рамки во изминатиот период од 2009 година Фондот изврши доуредување на законската регулатива за вршење здравствени услуги во областа на биомедицински потпомогнато оплодување, имплементација на системот за финансирање на специјалистичко-консултативните здравствени услуги врз основа на планиран и реализиран вид и обем на здравствени услуги и остварени резултати од работењето, имплементација на системот на ДСГ за евиденција и плаќање на болнички здравствени услуги, зајакнување на процесот на преговарање и договарање за здравствени услуги, зајакнување на финансиската ех анте и ех пост контрола и др.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2010 ГОДИНА

**Раздел 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Потпрограма 6В ИЗГРАДБА НА БРАНА НА ОРИЗАРСКА РЕКА

Опис и цели Во рамките на оваа развојна потпрограма се опфатени активности за изградба на брана за акумулирање на вода на Оризарска река. Во наредните три години се планира изградба на брана на Оризарска река за водоснабдување на населението во регионите на Кочани и Виница, систем за наводнување на околу 1.500 ха и изградба на две хидро централи за производство на електрична енергија.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | | | **17.000** | **60.000** | **75.000** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 5.000 | 5.000 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 17.000 | 55.000 | 70.000 |
| **Заеми** | | | **0** | **634.000** | **534.876** |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 634.000 | 534.876 |
| **Вкупно** | | | **17.000** | **694.000** | **609.876** |

**Раздел 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Потпрограма 6Г ПРОГРАМА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ЈУЖНА ДОЛИНА НА ВАРДАР

Опис и цели Општата цел на оваа потпрограма е подобрување на условите за живеење на земјоделската популација на Јужна Вардарска долина преку оддржлива употреба и менаџмент на природни ресурси. Специфична цел на програмата е одржливо зголемување на земјоделското производство во селектираните системи за наводнување во програмската област. Се планира рехабилитација/модернизација и проширување на постоечки и нови системи за наводнување во следниве 7 системи: Миравци 423 ха, Негорци/ Прдејци 456 ха, Гевгелија 39 3ха, Грчиште 250 ха, Паљурци 750 ха, Кованци 750 ха и Валандово 1500 ха-приближно 3900 ха.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | | | **38.300** | **94.010** | **47.049** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 1.300 | 4.510 | 4.640 |
| 630 | 45 | КАМАТНИ ПЛАЌАЊА | 4.000 | 3.500 | 3.500 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 33.000 | 86.000 | 38.909 |
| **Заеми** | | | **122.620** | **88.463** | **81.465** |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 122.620 | 88.463 | 81.465 |
| **Вкупно** | | | **160.920** | **182.473** | **128.514** |

Потпрограма ББ РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СЕЛА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма опфатени се активности за изградба и реконструкција на системи за водоснабдување на селата и изградба на системи за наводнување. Користењето на средствата од програмата се одвива по пат на поднесување на барања за одобрување на средства од страна на единиците на локалната самоуправа за изградба на системи за водоснабдување и поднесување на барања од страна на водните заедници за користење на средства за изградба и реконструкција на системи за наводнување.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **0** | **7.000** | **7.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 7.000 | 7.000 |
| **Вкупно** | **0** | **7.000** | **7.000** |

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се планирани средства за техничка и материјална поддршка на Ветеринарната управа со цел спроведување на законодавството на ЕУ и обврските од Претпристапното Пратнерство, со посебен осврт на контрола на здравствената заштита на животните, управување и организирање на нештетното отстранување на отпадот од животинско потекло и надградба на системот за идентификација и регистрација на животните со вклучување на систем за идентификација и регистрација на животните од видот свињи.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **4.000** | **35.165** | **17.985** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 14.760 | 8.840 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 4.000 | 20.405 | 9.145 |
| **Вкупно** | **4.000** | **35.165** | **17.985** |

**Раздел 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Потпрограма МД РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Опис и цели Програмата предвидува поддршка на спроведувањето, следење и проценка на ИПАРД Програмата 2007-2013 преку активности за изведување на анализи и студии за реализација на мерките од ИПАРД Програмата особено за рурален туризам, воведување на ЛЕАДЕР; анализи и студии за воведување на нови мерки за финансирање од ИПАРД средствата особено наменети за анализа на потребите од обука на отенцијалните корисници на ИПАРД, воспоставување на систем на тековно следење и проценка на финансиската и административна реализација на мерките; поддршка за работата на Комитетот за следење на ИПАРД и организирање на информативни кампањи за комуникација и публицитет.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Основен буџет** | **800** | **1.230** | **1.230** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 800 | 1.230 | 1.230 |
| **Донации** | **9.225** | **4.920** | **4.920** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 9.225 | 4.920 | 4.920 |
| **Вкупно** | **10.025** | **6.150** | **6.150** |

## Раздел 14004 АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

### Потпрограма 2А ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Опис и цели Програмата за рурален развој за 2010 година има за цел поддршка на инвестициите во земјоделството и руралните средини во Република Македонија. Преку неа ќе се финансираат проекти од областа на земјоделството по принципот 50% грант и 50% учество на корисникот на финансиска поддршка. Проектите ќе бидат насочени кон инвестиции во набавка и модернизација на земјоделска механизација, опрема и инсталации, подигнување и реконструкција на објекти, како и развој на руралниот туризам.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **617.000** | **650.000** | **690.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 617.000 | 650.000 | 690.000 |
| **Вкупно** | **617.000** | **650.000** | **690.000** |

### Потпрограма МД РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се планирани средства за инвестиции во земјоделски стопанства со цел подобрување на квалитетот на производството како и профитабилноста на земјоделството по пат на користење на технолошко подобрување на производствениот процес; инвестирање во преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи, со цел подобрување на условите за преработка и маркетинг на земјоделските производи и исполнување на условите на ЕУ (хигиена, безбедност на храна, квалитет, околина, благосостојба на животните и др.); диверзификација и развој на руралните економски активности преку основање на микро-претпријатија и реконструкција на зградите наменети за рурален туризам на фарма и надвор од фарма, како и техничка помош во имплементацијата и мониторинг на програмата

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **15.000** | **100.000** | **100.000** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 100.000 | 100.000 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 15.000 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **15.000** | **100.000** | **100.000** |

## Раздел 15001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

### Потпрограма 3А ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА

Опис и цели Оваа потпрограма ги опфаќа капиталните инвестиции во објектите за детска заштита (детски градинки и одмаралишта). Потпрограмата за тековната и наредните години опфаќа реконструкција и реновирање на постојните детски градинки согласно програмата за инвестирање во постојните објекти на детските градинки, опремување на новата градинка во Новоселски пат, промена на опрема во кујните согласно ХАСАП стандардите, како и промена на дотрајаната опрема во постојните детски градинки согласно програмата и приоритетите на министерството.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **88.000** | **90.000** | **100.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 88.000 | 90.000 | 100.000 |
| **Вкупно** | **88.000** | **90.000** | **100.000** |

### Потпрограма 4А ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Опис и цели Оваа потпрограма ги опфаќа капиталните инвестиции во објектите за вонинституционална социјална заштита (центри за социјална работа и дневни центри) и објектите за институционална социјална заштита (установи за згрижување на социјално загрозени категории граѓани). Потпрограмата за тековната и наредните години опфаќа реконструкција, реновирање изведба на градежно-занатски работи и опремување на постоечките објекти од социјална заштита. Во овие рамки опфатена е набавка на информатичка опрема и опремување на кујните согласно ХАСАП стандардите.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **60.000** | **65.000** | **70.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 60.000 | 65.000 | 70.000 |
| **Вкупно** | **60.000** | **65.000** | **70.000** |

**Раздел 15001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Потпрограма БА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО

Опис и цели Основна цел на оваа потпрограма е зголемувањето на вработеноста како врвен приоритет на Владата на РМ и најдобар начин за справување со сиромаштијата и социјалната исклученост. Со активните мерки за вработување се дава можност на невработените лица активно да дејствуваат на пазарот на трудот, да стекнат неопходно работно искуство и да обезбедат вработување и егзистенција. Оваа програма ги опфаќа трансферите од Централниот буџет до Агенцијата за вработување со кои ќе се финансираат активните мерки за вработување согласно со Оперативниот план кој се однесува на поддршка на семејните бизниси, вработување на самохрани родители, хендикепирани лица и деца без родители, формализирање на постојните бизниси, ангажирање на невработени лица во јавните работи во единиците на локалната самоуправа, обуки и сл. Согласно законската регулатива обезбедено е субвенционирање на придонесот за здравствено осигурување за вработување на млади лица до 27 годишна возраст и невработени лица на кои работниот однос им престанал по основ на стечај во претпријатијата со доминантна сопственост на државата, заради олеснување на нивното повторно вработување и подобрување на нивната социо-економска состојба.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Основен буџет** | **200.000** | **230.000** | **260.000** |
| 630 43 ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИТЕ ФОНДОВИ | 200.000 | 230.000 | 260.000 |
| **Вкупно** | **200.000** | **230.000** | **260.000** |

**Раздел 15001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Министерството за труд и социјална политика е носител на Програмата за вработување и социјална солидарност која е отворена за организации кои се активни во борба против дискриминација, кои промовираат полова еднаквост и интегрирање на инвалидни лица во општеството. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Основен буџет** | | | **2.952** | **5.719** | **9.225** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 2.952 | 5.719 | 9.225 |
| **Донации** | | | **6.888** | **12.730** | **9.225** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 6.888 | 12.730 | 9.225 |
| **Вкупно** | | | **9.840** | **18.449** | **18.450** |

**Раздел 16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Министерството за образование и наука е носител на две Програми на заедницата: Седма рамковна програма за истражување (Seventh Framework Programme for Research – FP7) која е главен инстумент за финансирање на истражувањето и развојот и Европа за граѓаните (Europe for Citizens) чија цел е потикнување на соработката на граѓаните и нивните организации од различни земји преку давање на помош на граѓански организации, поддршка на јавните настани, студии и информативни инструменти. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ за овие две Програми на заедницата.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | | | **27.675** | **42.066** | **58.671** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 27.675 | 42.066 | 58.671 |
| **Донации** | | | **31.488** | **35.485** | **38.806** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 31.488 | 35.485 | 38.806 |
| **Вкупно** | | | **59.163** | **77.551** | **97.477** |

Потпрограма ТА ИЗГРАДБА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на инфраструктурата на основните училишта во Република Македонија преку изградба на нови, притоа имајќи ги предвид реформите во дејноста на основното образование, целосна имплементација на деветолетката како и исполнување на соодветни услови за непречено реализирање на наставата.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Основен буџет** | **204.000** | **300.000** | **300.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 204.000 | 300.000 | 300.000 |
| **Вкупно** | **204.000** | **300.000** | **300.000** |

Потпрограма ТБ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма опфатени се активности за реконструкција на постојната мрежа на основните училишта во Република Македонија со цел подобрување на условите за изведување на наставата, создавање на еднакви можности за следење на наставата на сите ученици од основното образование.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Основен буџет** | **40.000** | **100.000** | **100.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 40.000 | 100.000 | 100.000 |
| **Вкупно** | **40.000** | **100.000** | **100.000** |

Потпрограма ТВ ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ САЛИ ВО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е изградба на училишни спортски сали во основните училишта согласно Програмата на Владата на Република Македонија и создавање на услови за реализирање на предметот спорт и спортски активности во насока на посветување на поголемо внимание на здравјето на идните млади генерации.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **44.040** | **155.500** | **155.500** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 5.500 | 5.500 | 5.500 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 38.540 | 150.000 | 150.000 |
| **Вкупно** | **44.040** | **155.500** | **155.500** |

Потпрограма ТГ ИЗГРАДБА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на инфраструктурата на средните училишта во Република Македонија преку изградба на нови, притоа имајќи ги предвид реформите во дејноста на средното образование во насока на исполнување на соодветни услови за непречено реализирање на наставата како и имплементација на задолжителното средно образование преку создавање на еднакви можности за следење на наставата за сите ученици во оваа дејност.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **81.000** | **150.000** | **150.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 81.000 | 150.000 | 150.000 |
| **Вкупно** | **81.000** | **150.000** | **150.000** |

**Раздел 16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Потпрограма ТД РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е реконструкција на постојната мрежа на средните училишта во Република Македонија со цел подобрување на условите за изведување на наставата и задолжителното средно образование.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **40.000** | **100.000** | **100.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 40.000 | 100.000 | 100.000 |
| **Вкупно** | **40.000** | **100.000** | **100.000** |

Потпрограма ТЕ ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ САЛИ ВО СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Опис и цели Основната цел на развојната потпрограма е изградба на училишни спортски сали во средните училишта согласно Програмата на Владата на Република Македонија, создавање на услови за реализирање на предметот спорт и спортски активности во насока на посветување на поголемо внимание на здравјето на идните млади генерации.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **65.660** | **169.846** | **169.846** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 2.150 | 2.150 | 2.150 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 63.510 | 167.696 | 167.696 |
| **Заеми** | **165.537** | **294.288** | **0** |
| 786 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 3.700 | 3.700 | 0 |
| 786 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 161.837 | 290.588 | 0 |
| **Вкупно** | **231.197** | **464.134** | **169.846** |

Потпрограма ТИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на инфраструктурата на ученичките домови во Република Македонија преку реконструкција и санација на дел од објектите, санитарните јазли и просториите за исхрана, со цел подобрување на сместувачките капацитети во ученичките домови

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **5.000** | **6.000** | **6.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 5.000 | 6.000 | 6.000 |
| **Вкупно** | **5.000** | **6.000** | **6.000** |

Потпрограма TJ ИЗГРАДБА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на инфраструктурата на студентските домови и подобрување на студентскиот стандард во Република Македонија.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **1.000** | **25.000** | **25.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 1.000 | 25.000 | 25.000 |
| **Вкупно** | **1.000** | **25.000** | **25.000** |

**Раздел 16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Потпрограма ТК РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на инфраструктурата на студентските домови, подобрување на условите за сместувањето на студентите во домовите и обезбедување на поголема достапност на високото образование до сите граѓани во Република Македонија.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **20.000** | **20.000** | **20.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 20.000 | 20.000 | 20.000 |
| **Вкупно** | **20.000** | **20.000** | **20.000** |

**Раздел 16003 НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во оваа потпрограма се опфатени активности за обука за крајните корисници на програмите за Доживотно учење и Млади во акција кои имаат регионален опфат на целата територија на Република Македонија. Во овие обуки ќе бидат опфатени над 1800 апликанти (училишта, универзитети, општини, јавни институции, НВО и индивидуалци). Средствата се наменети и за ангажирање на странски обучувачи за наведените програми, избрани по предлог на Европската Комисија.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **3.540** | **0** | **0** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 3.340 | 0 | 0 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 200 | 0 | 0 |
| **Донации** | **62.000** | **0** | **0** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 18.142 | 0 | 0 |
| 785 46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 42.935 | 0 | 0 |
| 785 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 923 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **65.540** | **0** | **0** |

**Раздел 16101 АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**

Потпрограма 2А СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ

Опис и цели Со Програмата на Владата на Република Македонија за период од 2008-2012 година планирано е да се реализираат капитални инвестиции во спортската инфраструктура и тоа меѓуостанатите и за следните проекти: 35 спортски сали, 50 фудбалски игралишта, олимписки базени,100 тениски игралишта, спортско стрелиште и вештачка карпа. Во износот на планираните средства за реализација на капиталните инвестиции вкалкулирани се и придружните трошоци на инвестициите (исплата за изготвување на целокупна проектна документација, ревизии на истата, геомеханички испитувања, надзорен орган, консултантски услуги, објави и сл).

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Основен буџет** | **471.000** | **730.000** | **875.500** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 471.000 | 730.000 | 875.500 |
| **Вкупно** | **471.000** | **730.000** | **875.500** |

**Раздел 17001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО**

Потпрограма НА РАЗВОЈ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИКТ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма е предвидено спроведување на низа проекти во функција на развојот на ИКТ во Република Македонија, со што би се обезбедило забрзување на циркулацијата на информациите меѓу органите на управата, креирање и водење на централна база на податоци за водење на секторите за информатика на државната управа, со што ќе се обезбеди цврста ИТ основа за сите хоризонтални програми со директна или индиректна поддршка на реализацијата на приоритетите на Владата на Република Македонија, притоа овозможувајќи масовно продирање на ИКТ до сите граѓани.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Основен буџет** | | | **797.918** | **530.000** | **522.000** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 55.918 | 65.000 | 77.000 |
| 630 | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 2.000 | 5.000 | 5.000 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 740.000 | 460.000 | 440.000 |
| **Донации** | | | **1.367** | **0** | **0** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 1.367 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | | **799.285** | **530.000** | **522.000** |

**Раздел 18001 МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Министерството за култура е носител на две Програми - Култура и Медиа кои имаат за цел развој на културната соработка во Европа преку промовирање на транснационалната мобилност на сите кои работат во секторот култура, охрабрување на транснационалната распространетост на уметнички дела и културни производи, поттикнување на интеркултурен дијалог, зголемување на европскиот аудивизуелен сектор и зголемување на проток на аудиовизуелни производи во рамки и надвор од ЕУ. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | | | **2.521** | **1.328** | **1.697** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 2.521 | 1.328 | 1.697 |
| **Донации** | | | **1.181** | **2.361** | **1.992** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 1.181 | 2.361 | 1.992 |
| **Вкупно** | | | **3.702** | **3.689** | **3.689** |

**Раздел 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Потпрограма 1А РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ОБЈЕКТИТЕ НА ЈЗУ ВО РМ

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е подобрување на здравствената заштита на граѓаните на Република Македонија преку обезбедување на подобри услови за дијагностика и престој, дневни болници и краткотраен престој. Ефектот кој се очекува од реконструкцијата и доградбата на објектите на ЈЗУ во Република Македонија е подобрениот здравствен статус на населението, подобрена состојба на здравствените објекти и услови за давање на квалитетна здравствена заштита на пациентите. Со проектот се планира да бидат опфатени вкупно четириесет и една јавна здравствена установа. Проектот е во фаза на изработка на проектна документација и изработка на конечна физибилити студија.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | | | **44.000** | **49.000** | **50.000** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 4.000 | 4.000 | 4.000 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 40.000 | 45.000 | 46.000 |
| **Заеми** | | | **153.000** | **489.000** | **661.000** |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 153.000 | 489.000 | 661.000 |
| **Вкупно** | | | **197.000** | **538.000** | **711.000** |

Потпрограма 1Б МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈЗУ ВО РМ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активности за набавка на неопходната медицинска опрема со која ќе се овозможи подобрување на здравствените услуги за граѓаните на Република Македонија, преку обезбедување на подобри услови за дијагностика и престој, дневни болници и краткотраен престој на лицата кои имаат потреба од здравствена заштита. Медицинска опрема ќе се набавува за Јавните здравствени установи во Република Македонија, Општа градска болница и Универзитетска клиника за очни болести и офталмолошки одделенија и служби во ЈЗУ во РМ.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | | | **700.000** | **750.000** | **750.000** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 700.000 | 750.000 | 750.000 |
| **Вкупно** | | | **700.000** | **750.000** | **750.000** |

Потпрограма 1В ИЗГРАДБА НА АМБУЛАНТИ ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е подобрување на условите за пружање на здравствена заштита на населението во руралните подрачја, подобрување на здравјето на населението и намалувањето на трошоците за пристап до здравствените услуги. Изградбата на руралните амбуланти ќе придонесе за намалување на морбидитетот на населението, подобрување на квалитетот на живеењето и запирање на процесот на миграција село-град.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **51.950** | **0** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 51.950 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **51.950** | **0** | **0** |

Потпрограма 1Г ИНТЕГРИРАН ЗДРАВСТВЕН ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е обезбедување ефикасни здравствени услуги на пациентите, обезбедување на податоци за други здравствени сегменти, намалување на трошоци (време и ресурси), обезбедување на информации за експертски, научни, административни и финансиски цели во здравството. Со ИЗИС-от треба да се создаде доверлива и функционална здравствена информатичка средина во која на сите групи учесници им е овозможен и обезбеден информиран избор да го промовираат, заштитат, подобрат и одржат здравјето на индивидуата и популацијата.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **60.000** | **60.000** | **60.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 60.000 | 60.000 | 60.000 |
| **Вкупно** | **60.000** | **60.000** | **60.000** |

**Раздел 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Потпрограма 1Д ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНА КАРТИЧКА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активностите околу реализацијата на Проектот здравствена картичка кој има за цел подобрување на квалитетот на медицинската нега, особено безбедност на лековите, подобрување на усугите на пациентите, засилување на смислата на пациентите за индивидуална одговорност и волја за соработка и превземање иницијатива, поефикасно трошење и транспарентност на услугите во здравствениот систем, оптимизација на оперативниот процес и снабдување со тековни статистички здравствени информации.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **70.000** | **130.000** | **130.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 70.000 | 130.000 | 130.000 |
| **Вкупно** | **70.000** | **130.000** | **130.000** |

Потпрограма 1Е ИЗГРАДБА НА ДИЈАГНОСТИЧКИ ЦЕНТАР ПРИ КЛИНИЧКАТА БОЛНИЦА ВО ТЕТОВО

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е подобрување на здравствената заштита на граѓаните преку изградба на дијагностички центар при Клиничката болница во Тетово. Ефектот кој се очекува од изградбата на дијагностичкиот центар е подобрен здравствен статус на населението и подобри услови за давање на квалитетна здравствена заштита на пациентите.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | **110.000** | **0** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 110.000 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **110.000** | **0** | **0** |

**Раздел 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Потпрограма 1J ИЗГРАДБА НА ПЕТ ЦЕНТАР

Опис и цели Центарот за позитронска емисиона томографија ќе придонесе за развој и ефикасност на дијагностичките процедури во земјата, со што ќе се подобри квалитетот на медицинската грижа на пациентите, а истовремено ќе се овозможи Република Македонија да стане важен дијагностички центар за ПЕТ студии во регионот.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Основен буџет** | **30.000** | **60.000** | **60.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 30.000 | 60.000 | 60.000 |
| **Вкупно** | **30.000** | **60.000** | **60.000** |

**Раздел 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Потпрограма ИА РЕФОРМА НА ЗДРАВСТВОТО

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма ќе се изврши набавка на хардверска опрема за потребите на Интегрираниот здравствен систем, наменета за сите јавни здравствени установи, Фондот за здравствено осигурување и Министерството за здравство. Во изминатиот период завршено е шематско мапирање на 99 Јавни здравствени установи и спроведено е истражување за постоечките апликативни софтвери што се користат во ЈЗУ. Овие инвестиции и планираните обуки претставуваат поддршка за проширување на опфатот на реформите и политиките за приспособување на управувањето со јавниот сектор. Активностите во овој проект се реализираат преку следниве компоненти: креирање на политики и нивна имплементација, зајакнување на управувањето на ФЗО, подобрување на доставувањето на здравствените услуги и проектен менаџмент, следење и евалуација.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Основен буџет** | | | **5.045** | **9.000** | **0** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 2.045 | 3.000 | 0 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 3.000 | 6.000 | 0 |
| **Заеми** | | | **119.000** | **47.000** | **0** |
| 786 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 46.930 | 10.000 | 0 |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 72.070 | 37.000 | 0 |
| **Вкупно** | | | **124.045** | **56.000** | **0** |

## Раздел 19101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активностите за реализација на Проектот - Локална инфраструктура за социјална и економска кохезија чија основна цел е стимулирање на социјалната и економската кохезија преку развој, имплементација и техничка поддршка во имплементацијата на инфраструктурните проекти во општините.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | | | **29.352** | **42.794** | **22.404** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 29.352 | 42.794 | 22.404 |
| **Вкупно** | | | **29.352** | **42.794** | **22.404** |

Потпрограма МБ ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА

Опис и цели Втората компонента од ИПА има за цел да ја зајакне соработката помеѓу пограничните региони на Република Македонија со сите соседни земји со цел обезбедување и развој на добрососедските односи, зајакнување на стабилноста, безбедноста и просперитетот во заедничките односи на сите земји и поттикнување на нивниот рамномерен развој. Координацијата на активностите околу реализацијата на средствата од втората компонента на ИПА е обврска пренесена на Министерството за локална самоуправа. За таа цел подготвени се програми за прекугранична соработка со трите соседни држави: Република Бугарија, Република Албанија и Република Грција како и Транснационална програма за земјите од Југоисточна Европа.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | | | **35.545** | **39.452** | **30.738** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 1.908 | 738 | 738 |
| 630 | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 33.637 | 38.714 | 30.000 |
| **Донации** | | | **259.174** | **38.341** | **38.341** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 34.300 | 738 | 738 |
| 785 | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 224.264 | 37.603 | 37.603 |
| 785 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 610 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | | **294.719** | **77.793** | **69.079** |

**Раздел 19101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Потпрограма ОА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Опис и цели Целта на оваа потпрогама е промовирање на рамномерниот регионален развој во државата преку намалување на диспаритетите во степенот на развиениост помеѓу планските региони. Од вкупно планираните средства за рамномерен регионален развој 70% ќе бидат алоцирани за реализација на проекти за развој на планските региони, 20% за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и 10% за развој на селата. Во согласност со Акцискиот план за спроведување на стратегијата (2010-2012), ќе бидат поддржани проекти чија цел е развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони и поттикнување на економскиот раст во планските региони.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Основен буџет** | **132.800** | **203.500** | **254.000** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 2.800 | 3.500 | 4.000 |
| 630 46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 130.000 | 200.000 | 250.000 |
| **Вкупно** | **132.800** | **203.500** | **254.000** |

**Раздел 21001 АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Потпрограма 2А ГЕОДЕТСКО КАТАСТАРСКИ ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ

Опис и цели Реализацијата на оваа развојна потпрограма ќе придонесе за добивање на современ електронски систем за регистрација на недвижностите во РМ и добивање на ажурна графичка дигитална катастарска подлога која ќе коренспондира со алфанумеричката база на податоци, развој и имплементација на електронски систем за регистрација на недвижностите во рамките на Центарот за катастар на недвижности-Скопје. Проширувањето на капацитетот на системот и датабазата и нејзино прилагодување ќе овозможи имплеменатација на системот за е-катастар низ сите подрачни одделенија за КН низ РМ. Исто така се планира скенирање и дигитализација на архивски катастарски планови и скенирање на работни оригинали на катастарски планови. Со ова ќе се овозможи поефикасно решавање на предметите од корисниците и скратување на роковите за добивање на услугите од катастарот.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | | | **9.650** | **30.000** | **30.000** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 5.000 | 0 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 9.650 | 25.000 | 30.000 |
| **Самофинансирачки активности** | | | **60.000** | **67.000** | **71.000** |
| 787 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 10.000 | 17.000 | 21.000 |
| 787 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 50.000 | 50.000 | 50.000 |
| **Вкупно** | | | **69.650** | **97.000** | **101.000** |

**Раздел 22001 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активностите за реализација на Проектот- Формализација на системот за статистика со ЕУ. Преку овој проект ќе се поддржи развојот на целосен систем на производство на квалитетни статистики, вклучувајќи воспоставување на унифициран систем на складирање на податоците и политика на метаподатоци, развојот на стандарди и насоки за производство и дисеминација на статистики и пристап до микро податоците, натамошниот развој на макроекономските и деловните статистики, како и подобрување на дел од социјалните статистики (здравство, образование и криминалитет).

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Основен буџет** | **4.305** | **0** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 4.305 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **4.305** | **0** | **0** |

**Раздел 28001 БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

Потпрограма 2А ПРОЕКТ ЗА ЕКОЛОШКА ЗАШТИТА ПО ДОЛИНАТА НА РЕКАТА РАДИКА

Опис и цели Во рамките на Проектот за еколошка заштита по долината на реката Радика кој се реализира преку донација на Владата на Република Италија, активностите се насочени кон подобрување на инфраструктурата во општините Маврови Анови - Ростуше и Центар. Во таа насока се планира изградба на канализациони системи, пречистителни станици, регионална депонија за тврд отпад и едукација на населението со цел подигање на свеста за зачувување на регионот.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | | | **1.000** | **0** | **0** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 1.000 | 0 | 0 |
| **Донации** | | | **106.417** | **91.950** | **0** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 19.900 | 22.500 | 0 |
| 785 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 86.517 | 69.450 | 0 |
| **Вкупно** | | | **107.417** | **91.950** | **0** |

Потпрограма ОА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Опис и цели Целта на оваа потпрогама е промовирање на рамномерниот регионален развој во државата преку намалување на диспаритетите во степенот на развиениост помеѓу планските региони. Од вкупно планираните средства за рамномерен регионален развој 70% ќе бидат алоцирани за реализација на проекти за развој на планските региони, 20% за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и 10% за развој на селата. Во согласност со Акцискиот план за спроведување на стратегијата (2010-2012), ќе бидат поддржани проекти чија цел е развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони и поттикнување на економскиот раст во планските региони.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Основен буџет** | | | **116.000** | **150.000** | **200.000** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 100.000 | 150.000 | 200.000 |
| 631 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 16.000 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | | **116.000** | **150.000** | **200.000** |

## Раздел 66001 АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Потпрограма 2А ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТИШТА

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е подобрувањето на патната мрежа во Република Македонија преку изградба на нови патни правци и рехабилитација на постојните патишта, а во функција на побрз економски развој, подобро регионално поврзување и повисок животен стандард. Оваа потпрограма опфаќа одржување и рехабилитација на патни делници од регионалната и локалната патна мрежа и продолжување, односно започнување на изградба на нови делници (Штип-Струмица, Тетово-Јажинце, Коњско- Кожуф, обиколница Охрид, Коломот-с. Близанско, Кичево (Извор)-Дебар, Св.Николе-Пробиштип, Дебар-Бошков Мост, Катланово-Велес, Градско-Прилеп, клучки за поврзување со ТИРЗ и др.)

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Фондови** | **4.334.090** | **4.512.104** | **6.131.196** |
| 660 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 4.334.090 | 4.512.104 | 6.131.196 |
| **Вкупно** | **4.334.090** | **4.512.104** | **6.131.196** |

## Раздел 66003 АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Потпрограма БА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е преку активните мерки за вработување со кои ќе бидат опфатени одредени категории невработени лица да се овозможи нивно вклучување и задржување на пазарот на трудот. Во согласност со Оперативниот план опфатени се мерки кои се однесуваат на поддршка на семејните бизниси, вработување на самохрани родители, хендикепирани лица и деца без родители, формализирање на постојните бизниси, ангажирање на невработени лица во јавните работи во единиците на локалната самоуправа, обуки и сл.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 |
| **Фондови** | **277.700** | **300.000** | **340.000** |
| 660 47 СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ | 277.700 | 300.000 | 340.000 |
| **Вкупно** | **277.700** | **300.000** | **340.000** |

## IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 12

Буџетот на Република Македонија за 2010 година влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.